**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Триесет и третата седница на Собранието на**
**Република Македонија**
**одржана на 27 декември 1999 година**

Седницата се одржа во сала I на Собранието на Република Македонија, со почеток во 12,25 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Саво Климовски, претседател на Собранието.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дами и господа пратеници, ја отворам триесет и третата седница на Собранието на Република Македонија.

Ве молам да притиснете на едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Вклучете го гласањето, Ве молам. (По гласањето).

Присуствуваат 103 пратеници.

Според тоа, констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Дозволете ми од мое име и од Ваше име да ги поздравам:

Претседателот на Република Македонија, г-дин Борис Трајковски, претседателот и членовите на Владата на РМ, мандаторот и предложените кандидати за состав на Владата на РМ; претседателот на Уставниот суд на Република Македонија, претседателот на Врховниот суд на РМ, претседателот на Републичкиот судски совет, јавниот обвинител на РМ, Народниот правобранител; началникот на Генерал штабот на Армијата на РМ, гувернерот на Народната банка на РМ, претседателот на Македонската академија на науките и уметностите, Ректорот на Универзитетот "Свети Кирил и Методиј" во Скопје; поглаварот на Македонската православна црква Архиепископот Охридски и Македонски Г-дин Г-дин Стефан; Бискупот на Скопско - призренската бискупија д-р Јоаким Хербут; шефовите на странските дипломатско конзуларни мисии акредитирани во РМ и другите гости присутни на седницата.

За денешната седница го предлагам следниот дневен ред.

- Избор на Влада на Република Македонија.

Дали има некој предлог за изменување и дополнуваше на предложениот дневен ред? Нема.

Ве молам да гласаме во врска со дневниот ред. (По гласањето).

89 пратеници гласаа за, 2 воздржани и 10 против.

Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

Преминуваме на дневниот ред:

- Избор на Влада на Република Македонија.

Предлогот за составот на Владата Ви е доставен.

Експозе по повод изборот на Владата и за основните елементи на програмата на Владата ќе поднесе мандаторот, г-динот Љубчо Георгиевски.

Има збор г-динот Љубчо Георгиевски.

**ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани гости, почитувани пратеници, пред да поминам на експозето, дозволете ми да им оддадам една благодарност на сите оние министри, кои нема да учествуваат во натамошниот состав на Владата, од една многу разбирлива причина што сметам дека тоа беше Влада која живееше и работеше во едно многу тешко време. 1999 година ќе биде запаметена по четиримесечната Косовска криза, која се одвиваше на нашата северна граница и четири месеци во кои ние како Влада и држава одевме по работ на безбедноста и стабилноста на Македонија. Сметам дека придонесот на сите министри во таа Влада беше од исклучително големо значење и верувам дека и нивното учество во работењето ќе остане во историјата и анализите понатаму.

Што се однесува до Експозето за изборот на новата Влада, јас ќе се обидам накратко да ги објавам значајните црти и карактеристики по кои ќе работи оваа Влада.

Во поглед на надворешната политика останува Евроатланската ориентација на Владата на Република Македонија и досегашното стекнато пријателство на Македонија со Европската Унија и Соединетите американски држави и со НАТО – пактот, сметаме дека треба да биде крунисано во оваа година која доаѓа пред нас. И за тоа имаме повеќе од простор за оптимизам. Договорот за асоцијација, кој го најавивме при изборот на првата Влада пред една година, кој го ставивме како приоритет, отпочнувањето на тој разговор веќе е објавен и токму заради тоа во идната 2000-илјадита година практично ќе ги почнеме, а јас верувам дека ќе ги завршиме разговорите за асоцирање на Република Македонија со

Европската Унија.

Понатаму, НАТО - пактот и понатаму останува приоритет, за кој верувам со новата Акциона програма која е прифатена и со која треба да ги отпочнеме структурните реформи во Македонската Армија, ќе ја направат Македонија еден од главните фаворити за нов прием на членките во НАТО. Значи, пријателството со Европската Унија, Соединетите американски држави сметаме дека оваа година ќе биде крунисано.

Меѓутоа, и покрај овие приоритети Република Македонија и Владата на Република Македонија ќе направи максимални обиди оваа добра позиција која сега ја имаме и која е заслуга на 1999 година, да ја крунисаме со што повеќе контакти со земји кои се надвор од Европската унија и САД, како што се сите држави во Европа кои се во Асоцијативно членство или патуваат на патот за Европската унија, а исто така Руската Федерација, Украина, како и другите земји во близината на овој регион ќе бидат наши приоритетни цели.

Како што истакнав, Договорот за Асоцијација ќе биде една од главните задачи на новата Влада, затоа што преговорите практично почнуваат со првите работни денови од оваа година. Веруваме дека ќе направиме се Програмата ФАРЕ, според која сега работиме, да ја завршиме докрај, за да можеме успешно да бидеме подготвени за Договорот за асоцирање и верувам дека до крајот на оваа година тие преговори ќе завршат. Нормално, се зависи од Владата на Република Македонија и севкупната подготвеност на граѓаните на нашата држава да го прифатат овој разговор и овие преговори како приоритетна цел на надворешната политика.

Согласно со тоа, на надворешен план морам да го истакнам продолжувањето на регионалната соработка и политика како, исто така голем приоритет на Владата на Република Македонија, каде што сметам дека за една година успеавме на одреден начин да го измениме Балканот, признание, за што имаме широка потврда, меѓутоа, сметаме дека и во 2000-та година треба да продолжиме со таа политика. Четирите соседи, соседите околу нас се приоритет со кој мораме да сметаме, затоа што едноставно и Европската унија и НАТО -пактот многу децидно и цврсто велат: "Нема натамошни чекори на Македонија, доколку не ги решава проблемите со своите соседи". И секој кој сака да води одговорна политика на тоа поле мора да смета на тие основни предуслови, кои не само што ги бара од нас Европската унија, туку ние треба да бидеме свесни за нив.

Конечно, како голем приоритет на надворешната политика е и Пактот за стабилност. Покрај неговото доцнење и забавување, на што наидува на пошироки критики во повеќе земји во регионот, ние и понатаму сметаме дека најголемата надеж и на Македонија, меѓутоа и на целиот регион е во Пактот за стабилност. Веруваме дека најавените донаторски конференции и конечно, не смееме да заборавиме дека Македонија од јануари е претседавач на економската маса на Пактот за стабилност, треба да ги забрзаат сите подготовки и конечно верувам да ги видиме и првите проекти во регионот. Има еден момент кој не смееме да го заборавиме дека, првпат три земји од овој регион - Албанија, Македонија и Бугарија, стојат зад заеднички проекти и тоа мора да се гледа и од економски аспект, меѓутоа и од политички аспект.

Внатрешната политика: На внатрешен план Владата ќе направи се да го продолжи развојот на демократијата, граѓанските вредности, правната држава, човековите права и слободи и меѓуетничките односи.

Се уште пред мене се последните разговори со "Европската тројка" некаде пред два месеци во Хелсинки, во кои разговори од страна на "Европската тројка " не добивме ниту еден приговор, ниту една забелешка за внатрешните односи во нашата држава. За жал, настаните кои уследија по тоа за малку ја заматија таа слика и јас верувам дека на оваа Влада е задача, периодот кој доаѓа пред неа, и овие мали инциденти кои се случија во последните два месеци да бидат отстранети и конечно да покажеме дека она за што бевме оценети практично со една одлична оценка за првите осум месеци од нашето работење, ќе биде тренд на работата и во идната година, и во идниот милениум. Едноставно сметам дека, глобалната политика која беше водена во последната година не може да биде и нема да дозволиме да биде заматена со одредени инциденти, кои се случуваа во последно време, при што мораме јасно да потврдиме одговорноста за демократијата во една држава е и на власта, меѓутоа и на опозицијата.

Едно е јасно дека секој во свои рамки понатаму ќе сноси и меѓународни консеквенци и едноставно ќе дозволува или нема да дозволува да има вакви или онакви меѓународни оценки за нив. Владата е јасно определена за овие вредности, при што нема дискусија за едно прашање и ќе направиме се уште еднаш ќе повторам, било какви инцидентни случаи навистина во наредниот период да бидат заборавени.

Кога зборуваме за граѓанските вредности, посебно би ставил акцент на меѓуетничките односи, затоа што повторно ќе кажам дека Македонија во овие 10 години покажува една неверојатна зрелост во решавање на внатрешните меѓуетнички односи. Последниот испит беше можеби во

последната година имавме два такви испити, прво беше Косовската криза, во која услови на дестабилизација на регионот покажавме дека на внатрешен политички план максимално можеме да ја знаеме и да ги регулираме меѓуетничките односи и вториот момент беа последните претседателски избори, каде што за прв пат во Република Македонија добивме, граѓаните на Република Македонија од различно етничко потекло и со различни вери да гласаат за единствен кандидат, што претставува една вредност која е одбележана од целиот демократски свет, а верувам дека тежината на тие претседателски избори, со текот на времето, многу критичари во Македонија ќе ги сфатат во својата комплетна сериозност.

Во насока на тие меѓуетнички односи, Владата на Република Македонија и понатаму со самиот состав на Владата јасно искажува волја и подготвеност во која насока смета дека треба да се градат меѓуетничките односи, а верувам дека во периодот кој доаѓа пред нас ќе добиеме уште еден квалитет конечно со завршувањето и ставањето точка на проблемот, кој можеби повеќе од шест години е отворен, а тоа е високото образование на Албанците во Република Македонија.

И конечно, тука треба да ја истакнам безбедноста на граѓаните на РМ, при што би сакал да истакнам дека не очекуваат реформи на Армијата на Република Македонија, согласно со барањата на НАТО и последниот Акционен план. Продолжува и понатаму грижата за границите на Република Македонија и севкупната безбедност на нашата држава, при што не смееме да ја потцениме ниту во еден момент состојбата во целиот регион, а посебно би ставил акцент дека комплетно влошената економска состојба кај нашиот северен сосед, според многу анализи, може да доведе уште еден чин на една нова балканска трагедија. Не смееме да заборавиме дека ние сме повторно најблискиот сосед и едноставно треба будно да ги следиме сите настани. Јас верувам дека сепак вакви настани какви што беа во време на Косовската криза нема да се повторат на Балканот, меѓутоа, големото осиромашување на регионот и на одделни земји секогаш треба да не држи будни.

Во таа насока, кога зборуваме за безбедноста на граѓаните исто така, мора да се истакне и понатаму перманентната борба на оваа Влада против дрогата, како најголемото зло во поновата историја на Република Македонија, борбата против организираниот криминал и корупцијата.

Во поглед на економијата главен приоритет на Владата на РМ останува оние моменти кои ги истакнавме и при првото Експозе пред една година, при што не смееме да заборавиме дека 4 месеци ни беа земени со една тешка ситуација на Косово, каде што едноставно никаква економска политика не можеше да функционира, туку едноставно се беше сведено на преживување и безбедноста. Меѓутоа, во таа насока, повторно сакам да ги потенцирам тие главни цели.

Приоритет на економски план е намалување на невработеноста во Република Македонија, при што сакам да истакнам еден податок дека, за жал во РМ има повеќе институции кои даваат податоци за невработеноста. Тоа е: Заводот за вработување, Републичкиот завод за статистика, а јас во оваа прилика ќе искористам една друга цифра. Тоа е полугодишната пресметка од Заводот за платен промет, затоа што можеби и таму имаме најдобри податоци. Значи, во август оваа година во Република Македонија имало 410 илјади вработени, односно 410 илјади граѓани кои се пријавени и земаат плата. Значи, тоа е далеку од оние цифри кои ги затекнавме кога дојдовме на власт и далеку од оние цифри кои често се користат од страна на некои критичари, кои обично кажуваат за бројка од 315 илјади, меѓутоа, јас повторно ќе потенцирам дека, ако има некаде прецизен податок тоа е Заводот за платен промет, затоа што таму се пријавени сите граѓани кои земаат плата во оваа држава. Таа бројка е како што реков 410 илјади, а плус тоа можеме да ги додадеме сите оние непријавени, што зборува дека трендот на вработувањето во Република Македонија сепак е позитивен и сепак можеме да очекуваме и во идната година оваа приоритетна политика да биде уште со побрзо темпо.

Приоритет останува и намалувањето на странските долгови, при што сакам да истакнам еден многу интересен податок, дека во оваа тешка година РМ, не само што не го зголеми долгот спрема странство, туку 50 милиони долари е намален долгот кон странство на нашата држава, што значи помали обврски и на оваа Влада, меѓутоа, и на генерациите кои доаѓаат зад нас, што значи една одговорна политика, не да се задолжуваме за идните генерации , туку конечно да се соочиме со фактот дека ние сме тие кои треба да ги плаќаме долговите со кои претходните генерации не задолжувале.

Понатаму останува, исто така, обврската за намалување на долгот кон штедачите и тоа старото девизно штедење и долгот кон пирамидалните штедачи, односно штедачите кои имаа средства во пирамидалните штедилници, при што морам да истакнам многу јасно и децидно дека граѓаните кои имаат старо девизно штедење мора да имаат приоритет пред граѓаните, кои имаат пирамидални штедни влогови. Едноставно тоа е и морално, меѓутоа и законско право, а и според разговорите со ММФ и Светската банка исто тие

овозможуваат многу посериозен пристап кон старото девизно штедење, а една поспора политика кон новите штедачи, кои имаат долгови од времето на пропаѓањето на пирамидалните штедилници, при што сакам и да истакнам дека веќе во почетокот на идната година, ние пред Парламентот ќе излеземе со еден заокружен систем, односно во закон преточено како размислуваме, како да го решаваме старото девизно штедење на граѓаните на Македонија, кое јас верувам дека ќе ги задоволи нив, а повторно после нив доаѓа на втор план пирамидалното штедење.

Во поглед на економијата продолжува политиката на приватизирање на фирмите во Република Македонија, при што нормално во тоа приватизирање сакаме да го привлечеме и домашното и странското инвестирање во нашата држава, при што морам да истакнам дека нашата политика на либерални односи на привлекување на странскиот капитал, веќе даде сериозни плодови, а идната 2000-та година верувам дека можеме да очекуваме еден мал "бум" во поглед на привлекување на странските инвестиции, кои веќе се најавени, кои се во пред договори или договори, при што јасно уште еднаш мораме да потенцираме дека сите ние знаеме дека многу е добро целиот капитал што го имаме во Македонија да биде наш.

Меѓутоа, имавме многу лошо искуство во изминатите девет години кога буквално целиот тој капитал беше наш, затоа што Македонија беше најзатворената држава за странски инвестиции и резултатите многу добро ги знаеме. Токму заради тоа Македонија не може да бега од светските глобални текови, гледаме со кое темпо глобализацијата на светската економија се движи и сметаме дека ќе ја осудиме на пропаст македонската економија, ако ја затвориме за странски капитал. И не само што немаме намера да ја затвориме, туку имаме намера да направиме навистина максимално либерални услови за привлекување на тој странски капитал.

Реформите во банкарскиот систем, исто така се основа на економското заживување, при што сакам да истакнам дека пред една година затекнавме камати од 22%. Во овој момент каматите се веќе 15-16%, а целта на оваа Влада до крајот на идната година е да ги симнеме каматите под 10%. Јас едноставно гарантирам како премиер на Владата дека, до крајот на идната година ние во РМ ќе имаме камати под 10%, со што ќе бидеме можеби на прво место од сите земји на транзиција, каде проблемот односно цената на капиталот е еден постојан проблем во овие десет години. Ова според мене ќе биде година на реформи.

Не очекуваат реформи во даночниот систем, од април почнуваме со ВАТ системот, систем кој е применуван во сите европски држави, систем кој во нашата држава е долги години одлаган и верувам дека конечно од април ќе биде ставен во функција, при што морам да кажам согласно со политиката и со трендовите на собирање понуди на Буџетот, ако продолжат со истото темпо, според разговорите со ММФ веќе во април ќе можеме да настапиме и со скратување на долго најавуваните од страна на оваа Влада даноци на платите во РМ, каде што верувам дека ќе паднеме прв пат под прагот од 70%.

**ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:** (Продолжение)

Конечно, во оваа година не очекува реформа на пензискиот систем, при што сакам уште еднаш да ги убедам сите оние кои покажуваат страв од реформите на пензискиот систем, многу јасно треба да се подвлече дека, реформите не ги зафаќаат веќе пензионерите кои се во тек, туку станува збор за пензионери кои допрва влегуваат во фаза на вработување, односно се далеку од своето пензионирање, така што правиме нешто што своите резултати ќе ни ги даде многу години од своето донесување.

Исто така, реформите на здравствениот систем се на дневен ред во оваа година, при што повторно велам дека, граѓаните треба да бидат задоволни и верувам дека тоа ќе биде направено на општо задоволство на граѓаните, при што многу од постојните проблеми, кои се појавуваа во досегашната здравствена политика, конечно ќе бидат разрешени.

Што се однесува до макроекономската политика, јас само ќе ги потенцирам уште еднаш оние податоци кои веќе се договорени со ММФ и со Светската банка.

За оваа година порастот на бруто домашниот производ, односно ЏИДИПИ на Македонија треба да изнесува 6%. Видете, цифрата е оптимистичка, меѓутоа, во сите наши разговори досега со ММФ и оние кои имале можности да преговараат со ММФ, едно е јасно дека ММФ не дава оптимистичка цифра, затоа што нема цврсти аргументи. Никогаш тоа досега не и се случило на Македонија, овој пат во преговорите тие, навистина покажаа една либерална политика и ни дозволија да сметаме на политика на 6% пораст на ЏИДИПИ на Република Македонија.

Јас сум повеќе од сигурен дека со добро работење на Владата и со продолжување на овие позитивни трендови во економијата, во втората половина на оваа година, во идната година, ние ќе дојдеме до таа фамозна цифра од 6%, која на Република Македонија, навистина, ќе и обезбеди еден добар пат за иднината и реално почувствување на економските резултати, можам да кажам до широките слоеви на граѓаните на нашата држава.

Понатаму, исто со ММФ е договорен порастот на инвестициите од над 21% номинални, што е и уште еден податок и потврда дека ММФ ја гледа отвореноста на македонската економија кон странски инвестиции и е подготвена тоа да го внесе и како процент во преговорите со нив.

Конечно, предвидуваме за идната година пораст на извозот од 10% и увозот на 13% и инфлација од 4%. Конечно, сакам уште еднаш да истакнам дека пред нас овој месец јануари - февруари се наоѓа долго очекуваното потпишување на договорите со ММФ и со Светската банка, кои за жал беа одложувани во целата 1999 година и тоа не заради друго, туку заради политиката на 12-те фирми загубари, политика утврдена и договорена од претходната Влада, а која и падна во задача на оваа Влада да ја оствари. За жал, ние оваа политика не можевме да ја извршиме во текот на 1999 година. Сите други предуслови во разговорите со ММФ и со Светската банка, практично, се завршени, останува само политиката на 12-те загубари, односно она што досега многу пати е декларирано приватизирање или банкротирање на тие 12 загубари.

Ние имаме еден оптимизам дека, поголем дел од тие фирми, сепак не треба односно нема да бидат банкротирани, меѓутоа едно е јасно дека повеќе и подоцна од февруари тешко можеме да ги одложуваме потпишувањата со ММФ и со Светската банка од едноставна причина што сметаме дека тој луксуз Македонија не може понатаму да си го дозволува.

Конечно, само ќе потврдам дека според многу оценки оваа година бевме прогласени за лидери на реформите во Југоисточна Европа, а наша цел е и понатаму за 2000 година да бидеме лидери на реформите во Југоисточна Европа. Не само заради тоа што имаме такво наследство од претходната година, туку затоа што многу договорени работи и потврдени од меѓународните финансиски организации, зборуваат за тоа.

Конечно, сакам 2000 година да биде година на реформите и економскиот просперитет на Република Македонија, нормално, доколку не ни се случи повторно некој надворешен шок, како што беше оваа година со косовската криза.

Веруваме дека доаѓа времето на стабилизацијата на регионот и дека во таа стабилизација македонската економија, македонската Влада и македонските граѓани ќе ја искористат својата шанса. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Љубчо Георгиевски за поднесеното експозе, а ние би продолжиле со работа.

Ќе ве молам, дали некој бара збор?

Збор побара господинот пратеник Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине претседателе, согласно Уставот на Република Македонија при избор на Влада, Собранието се изјаснува за составот на Владата и за Програмата на мандаторот на Владата.

Нас веќе по трет пат ни се случува ние да добиеме состав на Влада, меѓутоа, програма не добиваме, туку слушаме експозе, кое претходно не ни е поделено, иако најнормално е да се користи инструментот на експозе кое се доставува до пратениците и чие ембарго за објавување се ограничува до моментот на изјаснувањето на мандаторот.

За да можеме да се изјасниме по овие два документи, програмата и составот, јас барам пауза од 45 минути, после добивањето на копија од програмата, за да можеме по неа исто така да расправаме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Се прифаќа предлогот за паузата.

Ќе ве молам да се умножи излагањето на премиерот и да се достави до пратениците.

Давам пауза. (Пауза од 12,50 часот).

(Седницата продолжи со работа во 15,30 часот).

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дами и господа пратеници, продолжуваме со работа.

Отворам претрес по експозето, односно излагањето на мандаторот за состав на нова Влада на Република Македонија.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави господинот пратеник Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани кандидати за министри, да кажам во оваа прилика, почитувани пратеници и гости.

Дозволете ми да го изложам ставот на пратеничката група на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија, во врска со предлогот за состав на Владата и програмата за работа на Владата во наредниот период.

По мое длабоко уверување самата Влада во својот состав и со својата програма изнесена од страна на господинот Георгиевски, овој пат за разлика од пред година дена, излезе со една сосема не амбициозна визија, со една потрошена политичка програма, веќе видено, во која нема никакви нови идеи, во која нема никаква програма. Се се сведува на некој вид на рутинско настапување на човек, кој рака на срце, за една година и не можеше да стекне рутина од водењето на Владата.

Мислам дека сето ова, всушност, почнува да навлегува во еден период на

фарсично предлагање на програма и кандидати за состав на Владата и особено на програма која наликува на еден осреден настап на политичар на предизборен митинг пред гласачите.

Во експозето и во програмата на Владата, всушност, од излагањето на господинот Георгиевски, не видовме или не слушнавме, ама буквално ниту еден одговор на многу отворени прашања и проблеми, кои во овие моменти ја оптоваруваат Република Македонија. Сите сме сведоци што всушност се случува во оваа последна година во Република Македонија. Што всушност се проблемите во Република Македонија во економската сфера, во меѓународната политика, во меѓунационалните односи, во правната држава, во дејностите кои ги покриваат ресорните министри. Меѓутоа, кај премиерот како да нема сознанија што всушност се случува. Еден говор кој можевте да го држите и во 1990 година и 1994 година и 1998 и 1999 година и во новиот милениум, тој не комуницира со времето. Програма која не комуницира со проблемите на Македонија. Да не се каже ниеден збор што ќе се случи со процесот на партизација на Министерството за внатрешни работи, проблемот на меѓународната политика на Република Македонија, програма за невработеност, програма за инвестиции. Едноставно, само се кажува дека ќе се зголемат инвестициите. Се добива впечаток дека подобро беше господинот претставник на тајванската Влада, кој седеше горе да ни каже која е програмата за инвестиции во 2000 година. Едноставно, премиерот немаше храброст да соопшти ништо, веројатно заради кризата во која е западната целата коалиција и Влада.

Интересно е дека во целата оваа рутина, веројатно, од сите промени се сведоа на фактот, целата нова Влада се сведува на фактот дека треба да се променат оние министри кои во последните неколку месеци дадоа знаци, само знаци на несогласување со политиката која во целина ја води коалицијата. Едноставно тие министри треба да си одат, нивните места да ги завземат нови, кои веројатно нема да даваат никакви знаци на несогласување и работата да се продолжи.

Затоа, сметам дека од тука произлегува и една несигурност, една исплашеност, можам да кажам, неизвесност, која се гледа рака на срце, на лицата на многумина кои седат во оваа сала, со ваква Влада и ваква програма за Владата.

Ние сме на истекот на првата година од работата на оваа Влада, претходната Влада и сме сведоци на нејзин трет состав. Еден, во декември 1998 година, еден некаде во средината на мандатот и еден сега во декември 1999 година.

Факт е дека Владата поднесе оставка. Таа оставка, без разлика дали премиерот или коалицијата ја третира како техничка или не, таа е оставка на Владата, согласно Уставот и нормално дека треба да се побараат и причините зошто, всушност дојде само по 12 месеци до оставка на Владата на господинот Георгиевски.

По наше видување има шест клучни причини, зошто Владата поднесе оставка.

Првата причина е неможноста да се реализираат ветувањата кои се презедоа и на изборите 1998 година и во експозето од изборот на првата Влада на господинот Георгиевски. Таа неможност да се реализираат сите тие ветувања, конечно, исправно, доведе до оставка на Владата.

Втората причина е, лошите резултати од владеењето, кои иако слушнавме овде во едно импровизирано експозе на новиот премиер на Република Македонија, односно стариот нов премиер на Република Македонија, јас ќе се обидам и подоцна да кажам на некои крупни нелогичности, во врска со пофалните резултати за владеењето на оваа Влада. Меѓутоа, лошите резултати, се исто така причина за оставка.

Трето е недовербата помеѓу гласачите, која најдобро се изрази на претседателските избори, која оваа коалиција ја сфати, меѓутоа за жал, не ја сфати до крај, па примени средства кои не се сходни за една демократија, за да изберат претседател на Република Македонија. Таа недоверба кај гласачите повторно е една од причините зошто треба да се направи, зошто се поднесе оставка на Владата.

Четврто, евидентно лошите односи во коалицијата. Веќе е совршено јасно дека Владата на Република Македонија се состои од три коалициони партнери, кои имаат меѓусебно лоши односи до мера, што тие произведоа оставка на Владата, со сега обид да се конструира повторно на пепелот на таа коалиција уште една Влада, која веројатно, ќе ја наследи истата судбина и истите противречности, кои доведоа до неа.

Петта причина е веќе сосема евидентниот и константен, перманентен притисок. Од страна на еден коалиционите партнери во владината коалиција што побрзо и веднаш да ги добие концесиите, кои што како што слушнавме биле ветени уште пред формирањето на првата Влада, а кои заради начинот на кој се изведоа претседателските избори и начинот на кој се избра еден од кандидатите за претседател, сега го поставуваат со цела своја ургентност она што тие го направиле за време на оваа година, да го добијат во вид на ветувања, за кои, исто така, нешто ќе кажеме.

Шесто, што ја одбележува не само претходната Влада, туку очигледно е дека ја наговестува и новата Влада е целосното немање на идеја и на концепт како всушност

ќе се владее со Република Македонија. Всушност, ова експозе и овој состав на Владата на голема врата најавува едно тековно владеење со Република Македонија, која не може да предвиди што ќе се случи ни по три месеци, ни по една година, а не да предвидува она што премиерот сегашен и иден сакаше да го нарече Влада на новиот милениум. Едноставно, мислам дека служење со неточни податоци, залажување самиот на себеси на јавноста за тоа како стои економски Македонија, која е нејзината меѓународна позиција, всушност, е резултат на една неможност Владата да предвиди што всушност ни следи, каква е состојбата со државата која се води и врз основа на тоа не можеме да очекуваме политика која ќе ја извлече Македонија од таа ситуација.

Како инаку да толкуваме дека Владата ќе не извлече од економската криза во која се наоѓаме, ако нејзина констатација изречена од устата на премиерот е дека, ние всушност имаме економски подем. Која е таа платформа на оваа Влада која почива на фактот дека ние имаме добра економска ситуација. Како таа ќе се справи со кризата, ако прво не ја констатирала. Како ќе се справи со лошата меѓународна позиција на Република Македонија, ако констатира дека ние сме лидер во Југоисточна Европа со нашата внатрешна и надворешна позиција. Која е таа платформа која ќе се заснова на тоа дека ние сме лидери во реформите и сега треба да одиме понатаму.

Ние прво, треба да констатираме дека оваа држава една година, повеќе или помалку, тоне и ја губи својата меѓународна позиција. За да можеме реално да направиме програма, која ќе не извлече натаму. И, да не набројуваме што се во тој правец се случува.

За разлика од пред една година сега веќе совршено јасно се виде дека и таму каде што се имаше нереален ентузијазам за решавање на проблемите, веќе го нема. Веќе не се нудат програми за излез од проблемот за невработеноста. Напротив, ни се сугерира дека сме имале зголемена вработеност или намалена невработеност, нешто за што овој Парламент расправа во континуитет шест месеци, почнувајќи од министерот, претседателот на Владата, а еве сега и мандаторот за состав на Владата континуирано не кажуваат колку се невработените во Македонија, ги кријат податоците, се залажуваат себеси и нас за тоа колку има вработени и невработени и ни кажуваат дека ние всушност живееме во добра држава и сега тие треба да го продолжат процесот на добро владеење. Тоа е еден концепт кој не се заснова на реалноста. Исто, како што не се заснова на реалноста концептот дека во Македонија меѓуетничките односи се во фаза на подобрување и дека тој процес треба да се продолжи. Тоа е всушност, само забрзано одење кон натамошно влошување на меѓунационалните односи во Република Македонија. Веќе немаме програма и ветувања за брзо вработување на 10 или 100 илјади луѓе. За разлика од експозето во 1998 година, сега немаме процент со кој ќе се намалува невработеноста, туку една паушална реченица дека невработеноста и понатаму ќе се намалува. Немаме ветувања за крај на корупцијата, немаме ветувања за инвестиции, немаме ветувања ни за тоа колку спортски сали ќе се изградат, па макар повторно тргнале од почеток со некои шест месеци. Немаме ветувања за бесплатно здравство. Сега добивме еден нов договор, во кој освен тоа што министрите и пратениците спротивно на Уставот ќе немаат слобода на изјаснување во Парламентот и во јавноста за своето мислење, по своја совест, како што пишува во Уставот, туку ќе бидат робови на коалициониот договор потпишан од трите лидери, видовме дека има всушност само уште две програмски точки.

Да се легализира еден нелегален Универзитет во Македонија.

Третата програма на МТВ да се претвори во програма на националностите. Договор кој е потпишан со само две точки, реални, конкретни, кои можат да се спроведат, доколку коалицијата сака и сето друго се ветувања дека ќе продолжат преговори со ММФ и т.н.

Програма, која всушност, ниедна Влада на овие простори никогаш не ја напуштила и ниедна Влада во Југоисточна Европа никогаш ниту ја напуштила ниту ја напушти. Каква е таа програма која вели, ние ќе продолжиме соработка со ММФ. Што тоа кажува и на која платформа? На кои основи и што ќе браниме во тоа? Навистина, една паушална програма која не можеме да оцениме поинаку, освен како целосно отсуство на концепција што во идните три години кои остануваат од мандатот две ипол години, кои остануваат од мандатот на оваа Влада.

Она што посебно не загрижува е многу лесното, по наша евиденција по осми пат искажано од оваа парламентарна говорница, ветување дека нас ни претстои асоцијација со Европската Унија. Треба отворено јасно да кажеме дека нашата држава е се подалеку од Европската Унија, дека од тие причини е сместена во еден регионален асоцијативен круг, со кој ќе треба да се справиме во наредните години, дека, практично повторно не слушаме стратегија како ќе се доближиме до Европската Унија, а само уште на идната седница, која е закажана за утре ќе прочитаме неколку закони, со кои ние и понатаму се оддалечуваме од Европската Унија. Ни се ветува дека ќе потпишеме, на пример асоцијативен договор, кој ќе кажам понатаму што всушност значи, а не даваме на

луѓето кои имаат сопствени акции да управуваат согласно својата сопственост во Топилницата во Велес. Сакаме да потпишеме договор со Европската Унија, Министерството за внатрешни работи целото го политизиравме и го испартизиравме и сега се најавува кадровска промена во Владата, која треба да го доврши процесот на партизација на Министерството за внатрешни работи.

Ние сме држава која требаше на 1 јануари оваа година да го воведе ВАТ системот, кој сега требаше по претходнава веќе Влада да го воведеме на 1 јануари 2000 година, а веќе утре оваа иста Влада ни понуди закон, со кој вие знаете дека од 1 април треба да го воведеме. Најнепријатно е човек да биде, да предвидува што ќе се случи, меѓутоа, сме уверени дека на средината од март ќе имаме повторно закон со кој ќе се бара рокот од 1 април за воведување на данокот на додадена вредност, да се пролонгира уште за неколку месеци.

Која е таа држава во Европа која ги одложува овие закони до бескрај, а претендира да стане асоцијативен член на Европската Унија. Па, кој има уште данок на промет во нашето соседство. Меѓутоа, најлесно е да се каже дека ние ќе асоцираме со Европската Унија. Но, ќе ги одложиме сите закони кои не доближуваат до Европската Унија. Ќе го признаеме Тајван, ќе ги поддржуваме тајванските проекти во Македонија, кои не се во согласност со нашата надворешна политика, зборувам за политичкиот дел на асоцирање со Тајван, и ќе

тврдиме понатаму дека ние ќе грабиме кон Европската Унија. Всушност, ние ќе бидеме се подалеку од Европската Унија. Па, ако сакате, и заради фактот дека не само целокупниот политички живот го партизираме, ние спортот го партизиравме до крај. Завршувајќи со минатиот викенд веќе нема спортски сојуз во Македонија, во кој пратеник или министер од ВМРО-ДПМНЕ не е на чело на тој спортски сојуз.

Во врска со најавениот договор за асоцијација, сакаме јасно и гласно да кажеме дека тоа не е Договор за асоцијација со Европската Унија, туку е тоа најавен Договор за стабилизација и асоцијација во рамки на Пактот за стабилизација на Западниот Балкан.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:** (Продолжение)

Оваа власт веќе очигледно дека во голема мера го работи. Ние сме сведоци, барем координаторите, а претпоставувам дека и сите членови на Парламентот дека, многу брзо пред неколку дена добивме едно писмо од Пактот за стабилност проследено преку нашето Собрание, во кое сме известени дека во рамките на Пактот за стабилност парламентарната димензија на Пактот се предава на процесот "роа д' монд" да ја води во наше име. Тоа наговестува две работи. Клучната е дека Пактот за стабилност почнува да добива парламентарна димензија. Тоа значи дека ние од Западниот Балкан многу брзо ќе добиеме парламентарна димензија, па ќе асоцираме парламентарно на некои маргинални начини. Меѓутоа, секој ден се поцврсто со парламентите кои се во нашиот Пакт за стабилност и да биде проблемот уште поголем, ние тоа место се повеќе го заслужуваме. Точно после една година нас ни дојде местото во тој западен Балкан заедно со Хрватска, Албанија, Босна и Херцеговина, Србија и Македонија, каде што не можат да се изведат фер и демократски избори, каде што Владата ги фалсификува изборите, во овој случај претседателските избори и каде што сега сосема природно нашето место е за парламентарно асоцирање со овој дел. Ние веќе не можеме ни да имаме групација на асоцијација на нашите парламенти со Бугарија и Романија, или со Турција. И нас ни се нуди целиот овој пакет сега како некаква сериозна перспектива за асоцирање. Тоа е договор за стабилизација во рамки на Пактот за стабилност. А како тргнале работите да се надеваме дека во рамки на Западниот Балкан многу брзо со вакви кадровски промени во неколку клучни ресори нема да се одвои групата на Јужен Западен Балкан во кој ќе влезе Македонија, Албанија и дел од Косово, или Србија со перформансите кои ги постигнуваме во демократијата и економијата.

Она што мислам дека е невиден апсурд и на некој начин фрлање на прашина во очите на македонската јавност е фактот дека, после поуките од изборите наместо сето она што гласачите очигледно го осудија за време на изборниот процес да Владата се обиде да го исправи, она напротив оди со политика глава во ѕид и во клучните ресори каде што се покажаа најлошите резултати врз основа на што веројатно и се оствариja лошите резултати за коалицијата на претседателските избори, се прават промени во истата насока која беше осудена од јавноста.

Она што можевме да го забележиме од приоритетите на кои Владата ќе се ангажира во наредните 12 месеци сега е сосема обратно од она што ни се понуди пред 12 месеци. Сега прв приоритет беше надворешната политика, втор приоритет човековите права, демократијата, трет приоритет меѓунационалните односи, што мислиме дека во суштина во оваа реконструкција може да стане и доминантен фактор на приоритетите на Владата, реформи во армијата и дури на шесто место, економските приоритети. Нешто со што верувам ниту вие од коалиционите партии нема да се сложите.

Се изнесоа многу паушални проценки. Дел од нив, се извинувам што така ќе кажам, недостојни за просторијата во која се наоѓаме да се изнесуваат на таков начин. Се манипулираше со податоци и кога веќе се манипулираше со податоци, дозволете јас да соопштам дел од нив.

На пример според Заводот за статистика, кој се надевам дека г. Георгиевски во оваа прилика нема да го земе за несериозен, како по приликата на неговото експозе, обемот на стоковната размена со странство за првите 10 месеци 88% од минатогодишната. Увозот е малку поголем, а извозот малку помал од оваа групна цифра на стоковната размена од 88,2%. Тоа се податоците кои се бескомпромисни, тоа се податоците на оваа држава. Сите други приказни за тоа дека нашата стоковна размена со странство се проширува, дека ние соработуваме економски, дека шириме некакви зони се сведува на овие две цифри 88% од минатата година е нашата стоковна размена. Сега замислете колку е губиток од 12% на обемот на вкупната размена кој се движи во милијарди долари. Или еден интересен податок за бројот па вработените. Ние можеме да се залажуваме и да залажеме некого колкав е бројот на вработените и невработените во Република Македонија и на таа основа да градиме програма. Меѓутоа, еве едно соопштение од Заводот за статистика, се надевам дека не е Заводот за платен промет со некакви поинакви видувања, бројот на работници по дејности во Република Македонија во ноември 1999 година од ноември 1998 е различен за 1%. Тоа е бројот на вработените. Така што приказните за 400 илјади остануваат на страна. Индексот на работници во индустријата и рударството е 90,8%, значи намален за 9,2% во однос на минатата година, состојба 11 месец оваа година со 11 месец минатата година. И сега не знам зошто има потреба премиерот, кандидат за премиер да излезе тука и на сите да ни кажува дека тој има податок со кој бројот на невработените во Македонија се намалува, а бројот на вработените расте. Тоа е една погрешна политика. Вие не можете да засновате политика на Влада на такви податоци, или некакви паушални проценки дека здравството ќе продолжи со своите реформи. А сега доколку го запрашаме г. мандатор кои се тие реформи во последниве 12 месеци во здравството, па тие да продолжат, веројатно ќе немаме одговор. По фер е да се најави дека ќе се почне со реформи, меѓутоа треба да се знае какви реформи, треба да се соопштат пред Собранието, да се каже што во здравството. Инаку реченицата: ќе продолжат реформите во здравството, а тие не постојат, не значи ништо. Сега се разбира дека можеме да бидеме доследни доколку на ваква програма расправаме.

Меѓутоа, она што сакам на крајот да го извлечам како една константа за промените на владите на оваа коалиција е дека, ваквиот состав и ваквата програма без разлика кој неа ја сочинува, не може да биде успешна, затоа што таа всушност нема ни политичка платформа, туку има дневно политичка платформа, таа не може да ги предвиди настаните, таа не може да планира што ќе се случува со Македонија, таа е целосно замаглена и во најголем дел веројатно ориентирана кон цели кои воопшто не се соопштуваат, како што се случи во изминатава година, цели кои се остваруваат, а не се соопштуваат во рамки на програмата, во рамки на изборите, во рамки на потпишаните договори.

Од тие причини на ваквиот состав и на ваквата програма на Владата која ја нуди г. Георгиевски во својство на мандатор, пратеничката група на СДСМ нема да даде согласност и ќе гласа против понудениот состав.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, имаме вака ретка можност што самиот премиер ни ја понуди да разговараме за ситуацијата во нашава држава и да ги коментираме и работата и на Владата во изминатата година и за ова што еве ни се нуди низ експозето на г. Георгиевски.

Јас нашироко не би говорел што имавме како понуда пред парламентарните избори од страна на коалицијата за промени и одделни субјекти во таа коалиција за промени, меѓутоа сепак е неизбежно, бидејќи се работи за политички платформи врз основа на кои што се оствариле победи на изборите, се добил мандатот народот да управува со земјата. Нужно е ние да се запрашуваме што е направено во врска со сето тоа што беше ветувано, нужно е заради тоа што едноставно ситуацијата мора да се анализира, а нашава ситуација особено македонска го бара тоа од причини што таа не е добра, без оглед какви се изговори постојат за тоа зошто не е добра и кој се е виновен и кој се кумувал на тоа акумулирање на проблемите во Република Македонија.

Имавме од коалицијата за промени, сите по нешто ветувавме за време на изборите дека со доаѓањето на коалицијата за промени, ќе има генерално речено економски препород, дека напредокот на демократијата мора да биде евидентен факт секојдневен кој што ќе го чувствуваат граѓаните, ќе го доживуваат.

Трето, дека неспорно Македонија ќе го забрза значително интегрирањето во европските и Евроатланските асоцијации и

институции.

Четврто, сумирам она како сублимат од понудата на Коалицијата за промени, дека таа Коалиција за промени ќе води политика на социјална правда и правичност преку некои конкретни ветувања, кои што ги имавме низ програмските определби. И сега година дена навистина е доволно да се види на кој пат е Коалицијата за промени, со сите да речеме олеснителни околности поради косовската драма, поради краткотијата на периодот и т.н., но сепак година дена за да се види поведението на една структура на луѓе, на една композиција составена од три политички субјекти, а сепак доволно.

Во врска со економскиот препород имавме конкретни ветувања дека ќе имаме динамичен стопански растеж, ми се чини не помалку од 7%, 8%, беа ветувањата дека ќе имаме намалување на невработеноста. Алтернативците избројаа дека ќе вработат 121 илјада лица, дека во првите три месеци ќе има вработувања и тоа диригирано вработување, што ми беше многу чудно 10 илјади луѓе, па потоа диригиран извоз во Тајван од повторно 10 илјади луѓе таму и т.н., дека ќе бидат намалени даноците, тоа го зборуваше и ВМРО-ДПМНЕ и ДА, а и ние го зборувавме се разбира, само некој ги остварува ветувањата, некој не ги остварува. На пример конкретно ветување од страна на ДА дека, давачките на нето платите ќе бидат намалени од 74% на нето основа на 49%, се разбира не веднаш во првата година, ама тоа што е направено во првата година веќе кажува дали намерата била сериозна, дали тоа било можно, не било можно и т.н. Дека ќе ги обноват старите капацитети, односно дека коалицијата за промени нема да затвора капацитети, туку ќе отвора капацитети, тоа се се програмски определби од предизборието и за време на изборите, дека на фирмите ќе им се дадат обртни средства за работа со многу ниски камати. Има една цифра во програмата на алтернативците 100 милиони долари предвидено за таа работа уште во првата година дека ќе им бидат дадени, тоа би било многу добро, бидејќи знаеме проблемот на неликвидноста на стопанството каков е, дека ќе го препородат земјоделието, сега да не карикирам со кокошарници, крави, телиња, биволи и т.н., што се беше ветувано, дека ќе отпочне силен инвестиционен циклус потпрен на милијардата долари на г. Васил.

Денеска не го гледам тука, мене ми е жал, сакав нешто и нему да му кажам директно. Така што без малку ќе дојдеме во ситуација да увезуваме работна сила, а не да извезуваме, или да седи неангажирана во толкав број каков што денеска е таа во Република Македонија. И сега по една година бројките за 10 месеци, или се за 11, кажуваат според статистиката зголемен број на невработени. Според последниот податок на г. премиер дека не била таква работата. Ама ако е тоа така, тогаш актуелната власт има вградено институционална измама, бидејќи институциите се задолжени да соопштуваат точни податоци, кои што ќе и бидат корисник на Владата, не си ја вршат добро работата и некој треба да биде земен на одговорност, сменет, укината институцијата, реформирана, ревидирана, но не смее по такви елементарни податоци македонскава јавност, особено тие што ја водат економската политика да немаат точен показател, бидејќи очигледно се многу контраверзни. Дека едноставно економската ситуација уште во првата година ќе биде битно изменета. Значи по таа една година не го имаме намалено бројот на невработени, се разбира јас не очекував тоа да биде, дека не ги намаливте даноците, даночниот товар, тоа е јасно, а од Буџетот што ни го нудите за утре се гледа дури дека и се зголемува даночниот товар ако бројките се изведат фино, не само така како што пишува во предложениот Буџет. Дека не отварате капацитети, или малку се отвораат, но дека се спрема големо затварање на капацитети, тоа е сигурно спротивно од ветувањата. И тука тоа некој можеше пред тоа реално да го предвиди, но изборните потреби ги тераше некои луѓе да мамат малку повеќе од што смеат и тие поминуваа една црвена линија на достоинството на уважувањето на гласачите, на избирачите и т.н.

Дека не го намаливте внатрешниот долг, иако прв пат слушам сега од премиерот 50 милиони долари. Моите информации се дека надворешниот долг е некаде околу една милијарда и петсто милиони долари, а имавме симнување под таа бројка особено кога ни беше отпишан долгот од Лондонскиот клуб на доверители за 350 милиони долари, 360 милиони долари. Меѓутоа треба да се усогласат сите тие извори, затоа што овие извори што ги користам јас се сериозни и говорат дека не е намален. Дека стопанството не доби 100 милиони долари обртни средства за да работи, но дека има 900 милиони германски марки не измирени а достасани обврски, кои што се за повеќе од 40%, 50% поголеми од тие што беа минатата година, иако владата на СДСМ пред таа година имаше една не успешна мултилатерална, така наречена мултилатерална компензација, што не ја прават вистинските пазарни економии, ама во стариот југословенски систем се правеше па се продолжи и кај нас и се покажува дека тоа е неуспешно и дека проблемот лежи во нешто друго, а лежи во генетичката грешка, организациона и правна на нашиот финансиски систем, што не се решава упорно со години.

Дека нема нов инвестиционен циклус, бидејќи милијардата се распрсна како меур од сапуница и дека беше јасно

дека таа ниту ќе ја има, ниту може да ја има, покажува фактот што за 10 месеци инвестициите во основни средства вкупно во Република Македонија, изнесуваат некаде околу 3 милијарди 600 милиони денари, или некаде околу 60 милиони германски марки, само 60 милиони, или само 2,2 ипол посто во бруто општествениот производ на државата, бидејќи околу 3,5 милијарди долари е бруто општествениот производ, а пак тие 60 ако се види каде се вложени, од што се вложени ќе се види дека половината од тие се во сообраќај и врски и нешто во енергетика што има, значи парите се од кредитите. Всушност и дека го нема тој вистински инвестиционен циклус кај приватните агенции, што треба да го повлечат стопанството.

Дека евидентно реформите се доведени во комплетен ќорсокак, тоа е јасно и што побрзо констатираме дека е тоа така, ќе му биде полесно и на Георгиевски и на Владата и на сите во Македонија, бидејќи не случајно ММФ не заклучи аранжман година и повеќе, тоа не е само заради косовската криза, затоа што еве една од причините беше потсетено овде, загубарите не беа реализирани обврските, но има и други нешта во врска со тоа зошто ММФ не заклучи аранжман повеќе од година дена со Република Македонија.

И тоа е таа генерална оценка, перцепција преку која нас не насликуваат и тоа всушност е најважниот индикатор дали ни е поправена нашата положба во меѓународната заедница, нашиот углед намален, зголемен и т.н. Тој е сосема доволен аргумент и навистина не треба други да бараме и да не се залажуваме.

На планот на напредокот на демократијата, друго клучно подрачје на кое што имавме големи ветувања, во сите програми на коалицијата пишуваше: слобода на медиумите, независно судство. На судството му ветивме посебен Буџет, за да се зголеми независноста, департизирана полиција, сите велевте дека тоа така ќе биде, професионална државна администрација, непартиска и т.н., независни граѓански организации од спортски до хуманитарни, независни синдикати и т.н., органи, комисии и тела за човекови права, како знак дека коалицијата се определила за развој на отвореното и цивилно општество.

**ПЕТАР ГОШЕВ:** (Продолжение)

Што покажавте во врска со овие ветувања на полето да демократијата. Слика на нив се бројните инциденти на тековниот период. Се апсеа новинари, јас бев навистина вчудоневиден на тоа. Да се притвораат новинари, затоа што отишле некаде да сликаат за некој настан, да информираат, и т.н. Катастрофална грешка, не само за внатрешниот терен, туку и за надворешниот терен за меѓународното опкружување. Имавме упаѓање во судовите, па дури тоа било и судот на Ѕинго. Тоа навистина не смее да се случува. Имавме судови, кои што не беа на Љубисав Иванов - Ѕинго, и таму имаше судии повикувани на разговор и т.н.

Господо, вие правите права класична партиска полиција. Тоа е евидентно, а евидентни и низ промените, кои што се случуваат, кои што се нудат низ составот на Владата, и некои од нејзините причини, за некои кадровски промени, со што навистина длабоко не можам да се согласам, заради тоа што сето тоа е далеку од изградбата на граѓанска демократија, ширење на цивилната сфера во нашето општество и тоа ако продолжи на некој начин, навистина не ни се пишува добро и таа ориентација, не може да се оправдува со ништо.

За остварување поголема социјална правичност и правда, се разбира и од други мотиви, исправање на неправди, кои што ги правеле комунистите, социјалистите и т.н., со што апсолутно се согласувам, дека треба да се исправат, се грижат за хендикепирани и т.н., најмалку две работи беа ветени.

Беше ветено дека поинаку ќе постапи новата власт со одземениот имот на граѓаните, врз основа на идеолошкото законодавство, односно од т.н. денационализација и се разбира, нема ништо од тоа, нема ни во Буџетот за тоа, заборавено е прашањето, а една голема неправда, една не комунистичка власт, ете и таа не сака да се обиде, да ја исправи.

Имаше ветување за враќање на штедните влогови, заробени, од порано, на постарите штедачи, од пирамидалните штедилници, меѓутоа освен меѓусебна манипулација, одложување на проблемот, погрешен начин на едуцирање на јавноста, за тоа прашање ништо не добивме.

Наместо, брза интеграција во Европа и во НАТО, се разбира, за една година владеење, неколку години по спор процес на одлучување за Македонија, во врска со тоа. Меѓутоа, да не се залажуваме со тоа, бидејќи Македонија е далеку од таа интеграција. Македонија денеска нема перформанси во Европската унија. Ние бавно работиме на тоа прашање.

Сега, на крајот од оваа година, вие трите партнери во Владата, ги заборавате сите тие ветувања и договорот што му го понудивте на народот и сега имаме нов договор, но сега не помеѓу партнерите и народот, туку помеѓу трите партнери помеѓу Георгиевски, Тупурковски и Џафери.

Сега, во овој договор нема конкретни ветувања завршија изборните потреби, ситуацијата е поинаква, огромна претпазливост, има едноставно неколку флоскули, демек, партнерите се свесни за тоа дека треба да продолжи процесот на

демократски развој на земјата, една обична фостила, функционирање на правната држава, исто така демек стојат зад тоа трите партнери, дека ќе се залагаат за квалитетни меѓу човечки односи и т.н., тоа е на ниво на тој нов договор, кој што го емитираше г-динот Тупурковски, а Георгиевски веројатно нешто морал да прифати, од таа фразиологија таму, меѓутоа би бил многу неправичен, ако не забележам, дека таму се договорени три четири конкретни работи, што спомна г-динот Поповски.

Прво, дека ќе му ги задоволите барањата и концепциите на г. динот Џафери, во врска со високото образование, ветено од прано, признато малку подоцна, дека од порано е ветено потоа дека ќе му го дадете третиот канал, сепак под притисок на тој коалиционен партнер и така ние ќе дојдеме до еден канал на ВМРО-ДПМНЕ, или два на Македонската телевизија и еден на националностите, а другите граѓани нема да имаат канал на Македонската телевизија, бидејќи еден или два главни канала како функционира МТВ, совршено ви е јасно и не треба да се убедуваме во тоа. Тоа е телевизија од највулгарен тип. Полоша и од времето на г-динот Црвенковски.

Конкретно сте се договориле и ова е најинтересното во овој договор, да ја применувате консензуалната демократија, во Владата и во Парламентот, бидејќи без согласност на еден од партнерите, не може да се пушти ниту еден пропис, мерка, одлука и т.н. Кога ќе се усогласи ставот помеѓу тројцата назначени посредници за тие работи, пратениците овде само ќе кренат рака. Тие немаат уставна позиција, тие не се избрани од граѓаните и пратениците овде само ќе дојдат на први да си ја земат платата. Нема потреба да размислуваат, затоа што задачите на групите се смислени ги усогласиле, ги договориле и има да тече консензуалната демократија.

Значи, концептот за консензуална демократија, само на прв поглед интер - партиска, се вградува како автоматизам во институциите на државата, наспроти унитарниот карактер на државата и на тој начин му се удоволува најважното барање на г-динот Џафери, кој одамна бара консензус во институциите на Македонската држава.

Просто се чудам на кој начин и зошто таква работа се случува со тој договор, што го потпишале тројцата господа.

Г-дине Георгиевски и господа од Демократската алтернатива, од тоа што го имате напишано и тоа што го правевте цела оваа година јасно е дека на нашава држава не и се пишува добро. На тој начин, навистина немаме шанси, ова најискрено го чувствувам, немаме шанси да успееме, наспроти самопрегорот на поединци, кои што имаат, сигурен сум, добра желба да направат добро за својот народ.

Еден дел од небулозите што ги напишавте во вашите договори и програми, меѓу вас, се должи на вашето сфаќање за политиката, како чиста манипулација со народот. Имавме безброј примери во цела оваа година. Затоа, главно, особено определени личности од оваа коалиција, едно зборуваат, друго мислат, трето прават. Толкава дискрепанца меѓу сите овие три нешта.

Другиот дел на небулози, што ги запишавте кога ќе се прочитаат програмите, се должат на не знаење, не компетентност, не информираност и јас тоа можам да го разберам, но тешко да се прифати, затоа што се работи за водството на државата, кое што не смее да биде не информирано, не компетентно, бидејќи можете после изборите да кажете, ние ветивме дека ќе ги направиме тие и тие нешта, но кога дојдовме во Владата видовме каква била тешка ситуацијата, колку биле фондовите испразнети и т.н. Зошто не ја следевте ситуацијата пред тоа, на што ги градевте вашите ветувања, вашите концепции за развој и т.н., ако не сте ја знаеле ситуацијата пред тоа, ако претходно Владата на г-динот Црвенковски толку ја влошила, вие не сте знаеле што ветувате пред народот. Тоа не е оправдување, затоа што има толкаво отстапување од она што е ветено и од она што се прави. Едноставно, на вашиот начин нема да успееме, бидејќи многу од луѓето во коалицијата, јас сум восхитен, трошат неверојатна енергија, во создавањето претстава дека нешто се работи, а не дека дефакто се работи. Три месеци слушавте дека г-динот Тупурковски и г-динот Георгиевски ќе се сретнат. Слушнавте на вестите дека утре ќе се сретнат, дека ќе се сретнат после празникот, кога ќе се врати г-динот Тупурковски од Тајван не знам од каде ќе се врати, се сретнаа ама не разговараа, долго разговараа конструктивно и длабочински, но не решија ништо, повторно ќе разговараат и т.н. и тоа се влече месец, два три и т.н. тоа е претстава, тоа е театар, тоа е циркус. Всушност тоа не е сериозна државна политика. Тоа јас не може, да го голтнам, бидејќи јас сум пратеник, се чувствувам одговорен, но мислам дека исто и народот не смее туку така да се удира по својот интелект. Значи, се блефира работа, а не да се работи. Всушност, кога ќе се погледне како се работи, целата битка е битка за прераспределба на остатокот од националното богатство што го има РМ. Кој ќе заграби повеќе во која сфера, кој да го оствари својот тесен економски интерес, кој преку тоа да оствари поголемо политичко влијание и битката за прераспределбата во односите со коалицијата, всушност беше груба битка за прераспределба на моќта во рамките на власта и платформата што се понуди, од страна на ДА, не беше ништо

друго туку тоа. Се што е напишано дајте ми го мене ова, вие задржете си го тоа. Таму нема програма, таму нема концепт. Таму има борба за прераспределба на она што постои. Низ други примери ќе покажам уште како таа битка за прераспределба и моќ кај субјектите од оваа коалиција се остварува.

На ваквиот начин не може да се успее господо, поради следните неколку конкретни, но и многу битни нешта.

Прво, во новиот договор, важна ви е демократијата. Се разбира, дека ви е важна. Исклучително важна. Нема недемократска држава во која што, или нема некој пример во историјата, каде што се покажал некој економски резултат. Високо економски држави, можат да остварат високо економско перформанси. Ако вие вам определбата и во новиот договор демократија во РМ, тогаш следи прашањето: г-дине Георгиевски, зошто организиравте фалсификат во вториот круг на претседателските избори. Немојте да го негирате тоа, што не може да се негира. Јас и вие во 1994 година плачевме од фалсификатот од г-динот Бранко Црвенковски. Знаевме како боли тоа. Знаевме што велевме и знаеме што значи демократија, одржување на фер и демократски избори. Знаеме дека демократските избори се почетна буква од зборот демократија. Дека и со демократски избори, не значи дека ќе остварите демократија, но дека без демократски избори, никако нема демократија. Тоа е јасно покажано, со тоа ја вративте Македонија во 1994 година и нанесовте огромен удар на меѓународен план.

Инаку, не се сомневам дека г-динот Трајковски, претседателот на Македонската држава дека ги доби гласови од Албанците. Но во вториот круг, ситуацијата беше друга. Ги видовте оценките што му ги изрекоа, во врска со тоа.

Г-дин Васил Тупурковски се огласи дека биле нерегуларни изборите. Но не му пречи да седи заедно со луѓето што го изведоа фалсификатот, а професор е по меѓународно право и не му пречат фалсификувањата. Тврди дека има фалсификувања, но не му пречи, не превзема обврски во врска со тоа, напротив пишува ново писмо до г-динот Георгиевски за нов договор и за прераспределба на моќта, помеѓу коалиционите партнери. Г-динот Тупурковски тој ферман што му го достави на г-динот Љубчо, бара МРТВ да и припадне на раководење на ДА, а се залага за демократија. Замислете, а вели да раководи со Македонската телевизија ДА и да раководи со Нова Македонија и т.н. Дури ни на ниво на напишано господата на ДА да напишат луѓе во МТВ сега управува партијата на ВМРО-ДПМНЕ. Тој вели, не е добро што ВМРО-ДПМНЕ управува, ние да управуваме како ДА. Демек, ВМРО-ДПМНЕ не работи во интерес на граѓаните преку Македонската телевизија, но ДА кога ќе раководи ќе работи. А механизмите исти партиски луѓе да се дистрибуираат таму. Навистина лицемерно, навистина под нивото на некои личности, кои што со име и презиме стојат зад тоа.

Господа, да не ни се повтори никој пат да притворате новинари и да викате на информативни разговори. Никогаш. Нема демократија со удари во судството. Нема демократија, со вакви избори, какви што ги имавме од типот, што ги гледаме во изминатиот период. Во чиј демократски концепт се вклопува вашето сликање, преговарање и инсистираше стечаен управник на ТАТ да ја избира г-динот Георгиевски Соња Николова. Вие добро знаете што направи Соња Николова. Знаете колку е виновна.

Едно е прашањето кој ја создаде. Друго е прашањето кон создадената Соња како треба да се однесуваме. На кој премиер на светот му личи да се слика, да преговара и да се залага со лице, кое е под кривична постапка и своевремено да зборува за независно судство. Тоа се големи гафови. Тоа е охрабрување на криминалците, на измамниците во РМ. Тоа е потиснување на судството.

Второ, вие велите дека сте за економски напредок. Сите сме, граѓаните едвај чекаат економски напредок, но како се креира тој напредок, како се креира ново, дополнително богатство какви услови се нужни за тоа, тоа е централното прашаше. Не желбата за економска благосостојба, за која што исконски, без предметно е да дискутираме за тоа. Всушност, како се креира? Тоа е најбитно, за креирањето. Најбитно е прво да воспоставите добра општествена организација. Добрата општествена организација, ги поставува базичните камен темелници, на кој може да расте пирамидата на богатството.

Кои се најсиромашните земји во светот? Хаити, Бангладеж, Централна Африка, Албанија и др. Што ги карактеризира овие држави? Хаос, безредие, неспособност самите општествено да се организираат. Не можат да одржат јавен ред, не можат да изградат инфраструктура, институции правни и граѓански. Но, кога говориме за јавен ред, за општествена организација, да не забраздиме во погрешни нешта. Важни се неколку работи.

Прво, ред не може да се воспостави, едноставно на сите точки на општеството. Особено треба да бегаме од партискиот ред, од типот на КПССР, или редот што сега сака да го воспостави во рецептура, раководството на ВМРО-ДПМНЕ. Премногу ред, особено партиски, нечини. Премногу ред имаше во Кина и уште има во Кина, но работата нечини. Премногу хаос, без трошка

ред, има во Русија, работата нечини.

Кога говориме за ред, за општествена организираност, мислиме на тој оптимален лик, комбинација, на организирано функционирање на државата, со нејзините јавни функции, во строго определените домени на слободата на индивидуите, на слободните простор за цивилно општество, на заштита на индивидуално неприкосновените права на граѓаните. Само успешен миг меѓу овие две спротивставени сили, може да се стигне до успешна организација, која ќе произведува богатство и ќе ја менува и ќе ја зголемува пирамидата на богатството на едно општество.

**ПЕТАР ГОШЕВ:** (Продолжение)

Базичен институт, категорија за воспоставување успешна општествена организација, господа, е сопственоста. Сопственоста е базичен институт за пазарната економија, сопственоста е базичен стимуланс, општеството, граѓаните да го зголемуваат своето богатство. Напредокот на развиените капиталистички држави во XX век се потпира пред се на добро уредените сопственички односи, на правната заштита, на неприкосновеноста, базично право на граѓанинот над сопственоста. Промашувањето на социјализмот беше промашен однос кон сопственоста. Белким тоа го научивме. Ако е точно тоа, тогаш зошто, г-дине Георгиевски, морам вам да ви се обратам, испраќате полиција во приватни фирми, насилно да ги редефинирате сопственичките односи, а од изјавата што ја дадовте јасно произлезе, ми се чини ваша не смотреност, дека вие сте ја испратиле всушност полицијата, бидејќи кажавте што ќе му пропуштите на другиот партнер на ДА, дека ќе тргните раце од тој проект и т.н. Со тоа индиректно ни соопштивте дека вие стоите зад интервенцијата.

Зошто испраќате така наречени независни синдикати, а јавна тајна е кој ги прави списоците и изборот на фирмите и кој оперативно ги извршува, да се влегува во веќе приватизирани фирми за да се исправела, наводно, неправичната или незаконска приватизација, а не покренувате судска постапка, ако тие навистина се незаконски, ако не законски се приватизирале, а ги имате сите полуги на системот, од Агенцијата до компетенциите на Владата, до се друго што може да се употреби во легалниот правен систем на РМ. Зошто лунтен пролетерска методологија, методологија на прво битна акумулација завиткана во декларативната матрица за пазарна економија и граѓанско општество.

Знаете ли господо, на сите ви се обраќам, дека развиените држави се во интензивен процес на заштита, на уредување на интелектуално сопственичките права, бидејќи движечка сила на XXI век нема да биде физичкиот капитал, туку знаењето, бидејќи новите технологии креираат нови потенцијални форми на интелектуално сопственички права, дека старите права стануваат неприменливи, дека поради сето тоа капитализмот нема да функционира без нов систем на определување, кој ги поседува и контролира интелектуално сопственичките права. А ние господо, не сме во состојба да ги регулираме сеуште правата врз и од физичкиот капитал и имот во РМ. Тогаш како ќе ги хармонизираме нашите законодавства, македонското со она на ЕУ, на развиените земји, бидејќи тие имаат законодавство за интелектуалната сопственост, за сопственичките права кои произлегуваат врз тој вид на сопствености, а ние сеуште не сме ги средиле сопственичките односи кои што произлегуват од физичкиот имот. Повторно, како се создала, како расте богатството во светот или во една држава?

Кога се прават технолошки обиди, а како се прават тие пробиви? Со упорни истражувања и развој, со упорни влегувања во науката. А што покажува вашиот буџет за утрешниот ден на Парламентот, господине Георгиевски, господо од ДА. Покажува дека за истражување и развој за непосредните истражувачки субјекти во него, за оваа и за идната година издвојувате блиску до сумата што г-динот Тупурковски ја потрошил за седум - осум месеци, а потрошените средства за 7-8 месеци за дневни и патни трошоци на Агенцијата за обнова и развој, Агенцијата на г-динот Тупурковски, се всушност на нивото на сумата што му се дава на Министерството за наука на непосредната дејност на субјектите за истражување и развој. Како ќе фаќаме чекор со развиениот свет, ако имаме таква

конструкција на богатството, односно на сиромаштвото во РМ кое уште повеќе ќе се продлабочува и за чиј интерес едноставно се прави тој.

Истражувањето и развојот не тргнуваат сами од себе. Потребна е општествена организираност и напори. Колумбо не би ја открил Америка, а без Фердинат и Изабела. Интернет не би бил етаблиран во Америка ако 30 години Американската Влада не издвоила средства за таа намера, упорно и не го поттикнува тој процес. Ние нема да одиме напред ако, на пример четири години, ми се чини, во претходната Влада, еве цела година во оваа Влада расправаме за национален авиопревозник. Значи 5-6 години ова друштво не е способно да го симне едно такво едноставно и банално прашање, затоа што тука се внесуваат секакви мотиви, само не оние од кои треба да се тргнува во креирањето на државната политика. Ние всушност постојано се држиме за решенија кои фигурираат по 10 и по 20 години. Да ви посочам еден податок.

Во 1998 година на листата на 25 најголеми фирми во светот, само 4 биле и се од литата од 1960 година, а две не постојат, од 25-те најголеми во Светот. Ние го имаме ФЕНИ 30 години, од 1970-1971 година па наваму и постојано расправаме за ФЕНИ. Нема храброст да се разреши проблемот. Белки ќе биде оваа година нешто. Хемтекст, па Хемтекс. "11 Октомври", па "11 Октовмри. 10-15 години постојано со истите проблеми, а овие светски фирми исчезнуваат од сцената и се раѓаат нови, бидејќи динамиката на пазарната економија едноставно тоа го бара. Нема пробиви во економијата ако нема брзи и ефикасни решенија. Богатството се креира, господо, ако се поседува организациона способност да се мобилизираат ресурсите. Со многу работна сила и со малку извори во втората половина на XX век, Азија мобилизираше капитал. Азија беше сиромашна, го поттикнуваше ширењето до ниво невидено до тогаш. Сингапур достигна стапка на штедење од над 50%. Кина од над 30% стапка на штедење во бруто општествениот производ, а ние се сликаме со ограбувачите на заштедите и едноставно расправаме со години за истите овие сугестии.

Кога на Македонската телевизија, на дуелот во 1998 година сакав со графикони да ви кажам нешто, што значи тоа штедење, колку е важно, тогаш новинарот на СДСМ ја кратеше емисијата и поважна му беше анкетата за гледаноста од гледачите, отколку да дискутираме на МТВ за тие проблеми, а јас се мачев да напишам некои графикони, да видиме каj сме, за важните проблеми од кои зависи развојот.

Не верувам дека може да не водите кон успех, г-дине Георгиевски, а кога дозволувате ова што го дозволивте оваа година, а тоа е да го институционализирате анти македонското. Едно исклучително важно прашање. Именувавте и назначувавте министри и високи државни чиновници кои го негираат, го проблематизираат македонскиот национален идентитет. Од парите на тие што се сметаат и сметаме Македонци, ги плаќате тие што не негираат и сакаат да не одродат од она што ние сметаме дека сме. Наеднаш се јавија некои ингениозни фигури, кои станаа инстант историчари и почнуваат во ова време кога на целиот глас зборуваме Македонија, Македонија, самостојна држава, независна држава, да го проблематизираат прашањето на нашите етнички корење. Во чие својство, во чие име се прави тоа, со која добра намера кон Македонија и за Македонија. Да ги броjам ли личностите кои се, кои беа и кои што сеуште на листата на оваа Влада, а кои дале такви изјави и кои што се плаќаат од парите на овој народ, кој што се смета ништо друго освен Македонци. Право е некои поединци да се декларираат како сакаат, ама немаат право со државни пари да го прават она што го прават. Или одлуката за Жупа. Па која држава во светот ќе го направи тоа. Би можело половина да му се прости на г-динот Георгиевски и на Владата, бидејќи признаа за грешките, ама од тоа немаме ништо. Ако ваква политика не се прекине, немате морално право да зборувате за Македонија. Никој. Можам да ги прашам луѓето од ДА, се согласуваат со овие нешта што се вклучуваат на тој план. Ќе го прашам г-динот Тупурковски, се согласува ли со тоа, да е тука. Г-динот министер за надворешни работи. Ќе го прашам г-динот Климовски, се согласува ли со таа политика и колку му е поголема платата овде да го трпи тоа, да го прифаќа, да го одмолчува, во споредба со платата на факултетот и кои се тие други привилегии, да мора да се голтнуваат такви прашања. Ќе го прашам г-динот Војо Стојановски. Тој пее за Македонија, цела, жива била, ваква биле, неделива. Се согласува ли со тоа. Сите ќе ги прашам, не се секирајте ако даваат такви аргументи. Значи со тоа не може да се стабилизира Македонија. Не може.

Господинот Георгиевски му го врати мандатот на господинот Трајковски и овој му го даде повторно. За ова што се случуваше цела оваа година, за овие крупни нешта и за некои дезинтеграциони процеси што се во тек во РМ, прво дефакто, а сега следи периодот и на правно инсталирање на тие дезинтеграциони облици во РМ, започнаа за жал, а ќе видиме уште малку како ќе се одвиваат. Г-динот Георгиевски требаше мандатот и г-динот Тупурковски, тоа единствено не важи изгледа за Г-динот Џафери требаше да им го врати на граѓаните што гласаа во РМ и да пробаат повторно, дали како Г-динот Трајковски ќе му го врати назад. И тоа би била добра проверка. Се разбира оваа алузија е илузорна, ќе остане така како што ќе остане, ама јас чувствувам должност, одговорност како пратеник, како граѓанин на РМ, како човек што 15-тина години се тепаме за некоја пристојна самостојна држава, да ви го кажам сето ова, без трошка интенција да му ја намалам на било кого неговата лична вредност и нечии добри намери за доброто на РМ. Ви благодарам на вниманието.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Петар Гошев.

Има збор пратеникот Ѓорѓи Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Почитуван г-дине претседателе, почитувани министри, почитувани колеги пратеници, по правата реконструкција на Владата што ја направи г-динот Георгиевски, ви ја кажувам анегдотата за трите писма.

Тогаш очекував дека по потрошеното второ писмо доаѓа време кога премиерот ќе напише само три писма на својот наследник и

дека ќе си замине од должност. За жал, во животот не е како во приказните. Постојат земји во светот во кои владетелите се подготвени да ги жртвуваат сите свои соработници, прогласувајќи ги за непријатели и шпиони, па дури да го жртвуваат и својот народ, само тие со неколкумина свои поданици да останат на власт. Таквите режими се познати како недемократски, авторитарни, па дури и како тоталитарни. Тие се познаваат по тоа што во нив државните медиуми им служат само на една партија и на еден човек. Се познаваат само по тоа што во нив се апсат новинари, на опозиционите медиуми им се исклучува струјата, се упаѓа во нивните редакции и се тепаат новинари. Во таквите режими полицијата упаѓа во судовите, во приватните имоти, во акционерските друштва, влегува во домовите и апси по своја волја или по наредба по сопствениот вожд и на неговите локални шерифи.

Слободните избори во таквите режими се сведуваат на слобода за користење на сите средства, на поголемо насилство, корупција и злоупотреба на државните фондови за победа на претставниците на Власта. Во нив промената на власта не е препорачлива, ниту дозволива. Во таквите режими премиерот и удира четки на опозицијата, му удира четки на народот, а и народот и опозицијата се среќни што ги води еден така досетлив човек.

Евентуалните критичари на таквиот режим се прогласуваат за непријатели и шпиуни, кои требат да се апсат, штрајкувачите се дел од саботерската маса која работи директно против интересите на државата и водичот, а оние пак на кои што му паѓаат предвремени избори, тоа се директни поттикнувачи на политичката нестабилност во земјата. Во таквите режими почитувани мои колеги, промените на луѓето на власта се сведуваат на дворски игри, чија цел е да се засили силата на вождот и тој да стане помоќен во практикувањето на неговиот модел на владеење.

Примери за такви режими имаме многу во соседството. Но јас не би говорел за нив, ако во понудените измени во Владата на Македонија не препознавам еден вид дворска игра, по која ќе и биде само полошо на Македонија. Ќе се праша некој, зошто ние од опозицијата не и дозволуваме слободно на Владата да греши како што сака и да си ја сече сама гранката на која седи. За жал, тие што така размислуваат ќе им одговорам дека, ние не мислиме историјата на Македонија завршува со оваа Влада и како одговорна опозиција, но и како граѓани на Македонија сме заинтересирани, со секоја нова Влада, Македонија да напредува на политички и на економски план, а не постојано да се враќаме на почетоците, или да тапкаме на место.

Дозволете ми да објаснам така сметаме промените во Владата ќе доведат до рапидно однесување на состојбите во РМ.

Прво, од оваа Влада заминуваат тројца министри, кои во изминатиот период покажаа барем елементарно познавање на областите за кои беа задолжени и елементарна чесност во одбраната на Законот и на законитоста во оваа земја. Тие тројца, колку и да се незадоволни од нив како опозиција, заслужуваа внимание, затоа што не дозволија кабадахиската и насилничката власт во Македонија целосно да профункционираат. Кои се тие министри:

Прво, тоа е министерот Владо Камбовски, доктор по правни науки, професор по кривично право, автор на бројни трудови од областа на правото, човек кој течно зборува Англиски и Германски и на кој работата министер за правда не му беше непознато. По се изгледа дека она што му беше непознато и заради тоа што не е во составот на оваа Влада, е фактот што се дрзна да ги заштити судиите од полициските упади во судовите, што го осуди повикувањето на судиите на информативни одговори во полицијата, што се спротивстави на барањата за експресни апсења и што ги осуди притисоците на извршната власт во Судството, што не ги прифати оценките на Владата за наводниот национал -шовинизам во Врховниот суд на Македонија. Тој човек, од страна на најверните поданици на премиерот беше осуден за упад во изборниот процес, само заради тоа што по должност, неговото Министерство му ги доставило на Врховниот суд списоците за избирачките легитимации и што јавно призна дека неподелените избирачки легитимации во вториот круг се украдени со упад во подрачните министерства за правда во Тетово и Гостивар. Тој несомнено е оценет како неподобен за остварувањето на намерите на оваа власт, за која се е легитимно, што и овозможува да остане на власт.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:** (Продолжение)

Но, во овој случај не ме чуди намерата на премиерот, туку однесувањето на лидерот на Демократска Алтернатива г. Васил Тупурковски, кој најави засилена борба против криминалот и во неа тргнува преку отстранувањето на министрите од својата партија за правда и за полиција.

Вториот човек што си заминува од оваа Влада, е министерот на полицијата. Тоа беше несомнено единствениот професионалец во претходната Влада, кој се дрзна да каже дека полицијата е професионална структура која мора да работи исклучително според законот и дека во полицијата не смее да постои поделена хиерархија. Тоа значеше дека полицајците за своите постапки мора да одговараат исклучително пред министерот, а не пред нивните партиски или локални шефови, на

чиј предлог се поставени. Овој принцип г. Трајанов се обидуваше да го воспостави, бранејќи ја својата професионална чест, но истовремено создавајќи брана за можните злоупотреби. Тој лично го крена гласот против кабадахиското однесување на еден Пане Велев, на еден Љубе Бошковски и на еден началник на полициската станица во Велес, кој по се изгледа работеле директно според инструкциите на вистинскиот шеф на полицијата во Македонија, госпоѓицата Доста Димовска.

Денеска г. Трајанов не го спасува ниту тоа што полицијата успешно ја заврши својата улога во време на бегалската криза, ниту тоа што во време на претседателската кампања по нарачка ги отвори истрагите за атентатот врз Претседателот и за аферата со кокаинот, ниту го спасува тоа што со прст не мрдна во процесот на изведувањето докази за најголемиот криминал во историјата на изборите во Македонија, ниту заради тоа што не е откриен ниту еден виновник за упадот во службените простории на Министерството за правда во Тетово и Гостивар. Не. Тоа се ситни услуги на режимот од негова страна. Тој е виновен, затоа што без да праша си дозволил да каже дека ќе смени некој насилник во полицијата или пак самиот го суспендирал, а цела Македонија виде дека тој насилник ги добил инструкциите директно од премиерот.

Третиот министер што се менува е г. Борис Стојменов. Тоа е единствениот човек кој во претходната Влада ги осуди незаконските упади по фирмите, па дури и запирањето на производството од страна на г. Сашо Станинов и кој рече дека ако како министер утврди незаконско однесување на Станинов и на Даравелски, ќе бидат сменети.

Со други зборови, премиерот денеска ги менува сите министри, кои на еден или на друг начин не му се спротивставија на кршењето на законите и на методот на владеење со примена на големо насилство. Овој модел во промените на власта го видовме кога и претседателот на Парламентот Саво Климовски најави дека ќе побара заштита пред Уставниот суд на Македонија, тогаш беше прогласен од оваа говорница за диверзант и му беше покрената интерпелација.

Со овие промени ВМРО-ДПМНЕ станува партија на опасни намери. Но, за карактерот на промените во оваа Влада од списокот на сменетите уште подобро говори списокот на новите министри.

Наспроти професионалецот Трајанов за шеф на полицијата доаѓа госпоѓицата Доста Димовска. Во нејзината биографија, што ќе им биде достапна и на луѓето од европските институции пишува дека, била асистент 10 година на Филозофскиот факултет. Тоа значи, апсолутно неуспешен асистент, бидејќи успешните по 3 години магистрираат. Единственото можно оправдување за нејзината неуспешност е можеби фактот кој не е запишан во биографијата, а тоа е дека таа беше асистент по предметот марксизам и нормално на така омразен предмет, човек не може да магистрира. Потоа во нејзината биографија стои дека била на плата во Компанијата на Борис Стојменов, па и на плата на општината Гази Баба и на плата на општината Кисела Вода, додека ги обавувала нејзините партиски функции. Секако има објавено и две збирки поезија. Од неа никој до сега не прочитал ништо за правата на човекот или за правната држава. Но, цела Македонија знае дека е тоа жената која упорно ги распоредува партиските кадри на државни функции, односно дека е автор на најбруталната партизација на државата. Тоа е жената која стои зад кабадахиските акции на Станинов, Велев и Бошковски. Тоа е жената која не ја интересира ништо подалеку од Групчин и тоа е таа во чија режија беше изведен грабежот за време на претседателските избори. Се што имаме слушнато од неа како опозиција до сега е, еден вид ширење на политичка хистерија во Македонија и говор со кој се умножуваат непријателите дури и во сопствените редови. Таа госпоѓица, замислете треба да биде задолжена од сега па натаму за редот во државата. Но, не е само тоа.

Министерството за правда преминува во рацете на ДПА на господинот Џафери. Тоа е онаа партија која за нашиот Врховен суд смета дека е национал - шовинистички и дека ги прави Албанците граѓани од втор ред и партија која покажа како ќе ја штити правдата особено за време на третиот круг од гласањето во Македонија. Нов министер за правда во Македонија е господинот Џевдет Насуфи, кој од 1977 година до 1992 или точно 15 години живее и работи како стопанственик на Косово, а од тогаш во минатата година е приватен сопственик на млин во селото Велешта - Струшко. Со Министерството за правда во нивни раце и со доаѓањето на Доста Димовска за шеф на полицијата, ние искрено, очекуваме дека сите наредни избори во Македонија ќе бидат редовно фалсификувани.

На крајот, за министер за финансии станува досегашниот министер за трговија Никола Груевски, кој дипломирал пред четири години на Економскиот факултет во Прилеп. Него македонската јавност го памети само како внук на бившиот министер на полицијата Јордан Мијалков, како човек кој се залага за тоа Македонија да ги прекине односите со ММФ и Светската банка и како автор на спотот кој вели: "Си беше една овца и неа ја стрижеше и молзеше кој ќе стигне, а сега Миле сам си ја стриже и сам си ја молзе својата овца".

Но секако, тоа не се единствените бисери во новиот состав. За нас големо изненадување е новиот министер за наука. Тој човек на кого не му е помината интерпелацијата за зулумите што ги направи во образованието, е предложен за министер за наука. Тој за сега се прослави не само со апсолутно светата послушност кон госпоѓицата Димовска, при изведувањето на кадровските промени во образованието, туку и со тоа што работеше спротивно на Уставот, па Уставниот суд ја оцени како неуставна неговата Одлука за започнување на наставата со свештеници и оџи. Потоа, стана славен по изјавата дека физичарите на кои тој им припаѓа, никогаш во историјата не им служеле на диктатори, како што тоа го правеле, според неговите зборови, филозофи, правници, поети и стана познат за време на едно обраќање од парламентарната говорница, кога вадеше од џебовите некакви чипови и ги покажуваше за да и докаже на опозицијата со што тој се занимава, а цела Македонија во време на тој негов експеримент, се прашуваше што ли ќе ни покажеше господинот да беше гинеколог.

Едно од добрите решенија на оваа Влада, е секако смената на бившиот и именувањето на новиот министер за култура господинот Љубен Пауноски е награден за својата лојалност и конечно му се доверени работи во кои можеби навистина се разбира. Но, на сите ни е јасно дека овде веќе не вреди работите да се објаснуваат.

И концептот и структурата на оваа Влада, покажуваа каде таа ќе не води. Секако има луѓе меѓу министрите за кои имам високо мислење, но за жал, од овој момент тие се наоѓаат во лошо друштво и мора да внимаваат.

Ова е Влада која од Македонија ќе направи политичка провинција на Европа, ќе воспостави апсолутно авторитарен модел на владеење. Станува јасно дека од сето ова Македонија нема проблем со составот на Владата, туку со нејзиниот составувач, а според мене тоа е госпоѓицата Доста Димовска, која го има инструментализирано премиерот. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Збор има госпоѓата пратеник Ѓулистана Марковска.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа.

После три дискусии од Социјалдемократскиот сојуз, ќе ми дозволите и мене да кажам нешто сосема на кратко. Воопшто не погрешив кога реков три дискусии од СДСМ, од причина што конечно г. Гошев после толку време отсуство од СДСМ, себе си се наоѓа таму каде припаѓа и на отворената понуда за членство во СДСМ, жалам што г. Црвенковски не е тука, верувам дека ќе ја прифати да се врати таму каде потекнува, бидејќи конечно рече дека после сите егзибиции што ги направи во политиката за 15 -те години колку е присутен во неа, припаѓа таму од кај што почнал односно во СДСМ.

Инаку, никако не можам да сфатам да кажете дека 15 години сте присутни во политиката да кажете дека сте плачеле, а навистина имавме многу плачни периоди, меѓутоа за жал, за сите тие 15 години да не направите ништо, особено не тогаш кога ќе ви се понуди конкретно нешто, а тоа е да го прифатите мандатот за преземање на одговорноста и за учество во градењето на политиката на државата, како што тоа го направи г. Гошев, да кажете дека политиката е чиста манипулација со народот и дека тоа го практикува оваа власт.

За жал, оваа власт прво, нема 15 годишно искуство во партиципирањето во власта. Ако ја земете возраста на г. премиер, возраста на грото пратеници предложени во оваа Влада, грото за прв пат влегуваат во политиката и најмногу се присутни само една година, никогаш не можат да прифатат дека ќе манипулираат со сопствениот народ. Од проста причина, дури и да го сакаат, а длабоко сум убедена дека тоа не го сакаат, немаат толку политички стаж.

Ако веќе зборуваме за принципите во политиката и за плачењето во неа 1994 година г. Гошев плачеше со г. Георгиевски, се повика на него во врска со изборните фалсификати кои беа толку очигледни, меѓутоа воопшто не му пречеше да ја прифати тогашната Либерална партија, која учествуваше во власта како своја пратеничка група, се со цел да практицира во таа власт.

Од останатите претставници на опозицијата, беа употребени термини каква и што е програмата на г. премиер Георгиевски.

Прво, се рече дека се работи не амбициозна, фарсична програма, меѓутоа јас во аргументите кои беа понудени, апсолутно не успеав да најдам ниту еден елемент кој ќе понуди нешто друго освен голо критизирање на она што беше понудено, како рамковна власт на владеењето на оваа Влада за наредниот период. Од причина што имавме не така далеку период кога Владата на г. Црвенковски, дури не го удостојуваше Парламентот ни со основните елементи на макроекономската политика со која ќе се сретнува Македонија, бидејќи се работеше за едно партиски Парламент, кој мораше по автоматизам да усвојува се она што ќе го каже Владата како своја програма или како свој елемент и од причина што воопшто немаше опозиција која ќе произнесе поинакво свое мислење. Во овој период сега имаме опозиција, меѓутоа за жал, истата очигледно не оперира со многу аргументи, бидејќи освен критизерство, не слушнав ниту

еден валиден податок кој ќе рече она што беше искажано во рамковната програма, не е она што практично го работи Владата на г. Георгиевски. Инаку, како поинаку може да се сфатат теориите кои беа речени од неможност да се реализира ветувањето како последица на лошите резултати во работењето и уште полошо недоверба на гласачите, не гледам таква недоверба ако од страна на ВМРО-ДПМНЕ веќе е избран претседателот на државата г. Борис Трајковски, или од некој перманентен притисок си изнудила оставка на Владата.

Господинот Љубчо Георгиевски рече дека оставка на Владата се нуди исклучиво од причина што предлага една подлабока реконструкција на Владата, која ќе опфати повеќе од 1/3 од министрите, а бидејќи тоа не е можно без да се даде оставка, го врати мандатот на претседателот на државата и истиот го доби како претседател на партија, која има најголем број пратеници во Собранието.

Инаку, се што беше речено од аспект на невработеноста, од аспект на не присуство на инвестициони програми, од отсуство на незаживување на инвестиционен циклус, може исклучиво да се сфати само како парафразирање или како обичен политички памфлет, бидејќи апсолутно нема никаков податок за тоа.

Беше речено што и како ќе се случи, ако Предлогот на законот со кој се усвојува ВАТ системот во Република Македонија, Предлогот на законот за додадена вредност ќе почне од 1 јануари, е симната како точка од дневниот ред односно нема да почне од 1 јануари, туку од 1 март може само да се заклучи дека се работи само на една потемелна подготовка на Владата на Република Македонија, се со цел ова законско решение кое е доста сериозно, со кое имаат проблеми многу поразвиени земји, во смисла на поразвиена економска мрежа, со развиена трговска мрежа во Република Македонија, сите оние препреки со кои тие ги согледале во текот на дејствувањето на овој закон, бидат применети во Република Македонија уште во старт и сето тоа граѓаните и потрошувачите не го осетат на свој грб.

Како поинаку да се сфати дека стоковната размена во Република Македонија во изминатите 10 месеци е на 88% ниво од претходната 1998 година. Ако веќе една држава на 20 км., како што е Република Македонија, имаше непосредна воена опасност која траеше цели 4 месеци, колку што беше бегалската криза во Република Македонија успеала стоковиот развој го насочува на 90%, извинете за мене се работи за можеби не голем успех, за релативен успех, од причина што за овие 4 месеци Владата комплетно беше оневозможена да работи онака како што имаше зацртано во својата програмска политика. Она што овде беше прикажано како неуспех, може да се прифати исклучиво како успех на работа на оваа Влада, затоа што работеше во многу тешки, односно скоро во услови на непосредна воена опасност.

Сите други инсинуации кои беа речени, од типот зошто и каков договор со ММФ, овде беше добро речено дека Договорот со ММФ не беше склучен, од причина што прво ММФ не може да го склучува тој Договор во услови на непосредна воена опасност.

Второ, што имавме проблем наметнат со 12 загубари, кој не го создадовме ние, туку како последица на долгогодишното владеење на претходната Влада беше создаден од неа, а ние ќе мора да го решиме како таков и од причина што почнавме со избори каде никаде во светот ММФ, со цел да не влијае со никаков свој аранжман на изборните резултати, таков аранжман не склучува. Токму од тие причини ФЕСАЛ аранжманот и било каков друг аранжман од ММФ не беше склучен.

Она што мене ме зачудува, а што веројатно г. премиер го зачудува веројатно и целата македонска јавност многу е не тешко, туку е не соодветно некои министри кои не се наоѓаат на листата на г. премиер за новата Влада, да бидат бранети од страна на опозицијата. Што значи тоа? Не дали министрите се добри или лоши, туку дали министрите ја почитувале Рамковната владина политика, за која секој еден министер е надлежен и должен да ја почитува од причина што Владата работи како колективен орган. Само во тоа можам да ја сфатам причината која беше напомената од страна на премиерот, дека некој се сменети, а не од причина што не биле добри во работењето, туку токму од причина што Владата како колективен орган да може подобро да работи и се она што ќе се договори на ниво на Влада, да биде подобро операционализирано.

Меѓутоа, да се најдеме во позиција министри од Владата ги брани опозицијата, тоа значи дека нешто не е во ред. Или со работата на тие министри или со работата на премиерот, ако тој истите не сака да ги промени. Ние не можеме да очекуваме поедини министри во Владата на една владеачка позиција, ги бранат претставниците на опозицијата. Комплетно ќе се измешаат лончињата, тоа не е процес на демократија. Напротив тоа е процес на нешто што шкрипи во Владата, а што очигледно треба и мора да се доведе во ред.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:** (Продолжение)

Од аспект на партизацијата што овде ја спомнавте, од причина на апсење на новинарите и слично, кажете ми дали во овој период или воопшто, во било кој период во

Република Македонија, постоеле повеќе опозициони гласила, отколку денеска што постојат во Република Македонија. Сите гласила денеска во Република Македонија се опозициони и тоа е добро за демократијата. Јас не гледам, не знам дали некој новинар е приведен заради тоа што го напишал. Се разбира дека не. И дека, правото на слобода на печатот апсолутно како условно гарантирана слобода, е комплетно присутна во целокупниот наш амбиент на живеење. Меѓутоа, очигледно за многу начела на демократијата и ние и опозицијата и сите вклучително заедно уште многу мора да учиме.

Дали и како биле апсени новинари, па Владата се огради од тој чин. Сигурно не беше по налог на Владата направено тоа што беше направено таму.

Што се однесува до оценките во врска со изборите, тие оценки беа позитивни, за изборите, прво не се точка на дневен ред. Ние имавме и добивме легално и легитимно избран претседател на државата. Може некој да го ословува како што сака. Не знам само дали она што Социјалдемократскиот сојуз го најави од аспект на граѓанска не послушност и не почитување, правото на почитување е прашање на културата. Меѓутоа, законите кои што ги потпишува со указ претседателот на државата се облигаторни за сите граѓани на Македонија, облигаторни се и за членовите на СДСМ, за сите нивни симпатизери и приврзаници. Така што не гледам на кој начин ќе може легитимитетот на постојниот претседател на државата, СДСМ да го оспори.

И, нешто сосема за крај. Го молам господинот Гошев и сите оние кои упорно од оваа говорница и насекаде удираат на анти македонството на владеачката партија, односно на сите припадници на ВМРО-ДПМНЕ, да се ослободат од тој комплекс. Затоа што, во Република Македонија нема потреба од апологети на македонството. Во Република Македонија пратениците на ВМРО-ДПМНЕ, сите членови на ВМРО-ДПМНЕ се патриоти во онолкава смисла колкава што треба да бидат. Патриоти во смислата на националната партија на Македонскиот народ. Затоа што, Република Македонија низ целата своја вековна историја, страдала токму од тие луѓе кои сакале да го делат сопствениот народ. Не страдала од луѓе кои биле нејзини соседи, не страдала од некои луѓе кои се надвор. Така што, се со цел да во Република Македонија имаме не само демократски амбиент, туку да имаме и добри патриоти присутни овде меѓу нас, јас ве молам ниту мене, ниту на било кој наш член, ниту на било кој друг пратеник, да не ни го оспорувате правото да ја сакаме Македонија онолку колку што ја сакате Вие или пак да не прогласувате Вие за нешто, за кое што ниту во нашите сонови не сме го имале.

Според тоа, Ве молам, со анти македонството воопшто повеќе натаму да не оперирате. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам. Збор има господинот пратеник Мерсел Билали.

**МЕРСЕЛ БИЛАЛИ:**

Почитуван господине претседателе, дами и господа пратеници, искрено, кажано ова што јас го слушнав во воведното излагање од страна на господинот екс премиер, сегашен мандатор, стекнав впечаток дека е интересно да се слуша. Дури, ќе беше по интересно ако од тоа излагање ќе доминираше поголема доза на искреност, реалност и објективност. Вака, секој може да размислува во правец на тоа дека сите овие работи, сите овие промени што се прават, не се прават за некоја возвишена цел, туку се прават просто и едноставно од маркетиншки причини. Значи, не се прават во правец на тоа да се стекне по адекватна и по квалитетна структура што ќе ја води владата понатаму, туку само поради тоа во јавноста да се кажува дека сепак, кај нас постои одговорност и ете, некој одговара за нешто.

Сакам накратко да се навратам една година поназад, што беше кажано во ова Собрание, до душе не во оваа зграда, бевме во другата зграда. И тогаш, ми се чини дека, зборовите, искажувањата беа исти. Се повикува на интересите на граѓаните, на економската благосостојба, на социјална заштита, на образование, култура, меѓуетнички односи и т.н. Како пратеник, верувајте дека воопшто не сум среќен дека состојбата е ваква, лоша, каква што е. И, би бил среќен поради овој неуспех, верувајте дека тоа би личело на она народното "на комшијата да му цркне кравата", што е најлошо за сите. Последиците ги чувствуваме сите ние како граѓани, нашите семејства, нашите деца и т.н.

Од сето ова што беше кажано тука, јас стекнав впечаток дека се работи за одредени желби што сакаат, односно што сака Владата да ги постигне. Тоа се желби за промени, за напредок, економски прогрес, економска благосостојба и т.н. Но, желбата постои како желба и во другите области. Сите ние имаме безброј желби и сакаме да ги исполниме тие желби. Меѓутоа, прашањето не е во тоа колку желби имаме нешто да промениме, да авансираме, и т.н., туку како тие желби можат да ни се остварат. Тоа е клучното прашање.

Нема шанси да ни се остваруваат без труд, без знаење, без одредени инструменти. И тоа, не без било каков труд или не без било какво знаење или не без било какви инструменти. Јас мислам дека за остварување на тие желби е потребен професионален труд, перфекционирани инструменти и т.н.

Бидејќи оваа структура што функционираше и оваа што веројатно ќе функционира, лично барем јас ја сметам како една филхармонија што треба хармонично да функционира и веројатно, еден лош свирач на диригентот ќе му создаде големи проблеми, изгледа во оваа структура што ни се нуди, имаме луѓе кои дури немаат видено ни инструмент, а камоли да свират во филхармонијата што ќе ја води господинот диригент. Се разбира не би сакал да генерализирам тука. Се уште имаме одделни министри кои доста свесно и професионално се трудат да ја вршат работата, меѓутоа тоа се тројца или четворица.

Лично, воопшто не ја знам состојбата и ситуацијата на некоја држава која просперирала, економски, социјално, културно и т.н., без стриктна професионализација, без професионални кадри. Значи, такво нешто не се случило на ниту една држава во светот, а јас не верувам дека има шанси и да ни се случи нам. По најмалку има шанси нам да ни се случи.

Да одиме по ред, во споредба година дена наназад.

Значи, и тогаш беше кажано: економски просперитет, економски напредок, благосостојба до ниво на достоинство и не знам што, а реално година дена попосле, значи после една година имаме реален пад на производството, ланчано претпоставувам реален пад на животниот стандард и т.н.

Некој тука од СДСМ кажа дека, новата власт нема пристап, така нешто во Западна Македонија. Ако не сум го цитирал добро нека ме извини. Се согласувам со него, од причина што реално оваа Влада нема економски пристап во Западна Македонија. Верувајте дека циклусот на инвестиции во Западна Македонија воопшто не постои. Ќе побарам и службена информација за сите доделени кредити. Ќе се убедите дека во Западна Македонија тешко некој добил кредит, што може да служи за економски просперитет.

Дури и повеќе од тоа, сега веќе не се градат ниту основни инфраструктурни објекти, што во некоја мерка се градеа до сега. И, ако сакате за судбината на тој дел од РМ да дознаеме, тогаш земете го Просторниот план, кој е во процедура и ќе се уверите каде се градат слободни економски зони и трговски зони, каде се градат аеродроми и т.н.

Вториот сегмент е социјалата. Без оглед на тоа што лично, однос но мојата партија е во опозиција, јас се израдував на тие промени, особено сакав да поверувам на искажувањата дека тие 100 илјади лица ќе ги вработиме. Верувајте дека тоа делуваше многу атрактивно и симпатично. Меѓутоа, за жал тоа не само што не се оствари, туку имаме дополнителни 50 илјади други невработени, кои чекаат во Бирото за вработување.

Имам уште еден, веројатно утре ќе дискутираме за тоа. Во однос на ребалансот на Буџетот, па се кажува дека Владата потрошила за интересите на бегалците 70 милиони марки, што е своевиден апсурд во време кога сето се компензираше од меѓународните институции дури и локалниот транспорт па и земени одделни кредити и преференци, да не кажам и 50% од социјалната помош што беше дојдена од надворешните структури беше поделена во источниот дел во РМ.

Културата, беа ветени многу пари за културата што ќе направи културен бум во РМ. Напротив, и ден денеска ништо од нулта точка не е мрднато. Дури секој се прашува каде се тие пари?

Државната управа, воопшто не е важно да се убедуваме дека државната управа е партизирана. Тоа секому е јасно. Многу е важно да се каже дополнително и ова што не е до крај многу јасно, дека државната управа не само што е партизирана, туку и професионализирана до крај. Така што моментално во државната управа не важат моментално никакви стручни принципи, како што се принципот на хиерархија, субординација и т.н. Напротив, таму владеат локални моќници кои "имаат заслуга" од изборите и тие толку се имуни што дури ни министрите и на министрите и се заканува дека имаат сила да ги сменат. Замислете каков однос може министерот да воспостави со нив, кога се знае дека тој има некој чуден имунитет и функционира како засебна институција.

Затоа, секој е убеден дека ние со светлосни години сме далеку од тоа што е на чело во државната управа, дека државната управа треба да биде сервис на граѓаните. Напротив, во таа структура имаме невидена корупција, невидена манипулација, да не кажам и дискриминација и партиска па и друга. Единствено во оваа структура зборувам за државната администрација што е талентирано тоа е корупцијата, не професионализацијата, прекршувањето на законите и др. За да може Владата да импонира професионализација на оваа структура, се разбира таа треба да појде од себе. Ако тој принцип на работа не го воведе кај своето работење, нема шанси кај другите структури, како на пример некој спомна тука имиња на одделни министри, еве и јас ќе спомнам на пример господинот Камбовски, беше еден врвен правник, научник, кој имаше идеа како треба да изгледа политичкиот систем на РМ, како би требало да изгледаат уставните промени, правата на човекот и т.н. Тој е сменет, затоа што некому не му се допаѓал.

Или пак господинот Стојменов кој успешно ги водеше, во рамките на позициите што ги имаше, преговорите со меѓународните финансиски институции. Сменет е, само затоа што човекот се осуди јавно да каже дека во Владата, во нејзините структури постои корупција. Сега човекот го нема во редовите на министри.

И така, кој ќе поверува, се поставува едно логично прашање, кој ќе поверува понатаму на овие проекти што следуваат во однос на корупцијата, наводно Владата против корупцијата, кој ќе поверува едноставно во Владата, кога ликвидира човек кој јавно се осудува да каже дека во Владата има корупција. Нема шанси.

Друго, во однос на корупцијата јас мислам дека во средствата за јавно информирање беше презентирана една изјава, односно еден извештај каде беше кажано многу јасно во однос на корупцијата во РМ. Тој извештај на ОБСЕ, кој помеѓу другите проблеми ја потенцира корупцијата, дури искажува еден голем процент на сива економија што се толерира од власта. Верувајте дека тоа толку многу ќе не оддалечи од интеграционите процеси, што не се свесни повеќемина луѓе кои ги водат овие работи.

Потоа, што е важно, власта ги условува субјектите, односно економските субјекти на различни начини и фактички тие субјекти се во тотална економска блокада и само тие луѓе да се вонсериски, па можат да се спасат и да одат напред при такви условувања што ги врши Владата на РМ.

Потоа, едно прашање што исто така беше тука потенцирано, е прашањето на високо образование на албански јазик и на Тетовскиот Универзитет. Јас сум сигурен дека тука се работи за тешка манипулација, од причина што состојбата се враќа до позиции пред три или четири години кога се расправаше тука за приватен Универзитет, а сега се расправа за приватен колеџ. И, незнам кој студент, кој родител има такви средства на своето дете да му даде пет илјади марки годишно, за да може да се запише на тој приватен колеџ.

Ве молам, ако се потенцира тука само поимот високо образование, па ние и до сега веќе имаме високо образование, дури и по авансирано, затоа што се финансира од државата, како што е Педагошкиот факултет на албански јазик кој трае четири години и другиот факултет за литература.

Тука се поставува едно круцијално прашање, зошто тогаш луѓето плаќаат данок? За да се финансираат службите на државата. Значи, еден слој на граѓаните ќе се стави во позиција на дискриминација, од причина што плаќа данок, затоа што ќе се школуваат луѓето и за високото образование, а дополнително од својот џеб треба да извади за сопственото школување.

**МЕРСЕЛ БИЛАЛИ:** (Продолжение)

На секој е јасно дека тука се работи за една тешка манипулација. Уште повеќе кога се предлага сега како нов министер за образование, професорот Гале Галев, колку јас се сеќавам тој господин, научник своевремено им даваше поддршка на митингашите кои тука си направија камп, па им кажуваше никако да се поддржи настава на високо образование на албански јазик. Сега истиот тој министер ќе подготви Закон за високо образование, каде ќе се инкорпорира Тетовскиот Универзитет. Па, тука ни децата од 3 години не можат да поверуваат.

Полето на демократизација на односите. И тука со потполна одговорност можам да кажам дека е во прашање голема стагнација. Ако се се смета за барометар медиумите или средствата за јавно информирање, за тоа колку едно општество, колку една држава е демократизирана, тогаш можеме да констатираме дека ние сме на пат да бидеме тоталитарна држава. Средствата за јавно информирање сега се задушени, работат во страв и самите признаваат и се јавуваат дека работат во услови на терор, така што може да се каже дека сега имаме своевиден информативен атентат со елементи, на жалост, на мини државен удар во РМ.

Јас мислам на крајот дека вака како што работиме и вака како што мислиме да работиме, не што немаме теоретски шанси да се здобиеме со статус на асоцијативен член во ЕУ, напротив, вака нема да не примат ни како чистачи таму.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на господинот пратеник Мерсел Биљали.

Збор има господинот пратеник Љубисав Иванов - Ѕинго.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ - ЅИНГО:**

Господине претседателе, дами и господа.

Прво, една реплика на господинот Петар Гошев. Јас веднаш се јавив, меѓутоа претседателот не забележи и не му се лутам, затоа што два пати ќе излегував.

Веројатно, господинот Петар Гошев знае дека судството е независно, државно и тој веројатно не мислеше на тоа судство, можеби мислеше на суд и судии во фудбалската фела. Таму некои булеварски весници пишуваа на времето дека, имам влијание и свои судии, но сега јас му ги предадов на Ламбе Арнаудов и веќе ги немам тие судии, ако сум ги имал.

А, упадот во судот беше два пати упад, во државниот суд и упад во фудбалскиот суд и јас немам ништо против. Што се однесува до ТВ, мислам дека е во

позитивна конотација, затоа што ние се определивме за приватна своина. Доколку има во тој поглед промени, може да се измени Уставот и да се изврши национализација и да нема телевизии приватни, поправо телевизии на приватни компании и тогаш може и во тој правец, тоа е познато воопшто во светот како што е денационализација, така и национализација. Толку во врска со тоа. Мислам дека сега е време да поминеме на сериозни теми.

Денеска расправаме за една програма и за реконструкција на една Влада и некако сето тоа има симболичен карактер тоа да се прави на прагот на новиот милениум. Тоа е на прагот на 21-от век, век во кој што без оглед на нација, вера, без оглед на држава и т.н., сите порано или подоцна ќе влеземе, зависи од тоа кој како го мери времето. Век во кој што влегуваме со различен товар и со различен, како што велат багаж. Развиените земји влегуваат во големо богатство, со развиени демократски системи, развиени парламентарни системи, развиена пазарна економија, со огромно богатство, со голема концентрација на знаења, високи технички, технолошки достигнувања, со основи и бази кои што на тие општества во новиот милениум ќе им донесат невидени високи стандарди, живот и т.н. Тука мислам дека немаме никакви разлики дека, сите се согласуваме со тоа и на друга страна неразвиен свет, во кој припаѓаме и ние, ние кои влегуваме со 10-годишна транзиција, 10-годишна стагнација, 10-годишни негативни ефекти во стопанисување, пад на производството, економичноста на профитот, на осиромашување, на губење на едно огромно богатство. Тоа е 10 години каде што имаме статус кво во развојот на демократските односи, во развојот, ако сакате и на пазарното стопанство статус кво. Сето тоа е предизвикано од целокупната промена која што сами ја избравме, сами се договоривме во овој Парламент, сами така одлучивме, таков Устав донесовме и некој во целата таа работа многу подобро се снајде од нас, како што е Словенија, која се извлече од канџите на меѓународните финансиски институции, подоцна Полска некаде 1994 година, а некаде 1996 година и Чешка и т.н.

Ние тоа не можевме да го направиме, не затоа што нашиот почетен став беше голема задолженост, без девизни резерви, без финансиска моќ, а и со недоволно развиено стопанство. Според тоа, цехот го плативме, тој е голем, очигледен и т.н.

Партијата на која јас припаѓам, СПМ ова одамна го има согледано и јас уште 1996 година, спроведувајќи ја програмата на партијата отворено и јасно истапив во јавноста и реков "ние мораме брзо да се освестиме. Да постигнеме консензус по три основни прашања". Вие добро се сеќавате, тоа е време кое останува во паметење, не е тоа долго време и не припаѓа на некои други генерации, реков дека треба да постигнеме консензус по прашањето на надворешната политика, по прашањето на меѓунационалните односи и по прашањето не економскиот развој. Тие три фундаментални прашања. И тогаш се обратив стотина пати и реков дека во тој поглед треба претседателот на државата да одигра значајна улога во собирањето на партиите и во еден историски договор по сите тие три прашања. Гледате тоа ние инсистиравме пред 5 години, а денес колку изгледа да го видов, колку стратегиски значајно прашање беше поставено.

Ние навистина по првото прашање постигнавме еден одреден конценѕус. Во тој поглед и новата Влада во глобала се држи на тие договори. А тоа е: влегувањето на Евро структурите, безбедноста да се гарантира од НАТО, развој со сите земји на добри односи, на политички и на економски план, посебно на развојот на односите со соседните земји. Мислам дека, во тој поглед немаме денеска некои поголеми разлики. Разлики можеби има само во модалитетите. Немавме храброст тогаш да се зафатиме со второто прашање. Немаше доволно храброст да се разговара по прашањето на меѓунационалните односи. Се мислеше дека ќе се отвори едно прашање, кое може да ги наруши тие меѓунационални односи, ако отворено и директно разговараме по нив. Се гледа денес колку во тој поглед направивме грешка. Ако за нив разговаравме, па макар и да разговаравме и до денеска и да се договоревме, ние ќе бевме многу поблиски и до европските институции и многу поблиски и до внатрешната стабилност на земјата.

Според тоа, тоа е прашање кое треба сега и понатаму, не е касно, да се отвори и по него да се разговара. Прашањето на консензус на економските прашања е едно од најзначајните прашања и највиталните прашања, затоа што тука ако постигнавме консензус и ако тргнавме низ една излезна линија, тогаш многу полесно првите две прашања ќе беа решени. Тогаш вие се сеќавате дека ние зборувавме дека најважно прашање во тоа време, а денес уште повеќе, е економското прашање. Ако е тоа така и ако е денеска така, јас тврдам дека е така, тогаш ние речиси од утре треба да почнеме по тие прашања јасно и отворено да зборуваме и меѓу партиите и овде во Парламентот, нормално во Владата треба да се расправа и да се постигне по сите прашања витални еден договор. Ако гледате како се работи тоа во светот, во развиените земји кон кои ние сакаме да се приклучиме и дојдеме, тогаш ќе видиме било која партија да е на власт, по главните, овие прашања, по прашањето на надворешните работи, прашањето на меѓунационалните односи, по економските прашања, тогаш речиси нема разлика меѓу

партиите. Има разлика можеби по социјалните прашања.

И затоа денеска кога некоја по конзервативна партија ќе дојде, повеќе го застапува капиталот, а кога ќе дојдат социјалистичките партии, тие повеќе се залагаат тоа социјалата. Според тоа, мора да има некоја разлика која разлика се манифестира и во самото предизборие и во настапувањето на кандидатите на партијата, но по виталните прашања, национални нема разлики. Вие гледате и во земјите во Европа, во кои што владеат социјалистичките, левите партии, тие во однос на капиталот, приватната сопственост, во однос на профитот, во однос на развојот, немаат разлика. Со партиите со кои што до вчера владееја, како што е партијата на Кол и т.н. Разликата е па во социјалата.

Според тоа, ако ние навистина констатираме, а тоа е точно, а тоа е проблемот на невработување денес е најзначаен проблем, кој треба многу брзо да се решава. Тој проблем се јавува и во развиените земји, меѓутоа во многу мала мера и симболично, може да се каже и ако тој проблем сакаме ние да го решаваме како што мислат да го решаваат високо развиените земји, тогаш тој проблем ќе станува кај нас се посложен и посложен и потежок, затоа што ние не располагаме со такви технички и технолошки можности, а и со таков капитал како што тие го решаваат. Бидејќи имаат голема концентрација на богатство и капитал, тие го решаваат врз други модалитети и низ други форми. Можеби прашањето може кај нас да се решава низ развојот на трудо - интензивните гранки, а тоа значи развојот на лесната индустрија, земјоделието, градежништвото, туризмот и т.н.

И после тоа, ако се тоа гранки во кои може тоа прашање да се решава и таму да се акумулира најголемиот број на невработени, тогаш треба да се изгради стратегија како да се развиваат тие гранки. Некаде 1998 година, Владата во тој поглед почна да размислува и да работи и некои напори во тој поглед се направија, меѓутоа еве денес ние практично повторно сме на почетокот на решавањето на тој проблем. Иако тука мислиме дека можеме невработените, големиот број, армија на невработени, да ги ангажираме, посебно на квалификуваната работна снага, тогаш треба и сопствените средства и дополнителната акумулација која доаѓа од светот, да ја усмериме во тој правец.

Меѓутоа, многумина мислат дека ние денеска треба да се занимаваме со развој на висока технологија, со производство на компјутери, на чипови, на електронски уреди и т.н. Тоа е се добро, ние треба секакви можности да развиваме, меѓутоа тоа можеме да го развиваме како додаток на целокупниот свој развој. Никој не треба да бега и од таму.

Понатаму, треба да оцениме што треба да направиме во индустријата и кој е приоритетот во индустријата. Дали во активирање на постојните капацитети кои денеска многу техничко и технолошки заостанаа или не мислам само на големите капацитети, треба да одиме на нови капацитети. Јас не претендирам денеска да кажам во кој правец тоа треба да се решава. Тоа треба да го прикаже една студија, детална што треба да се направи во државата по сите прашања и таа да ги покаже сите параметри во тој поглед. Инаку, кога јас би се изјаснувал тоа повеќе би изгледало на шарлатанство отколку тоа да почива на некои научни студии кои би ги направиле луѓе во тој правец и т.н., иако јас лично имам свој став и свое мислење.

Според тоа, дами и господа, не овој пат, јас веќе десетина пати и десетина години зборувам за тоа дека, ние треба да ги оставиме нашите караници, нашите расправии, нашите меѓусебни навреди и да го отвориме процесот на демократизација. Да не го држиме него статус кво. Да почнеме да разговараме за сериозни работи, затоа што тие што не избрале нас овде, очекуваат ние со нашата работа и со нашето дејствување да ги решаваме и нивните проблеми. Во спротивно ќе ја доживуваме секогаш судбината на оние пред нас, на оние по нас, ако вака работиме и ние ќе влеземе во историјата на Македонија како пратеници, како луѓе, како членови на Влада, како министри и т.н., кои практично сме работеле за себе, а не за својата држава, не за доброто на народот, кои практично сме ја зауставиле оваа Република и уназадиле за 10 години. Ништо нема да зборуваме што сме направиле или што сме згрешиле претходно. На грешките треба да се учиме, ама сега треба да видиме што да направиме.

Сега треба да седнеме, да ги оставиме сите други работи кои ги ставаме на прв план, кои исто така се развиваат и за кои што имаме и снаги и луѓе понатаму да ги поддржуваат. Да се зафатиме со овие најтешки проблеми, ама овие проблеми се сложени, за овие проблеми треба многу знаење. Најлесно е да се расправаме меѓусебе, да се навредуваме. Тука сме најголеми стручњаци кој по паметен, кој по умен во тој поглед сака да се покаже, но народот тоа не го цени.

Затоа, имаме ние снаги, имаме и умни луѓе и не треба да ги гледаме дали припаѓаат на мојата партија или Вашата. Сите тие умни луѓе се патриоти и сите тие може и ќе се активираат и ќе го стават своето знаење на располагање на својата нација. Еве, тука не е претседателот, но јас се обраќам кон него, во тој поглед да направи напори да ги обедини снагите во Македонија и на политички и на економски план и да започнеме ако можеме, но добро е и мораме и можеме, во новиот

милениум, со една нова политика, со едни нови односи и доминантно да се занимаваме со економските проблеми во државата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Љубисав Иванов - Ѕинго.

Има збор госпоѓицата пратеник Радмила Шеќеринска.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, пред не цела година во ова Собрание, и ако во една друга сала, тогашниот и денешниот мандатор во своето експозе ја изложи својата програма, го изложи составот на новата Влада и при тоа ја кажа следнава реченица: Ова е Влада која ќе ја внесе Република Македонија во 21-от век. Денес не цела една година од тој настан, тешко можеме да заклучиме дека, не само што оваа Влада не успеа да ја внесе Македонија во 21-от век, туку во него ни таа самата не успеа да влезе.

Меѓутоа, шегата на страна, мислам дека влегуваме во релативно лош круг, кој го прифаќа и ова Собрание, меѓутоа, го прифаќа пред се парламентарното мнозинство, а тоа е секоја година да имаме по една реконструкција или по една Влада, која ќе си ги добие своите 100 дена. Пред тие 100 дена околу 30-тина дена, еден месец, ќе се дискутира за таа реконструкција, ќе се дискутира за новата Влада, ќе се дискутира за односите меѓу коалиционите партнери. Потоа два три месеци од таа година ќе ги потрошиме на избори, без разлика дали се претседателски или локални, во кои Собранието не треба да работи. Понатаму, два месеци ќе бидеме на одмор и т.н. и оние преостанати денови или недели опозицијата ќе може и да зборува, доколку нема друго по паметно што да прави, а Владата ќе може да работи или да не работи и да одмара, според желбите.

Опозицијата, и во периодот кога се дискутираше за новата Влада на Коалицијата за промени, зборуваше, предупредуваше и во таа прилика велеше дека од ветувања не бива, доколку тие веднаш после изборите се заборават. Од Коалиција без усогласена и без јасна програма Влада не бидува. Од список на желби на таква коалиција, програма исто така не бидува, како и дека некомпетентни личности во дадена област експерти не бидуваат.

Меѓутоа, според сфаќањето и на премиерот, според сфаќањето и на парламентарното мнозинство, опозицијата била тука само за да критикува и поради тоа таа не треба да се земе ниту за сериозно, ниту пак нејзините критики и сугестии како добронамерни.

При критиката на некои од тогашните решенија, при критиката на тогашниот владин состав, како и на некои елементи од експозето, единствен одговор кој го добивавме како опозиција од претставниците на парламентарното мнозинство беше и тоа буквално, ние победивме, ние ја земаме одговорноста, ние ќе поставиме во секој ресор кого ние милуваме, бидејќи ја носиме одговорноста лично. Доколку ваквата логика беше вред, а не беше и тогаш тоа го велевме, тогаш се прашувам каде е сега одговорноста, каде е одговорноста на мандаторот поради очигледната грешка или грешки кои што ги направил, каде е одговорноста сега, каде е одговорноста на партиите кои учествуваат во власта, каде е одговорноста на ова парламентарно мнозинство, кое што се доведе делумно и самото во ситуација да одговара можеби и за некои туѓи грешки.

Очигледно е дека овој нов состав, оваа нова предложена Влада е обид да се измијат рацете токму од таа одговорност и тоа одговорност за сето она што ни се случуваше, за сето она што не ни се случуваше во државата во изминатиот период, одговорност која дури ни сега кога имаме комплетна промена на Владата, дури формална промена, значи мандаторот повторно го зема мандатот од претседателот на државата, кој не беше избран според легитимен начин, меѓутоа, сето ова сакам да кажам дека создаде проблем, заради тоа што одговорноста денес не можеме да ја лоцираме ниту во едни раце. Очигледно е дека рецептот станува следен: на секој проблематичен момент се ветува реконструкција или се ветува нова Влада и се очекува таа да понуди некаква надеж на граѓаните на оваа држава. И тоа можеби би било вред и би било логично, доколку тоа не се прави во бескрај. Доколку ова парламентарно мнозинство доби право на надеж или заслужи право на надеж на изборите 1998 година и доколку таа надеж ја сподели и со граѓаните на оваа држава, тогаш веќе во првата реконструкција на оваа Влада беше јасно дека ова парламентарно мнозинство глуми надеж, а јасно е дека при предлагањето на оваа нова Влада, веќе ни глумењето не е возможно.

Имено, се чини дека надежта го напушта дури и мандаторот, кој во неколку моменти на искреност кажа дека сите ние, сите граѓани на Македонија чекаме да дојде крај на оваа година и сакаме што побрзо да ја заборавиме.

Меѓутоа господине Георгиевски, не сте тука, меѓутоа мислам дека ќе чуете, не само од мене туку и од сите оние кои говорат денес на оваа говорница - проблемот не е во годината. Таа беше година иста како и сите останати, сите оние пред неа, сите оние по неа, дури не беше ни престапна. Проблемот е во Вашата Влада. Никој не чека да дојде крај на оваа година, меѓутоа сите чекаат да дојде крај на оваа Влада.

Владата за промени, меѓу другото, дојде на власт како резултат на еден навистина амбициозен план и многу, многу ветувања, кои веќе станува здодевно да се повторуваат, бидејќи на крајот на секое од овие ветувања треба да кажеме не е исполнето, не е исполнето, не е исполнето и тоа навистина ме заморува и мене, и покрај тоа што мислам дека очигледно оваа Влада треба да се потсетува постојано. Обично не сакам да ги повторувам, но сега сакам да го кажам следново.

Навистина е жален обидот сето тоа, сите овие ветувања да се фрлаат во втор план како резултат на она што го кажа и еден пратеник од парламентарното мнозинство, на фактот дека косовската криза ја загрози Македонија, косовската криза имаше влијание врз состојбите во Македонија и т.н. Меѓутоа, факт е дека оној лист со кој толку често мавтавте Вие за време на изборите, а после изборите Вие го заборавивте, меѓутоа ние од време на време мавтаме со него. Факт е дека сите тие ветувања кои ги потпишавте, ги напишавте, сите тие беа ветувања за првите 100 дена. Во тие 100 дена косовската криза не се случи и Ве молам немојте да ја повторувате, заради тоа што едноставно непотребно го заморуваме аудиториумот и овде и пред телевизиските приемници.

Меѓутоа, затоа сакам да потсетам на некои ветувања кои не толку често се споменуваат, а кои останаа да лежат во програмите на партиите во кои учествуваат во Владата. Ќе поставам само неколку прашања дали дел од нив се во рамките на Програмата на ВМРО-ДПМНЕ или во рамките на Програмата на Демократската алтернатива, веќе не е ни така важно, бидејќи обете ја носат одговорноста, за она што го прави или не го прави Владата. Дали во 1999 година беа вратени старите девизни заштеди до 500 германски марки, како што стои во една од тие програми. Дали во 2000 година се планира да се вратат старите девизни заштеди до 1.000 германски марки.

Дали е изработена стратегија за здравство, дали е укината партиципацијата и е овозможена бесплатна позитивна листа, која е достапна на сите во секое време. Дали Владата ја исполни обврската за зголемување на вработувањето и тоа само во 1999 година - внимавајте, ова стои во Програмата на ВМРО-ДПМНЕ, за цели 26%. Дали младите оваа Влада ги направи учесници или жртви на реформите. Дали оваа или наредната година ќе имаме независен судски Буџет. Дали зголемувањето на Буџетот за култура од преку 50% ни се случи во претходната година или реалноста вели дека Буџетот беше намален.

Дали доживеавме стимулација на спортот, освен оваа стимулација на афери и т.н., и т.н. Факт е дека списокот на овие желби кои што толку лесно се даваат во предизборниот период, денес никој не сака ни да ги слушне. Денес дури кога ги дискутираме овие работи во Собранието, некои наши колеги сметаат дека не е нивно место овде во Собранието, дека не треба да ги дискутираме и дека не треба да се сеќаваме на нив.

Интересно е дека дури и во сегашната нова Влада, сегашниот нов состав на Владата, партиите кои учествуваат во власта применуваат еден интересен трик, а тоа е да се повлекуваат од министерствата во кои ги истакнале своите највисоки и најзначајни амбиции, оние министерства во кои се лоцирани нивните најголеми ветувања од сопствените програми. Така на пример, ВМРО-ДПМНЕ, кој најповеќе внимание посветуваше на заживување на стопанството, зајакнување на социјалниот сектор и т.н., ги препушти и двата ресори и стопанство и труд и социјална политика во двете Влади на другите коалициони партнери.

Од друга страна, Демократската алтернатива која беше толку гласан за битката со криминалот, сега веќе ги препушта и обете министерства кои што можат нешто да сторат во таа сфера, а тоа е правдата и Министерството за внатрешни работи.

Меѓутоа, мислам дека ќе биде прејако ако кажеме дека, губењето на рејтингот и на Владата, губењето на надежта, па дури и во оваа нова Влада, се должи исклучиво на овие нереални ветувања кои беа дадени во предизборниот период. Тука ќе се согласам дека можеби оваа лекција ќе влијае врз сите учесници во политичкиот живот во Република Македонија, да внимаваат на прејако кажаните зборови и да размислуваат дека по изборите повторно ќе треба да дискутираат со граѓаните, повторно ќе треба да се среќаваат со граѓаните и токму поради тоа да си ги димензионираат помалку ветувањата.

Меѓутоа, факт е дека оваа Влада не само што не реши некои од прашањата, кои што ветуваше дека со магично стапче ќе ги реши, туку продуцираше нови кризи, нови проблеми, нови состојби од кои навистина тешко денес се гледа решението и крајот. Така на пример, повторно ќе се навратам на експозето од минатата година на тогашниот и сегашниот мандатор, наместо да излезе од балканските стандарди, Македонија се доближи во некои сфери до најлошите примери од нашето опкружување. Наместо да се поништи помислата дека политичарите со своите постапки можат да го нарушат внатрешниот мир во земјата, нашата јавност секојдневно е окупирана со тоа какви се односите во Коалицијата, што ќе значи тоа за Македонија, дали тоа ќе значи некоја нова парламентарна криза, дали можеби ќе значи некоја промена во владиниот состав и т.н. Наместо да престанат политичко - идеолошките етикетирања, денес имаме

политичко и идеолошки чиста држава. Наместо утврдување на највисоките европски стандарди за развој на демократските процеси кај нас, ни се случи поништување на најбазичните, а тоа се оние постулати за одржување на фер и демократски избори.

Наместо прекинување на процесот на политичка арбитрарност и самоволие, како што вели тогаш мандаторот, денес имаме постојани и директни упади на политиката во секоја сфера. Еве, само да ги спомнеме последните случувања во Топилницата, во Шеќеранага, работи кои ни се случуваат јавно, кои што веќе власта не успева дури ни да ги сокрие. Понатаму, да споменам за случувањата во здравството, случувањата со тендерите во оваа сфера и т.н. Наместо развиток на демократијата и цивилно општество, како и взаемна контрола и одговорност на носителите на власта, она што ни се случи во изминатава година беше взаемно замижување пред реалноста и повремени обвинувања за криминал меѓу владините партнери, меѓутоа без никаква правна завршница.

Во изминатава година ни се случија упадите на полицијата на акционерски друштва, кои министрите и Владата наводно ги критикуваа, за да испаднат исправни пред јавноста, меѓутоа всушност јасно беше дури и со нивните изјави дека ги инспирираа и оправдуваа. Тоа ме потсети на една карикатура, на еден виц каде што таткото или големиот брат, таква некоја аналогија ми доаѓа со едната рака го удира детето по прстите, меѓутоа со другата рака го турка кон нови авантури и нови подвизи и тоа беше јасно и при изјавите на претседателот на Владата и во изјавите на неколку министри од Владата и во изјавите на оние кои што се очигледно многу влијателни во оваа Влада и т.н. Се случи министерот за внатрешни работи да изјави дека Владата сака да владее со втерување страв, додека министерот за финансии да изјави дека 340 луѓе од ова Министерство се вработени по партиска директива. Дали е сега случајно или намерно тоа што се токму двајцата кои што се реконструирани, јас не сакам да навлегувам, меѓутоа точно е дека во моменти кога тие беа актуелни министри, тие ги дадоа овие изјави, никој дури не ги ни демантираше.

(Претседателот на Собранието д-р Саво Климовски ја напушти салата, а на неговото место дојде потпретседателот, г. Томислав Стојановски).

Ни се случи премиерот јавно и би рекла дури и гордо, да изјави дека "удирал четки" или ако го ослободиме овој термин од сленгот, дека не ја зборувал вистината. Очигледно, тоа му прејде во навика, што беше јасно и во денешното експозе, кога примени бројки кои што ги добил очигледно со користење на некои операции од висока математика, меѓутоа несоодветно применети. Се гледаше тоа и во изјавата за договорот за високо образование, кој денес значи сега, во последниов месец признавам дека бил дел од Договорот за парламентарните избори со своите коалициони партнери, а кои во тој период, па и непосредно по изборите, па и во изминативе десет месеци упорно тврдеше дека не постои.

Дури, тука би сакала да направам и една мала дигресија, тогашниот потпретседател на Владата госпоѓата Доста Димовска, во едно интервју во весникот "Денес" изјави дека, нема договор меѓу партиите на власта, поточно меѓу ВМРО-ДПМНЕ и ДПА, меѓу партиски договор, нема меѓу партиски уцени во нашата комуникација. Очигледно е дека потпретседателот на Владата не е усогласен во ова "четкање на јавноста" и дека таа продолжува според таа веќе застарена плоча, а дека премиерот смета дека јавноста веќе е подготвена за да и се соопшти ваквата голема новост и сега единствено што продолжува да го тврди е дека за претседателските избори не биле направени никакви договори или уцени. Претпоставувам дека во текот на локалните или парламентарни избори дека, ќе ни открие која била содржината на договорот за време на овие претседателски избори.

Во оваа година ни се случи и тепање на официјални учесници во изборниот процес, крадење на легитимации, нешто што очигледно оваа власт нема намера ниту да го открие, ниту да го обнароди, ни се случи објавување војна на неистомисленици, која што се водеше како по министерствата, така и во јавноста и т.н. Сето тоа покажа дека сосема бил во право оној кој што изјавил дека, оние кои започнуваат како демагози, обично завршуваат како тирани.

За жал, во нашиот случај не само што тоа се покажа како точно, туку и се покажа дека инкубацијата траела релативно кратко.

Меѓутоа, ајде да повлечеме црта над се она што се случуваше во изминатава година и да тргнеме со една оптимистичка теза дека, можеби пораката која што ја испраќаа граѓаните на оваа држава, пораката која што ја испраќаше јавноста, медиумите, па дури и опозицијата, а која што беше наменета и насочена кон партиите на власт, дека можеби е разбрана и дека можеби оваа Влада или ова парламентарно мнозинство е спремно да ги промени промените. За жал, првиот поглед како на експозето, така и на предлог составот на оваа Влада, покажува дека нема место за оптимизам. Еден колега во разговор кога сеуште беше актуелна тезата дека ќе дојде до реконструкција на Владата, а не до нов состав на Владата на Република Македонија, кажа дека не очекува реконструкција, туку до конструкција на тоталитаризмот.

И за жал, изгледа дека се покажува дека бил во право. Имено, самиот факт дека партиите кои учествуваат во власта решија да го поделат пленот, и тоа нај безобразно, нај директно, нај јавно, нај јасно и нај гласно, и за тоа зборуваше господинот Гошев, тоа го прават без било какви дилеми. На еден му паѓа јавно претпријатие, на друг медиум, на трет Министерство, на четврт некои други финансиски зделки или бизниси, не е битно, битно е дека сите се задоволни.

Меѓутоа, ова е само првиот или горниот дел на оваа санта на лед. Вториот дел, кој што исто така заслужува анализа, а беше анализиран делумно е нормално персоналниот состав на новата предложена Влада. Тука ако почнеме од почеток, ќе видиме дека во Министерството за внатрешни работи, исклучително важно Министерство доаѓа госпоѓа Доста Димовска, која што беше досегашен потпретседател на Владата, меѓутоа и прв кадровик, а која што по се изгледа ќе го задржи ова свое место, од што можеме да заклучиме дека не само што таа како до сега ќе одредува кој ќе оди горе, туку и кој ќе оди долу, ама и тоа бајаги доле.

Во фајлот на досегашниот потпретседател на Владата, покрај другите карактеристики, ќе остане запишано дека таа лично во својство на претседател на кадровската комисија, го суспендираше Законот за јавно обвинителство, кога без конкурс, велам како претседавач на оваа Комисија, предложи кандидат за наследник на јавниот обвинител, бидејќи оној претходниот, според опсежното објаснување, не ефикасно ги вршел работите во неговата надлежност.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Ефикасноста не гледам дека е многу покачена во последниот период. Напротив, дури и оние скандалозни апсења, не доживуваат некоја своја правна разврска, ниту пак оние пријави, кои што беа најавени и кои што овој јавен обвинител, сега новиот, вети дека ќе ги разгледа во наредниот период, а се однесуваа на кршење на изборната постапка за време на претседателските избори, исто така не гледаме што се случува ниту со едните ниту со другите пријави. Меѓутоа, очигледно е дека првиот кадровик во државата има различни аршини за членови на различни партии и што е уште пострашно за членови и не членови на одредени партии.

Нашиот, по се изгледа иден министер за внатрешни работи во едно свое, исто така, ретко свое интервју кажа дека цитирам: "тука покажавме и докажавме дека сме за почитување на човековите права и слободи, зашто во текот на оваа година немаше повикување на информативни разговори во полицијата, немаше шиканирања, поради партиска припадност или затворање на телевизии како во минатиот период". Ако ова што досега ни се случуваше, во текот на изминатава година, ако овие злоупотреби, прекршување на законот, тепања за време на претседателските избори, ако информативните разговори не на обични граѓани, не на директори, не на новинари и на судии, ако овие спектакуларни апсења, кои што, како што веќе претходно кажав, некако не им го гледаме оној правниот крај, ако овие кадровски чистки спроведувани по сите нивоа и по директен налог, очигледно, на првиот кадровик, ако оние мистериозни рестрикции на електрична енергија во некои телевизии се сметаат за ништо од страна на, повторно ќе кажам по се изгледа, на идниот министер за внатрешни работи, тогаш можеме само да замислиме што ќе ни се случува во наредната година.

Ако понатаму го погледнеме составот на новата Влада, ќе видиме дека има неколку "изненадувања" со личности, кои немаат апсолутно никакво искуство во областа која што ќе ја раководат, а што очигледно не треба во иднина да ни биде изненадување, освен некои кои се срамат од своето минато, па пишуваат во своите биографии дека биле извршни секретари, меѓутоа не пишуваат на што. Понатаму, неколку рокади помеѓу министерските места како и неколку фикс играчи, освен сето тоа, значи, нема нешто позначајно. Притоа, кај фикс играчите сакам да споменам дека и понатаму одговорен за Министерството за труд и социјална политика останува истиот министер кој што беше потпретседател на Владата, кој што барем јас ќе го паметам како министер, кој што на претходната седница покажа дека не ја знае основната бројка, основниот параметар за дејноста, областа која што ја раководи, а тоа е бројот на невработените или процентот на невработени во оваа држава. Тоа е верувале или не министер за труд и социјална политика, а кој што покрај ароганцијата која што перманентно ни ја изразува на нас како членови на Собранието, минатиот пат, дури и се реши и изведе едно флагрантно дезинформирање на членовите на Собранието, со презентирање на комплетно погрешен податок, кој што очигледно не беше случаен, не беше грешка од негова страна, туку со намера да го обмани ова Собрание и кое што за среќа не успеа, токму поради фактот дека овдека има пратеници кои што ги читаат и ги паметат работите, кои што ги усвојуваме и кои што не дозволуваат неодговорни министри, па дури и не информирани министри да ја наведат дискусијата во друга насока.

Да споменам уште дека двајца министри, од претходната Влада, за кој што Социјалдемократскиот сојуз поднесе интерпелација, а кое што парламентарното мнозинство со сите сили ги бранеше и укажуваше дека се тие односно едниот го

бранеше, другиот најверојатно ќе го бранеше и тврдеше дека тие се најдобрите решенија за овие министерства, сега се сменети на некој начин, со тоа што едниот министер е префрлен во друго министерство, а министерот за култура е сменет, меѓутоа, според овие кадровски решенија, очигледно е дека неговиот дух сеуште ќе биде присутен во Владата на Република Македонија.

Дополнително мандаторот најави дека еден дел од овие реконструирани сменети министри нема да бидат незадоволни, заради тоа што ја изгубиле својата значајна позиција, заради тоа што ќе им биде дадена, ако може да се каже утешна награда наречена амбасадорско место. Се слушаат дека токму овој министер случајно или не ќе стане амбасадор на Република Македонија во Република Бугарија и тука завршува секоја дискусија, која што ја слушавме и при изминатата реконструкција, а која што тврдеше дека оваа Влада ќе го истакне начелото на одговорност како примарно. Заради тоа што, сега мандаторот тврди дека оние министри кои што, бидејќи ги смени не ја вршеле добро својата работа, заслужиле сепак да бидат амбасадори. И премиерот задоволен си ја завршил работата и тие задоволни, добар статус и уште подобра плата.

Да не зборувам дека Министерството за иселеништво кое што се најавуваше барем овој пат дека нема да постои како такво и дека нема да влече и онака малкуте средства од Буџетот, дека повторно се пополнува со истиот министер, за кој што дискутиравме и претходниот пат и се покажаа, според она што се случуваше во Министерството и околу него дека биел во право тие критики, денеска не може за несреќа да биде присутен, бидејќи според она што го слушаме 20 дена, престојува во Австралија.

Многу кадровски прашања остануваат нејасни за јавноста зошто мораше да биде токму така. Меѓутоа, останува се уште отворена и дополнителна енигма, а тоа е зошто новиот состав мораше да биде усвоен денес, еден ден пред да се дискутира за Буџетот за наредната година.

Дали можеби парламентарното мнозинство или мандаторот сакаа да избегнат било каква позначајна или подолга дискусија. Дали сакаа да избегнат малку поопсежно дискутирање на составот, па и на експозето на мандаторот, или пак сакаа да постигнат новите министри утре и задутре да го бранат Буџетот, во чие што формирање не учествувале и претпоставувам дека во текот на таа седница секој пат како резервен адут ќе го вадат тој, дека всушност, тие и не биле задолжени за формирање на Буџетот, меѓутоа еве сега таква е работата.

Единствен дополнителен аргумент на кој што можам да се сетам зошто се ова мораше да биде направено така на брзина и покрај долгото подготвување на јавноста и долгото држење на јавноста во неизвесност околу судбината на оваа коалиција, е дека и мандаторот и потенцијалните министри и парламентарното мнозинство едноставно сакаа да поминат мирни, меѓутоа незаслужени 10 до 15 дена одмор.

Кога започнав со дискусијата, се потсетив на неколку тези од експозето на господинот Љубчо Георгиевски во текот на 1998 година и тоа го направив, заради тоа што мислам дека одвреме навреме здраво е да препрочитаме што се зборувало, да анализираме што се кажало, да анализираме дали добро се кажало. Меѓутоа, точно е дека најчесто треба и себеси да се провериме, па да видиме што сме кажале, што не сме кажале, па затоа препрочитав тоа што и јас сум го зборувала во таа прилика. Видов дека, освен скептичноста, резервите, кои што претходно ги споменав, скептичноста и резервите кои што денеска се потврдуваат, дури од страна на тогашниот и сегашен мандатор, реков дека и овој состав ме потсетува на онаа поговорка, колку нештата повеќе се менуваат, толку повеќе остануваат исти. Сега веќе морам да констатирам дека, за жал, резервата и скептицизмот веќе немаат место на оваа говорница, бидејќи резултатите ги видовме, тие се јасни, јасни ни се нам, јасни и се на јавноста и од тие резултати и од она што денеска го кажа премиерот, од она што денеска мандаторот што го понуди велам дека, за жал, овој пат веќе почнува да важи друга поговорка, а тоа е, колку повеќе работите се менуваат во ова парламентарно мнозинство и оваа Влада, толку тие стануваат полоши. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Збор има Бузлевски Димитар.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани кандидати за министри.

Ни се случува и овој пат пред нас да имаме предлог на состав на нова Влада, како продукт на потпишан договор. Да се присетиме нешто слично се случи на 30 ноември со една мала разлика што, тогаш се предложи состав врз база на претходно потпишан договор, на кој што договор на самата седница се приклони и ДПА и тоа потпишан на 22 октомври 1998 година. И, на денот на изборот на тогашниот состав на Владата, во експозето кое што го поднесе премиерот, во основа беа елаборирани елементите од потпишаниот договор. Елаборирани на таков начин што се целеше пред јавноста да се упати една порака, која што имаше во својата содржина, да вие си ја завршивте својата работа, ние остануваме на ветувањата кои што тогаш ги дадовме во време на предизборната активност и еве, тие

ги акцептираме и како програма на оваа Влада ги предлагаме во вид на експозе на усвојување пред пратениците и веднаш да почнеме, бидејќи немаме време во реализација на она што го имаме зацртано.

Тогаш тој договор беше потпишан со народот. Значи, меѓусебен договор помеѓу народот и Коалицијата за промени. Сега е добра прилика да прокоментираме кој како си ја завршил работата. Народот, верувајќи по тоа што се кажува си ја заврши работата. Познати се резултатите од изборите, познат е составот на Парламентот и врз основа на тој состав позната беше и структурата на Владата, која што владееше од 30 ноември, еве до денеска со мали измени, се разбира. Значи, еден субјект од тој договор си ја завршил својата работа и тоа квалитетно со избор на еден поголем број на пратеници од составот на другиот потпишувач, а тоа беше коалицијата за промени. А, кој не ја исполни својата обврска? Ако се согледаат, ако се анализираат елементите од тогашниот договор и ако се анализираат додатно искажаните предвидувања од експозето на премиерот на седницата од 30 ноември, може слободно без никаква резерва да се каже дека вториот потписник, не си ја завршил својата работа. Не само што не си ја завршил својата работа, туку во бројни области кои што се наведени во договорот, кој што е познат и кој што секојдневно се рекламираше по електронските и дневните медиуми, туку и во многу области се нарушени состојбите и тоа рапидно нарушени, што Македонија во овој момент ја вбројуваат во земјите, кои што претходно така добро беа објаснети од еден претходен дискутант, кои што припаѓаат кон Западен Балкан.

Да не бидам не целовит, јас можам да потенцирам и примери во области во кои што е нарушена состојбата. А, области кои што се од витално значење за секојдневниот живот на потписникот од другата страна, граѓанинот, народот. Кажано беше дека ќе се направи целосен план за обнова и развој на Република Македонија. Таков немам видено, меѓутоа тука претпоставувам дека се работеше на одреден концепт, кој што вториот потписник го имаше зацртано во областа на структурните реформи. Бидејќи, тогаш се кажа дека доаѓа нова клима во парламентарниот живот, која ќе продуцира со нова Влада и која ќе биде изразито реформски ориентирана. Ако станува збор за структурни реформи, ние од аспект на тоа што го знаеме како парламентарци тука, можеме да се согласиме сите дека од 30 ноември до денеска во ова Собрание не е предложен ниеден реформски закон. Се прашувам, како може да се интензивираат реформите, ако тие не се оквират со законски проекти. Ако нема законски проекти, тоа значи дека не станува збор за реформи.

Но, да бидам до крај целовит, имаше законски проекти кои што во својата содржина нудеа измена на одредени членови од одредени закони, кои што ако станува збор за реформи, навистина беа реформи, но не кон пазарно стопанство, што подразбира структурна промена на стопанството, туку кон некој непознат вид или облик на стопанство, од аспект на тоа што концентрацијата на моќта за одлучување на одредени активности, како што се продажба на одредени делови или друг вид на активност, се концентрираше во составот на Владата. Тоа значи дека на тој план имаме влошување на состојбата во оваа област.

Физичкиот обем на индустриското производство, според податоци за 10 месеци паѓа за 2,6%. И, сега ќе се каже дека четири месеци имавме на 20 км. војна и дека во тие четири месеци немаше реално можности за да се сработи она што се предвидувало да се сработи. Но, исто така, може да се каже дека наредните четири месеци од Македонија се продаде токму на тие подрачја се што се имаше произведено од претходниот период. И, дека во тој период таа стопанска активност го спаси само таа, го спаси македонското стопанство од колапс. Затоа што, како што беше тргнато во првите месеци, ако продолжеше и наредниот период, од она што значи стопанство во Македонија, немаше ништо да остане.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:** (Продолжение)

Финансиски резултати влошени со сите показатели, а најлоши во областа на внатрешната ликвидност. Внатрешната ликвидност во Република Македонија според показателите кои што се објавуваат е влошена за 26%. Една од задачите, еден од приоритетите кои што си го имавте поставено пред себе како коалиција и Влада продукт на таа коалиција беше да се подобрат состојбите во областа на вкупната ликвидност, вклучувајќи ја тука и внатрешната ликвидност. Надворешната, кажа премиерот дека е подобрена за 50 милиони долари. Не е точно. Според показателите, погледајте го експозето кое што го поднесе премиерот на 30 ноември. Надворешниот долг на Република Македонија според тоа експозе што таму пишува е една милијарда сто триесет милиони. Сега погледајте колкав е надворешниот долг. И што треба сега ние да очекуваме. Во изборната и предизборната активност секој ден се кажуваше дека на располагање се двеста милиони долари за да последните денови од изборната активност се каже дека тие не се двеста милиони, туку двеста дванаесет милиони кои што ќе бидат на располагање на македонското стопанство како кредитни средства. Јас не знам од каде, бидејќи знам за сите оние за кои што дал верификација Парламентот, ќе бидат наменети за производните процеси., ќе бидат наменети за поддршка на репродукцијата. И

ако на тој надворешен долг навистина се додадат и овие кои што се кажуваа од еден од коалиционите партнери, тоа значи дека Македонија дебело ќе навлезе во земјите со висок степен на задолженост, споредено, вкупен надворешен долг, бруто домашен производ, а за тоа постојат во економијата одредени стандарди колкав треба да биде и според тоа колкав е процентот, така се рангираат земјите.

За извозот и увозот беше кажано овде, беше додатно и прокоментирано. Факт е дека се намалува и околу тоа нема што да спориме.

Околу вработувањето, како една од областите, како една сфера која што длабоко задира во секојдневието на нашата држава, која што длабоко погаѓа добар слој од нашето население, ние како Парламент, како членови на овој Парламент, слушаме различни показатели. До душа еден не слушнавме од најкомпетентниот, но очекуваме да го слушнеме на наредната работна седница. Тоа беше министерот за труд и социјална политика, за да денеска слушнеме од експозето на претседателот на Владата досегашен, иден мандатор дека, бројката на вработени во Република Македонија според податоците на Заводот за платен промет изнесува 410 илјади вработени. Ве молам, ако тоа го нашол премиерот некаде препорачувам понатаму да не се меша во такви егзактни економски односи. Ако некој му го кажал тоа, го излажал. Не дека бројката не изнесува 410 илјади, туку начинот на кој што се доаѓа до таа бројка, затоа што на секој книговодител во Македонија, на секој ученик во средно економско школо му е јасно дека Заводот за платен промет бројката на вработени ја изведува од вкупниот број на вкалкулирани часови, што не значи дека се толку вкупно вработени. Инаку ако го земеме овој показател што го дава премиерот 100 илјади нови вработени по овој основ, ви за ви показателите кои што ги даваат членовите на Влада, 100 илјади нови невработени, тоа значи дека популацијата на работноспособно население во Македонија пораснало за 200 илјади. И ги молам тие што нудат такви показатели да ја знаат содржината што значи тој показател, затоа што не може да се навлезе во разрешување на проблеми во одделна област, во случајот како што е вработувањето, а да не се сознаат состојбите во таа област.

Инвестициите, кажа еден од претходните пратеници дека во ланското експозе беше кажано дека тие ќе учествуваат 21% како минимум во формирање на бруто домашниот производ. Според показателите кои што ги имаме, учествуваат 2,6% како инвестициона потрошувачка досега. Останаа уште неколку дена, два, три дена. Да не набројувам, има бројни показатели, кои што покажуваат дека состојбите во областите се влошени и дека потписникот на договорот од едната страна не одговорил на обврските, кои што ги зел спрема потписникот на договорот од другата страна, народот.

Но, сега бидејќи има стил да се формира Влада врз основа на потпишан договор, овој предлог за овој состав на оваа Влада не може да биде продукт, да фундира на тој тогашен договор. А бидејќи народот е излажан, не може повторно да се отиде кај народот и да се побара од него легитимитет, затоа во стилот на: "потпишуваме договор да избереме Влада", сега седнуваат тројцата лидери потпишуваат договор. Нема да коментирам што беше овде коментирано. Додатно ќе искоментирам што се препорачува на идните министри во договорот на тројцата лидери, за да сметаат да станат министри. Се препорачува да молчат, се препорачува да бидат дисциплинирани. Само за потсетување. Министрите се обврзуваат во времето на својот мандат доследно и целосно да ја извршуваат политиката, што ќе се договори во Владата. Ништо ново. Како може да биде содржина на ваков договор, ваква определба кога тоа е јасно, тоа е принцип и така треба да биде. Да не даваат јавни изјави во врска со политиката на Владата, што се во спротивност со изјавите на претседателот, потпретседателите, или други членови на Влада.

Ве молам, ако министер во Влада која што ќе се избере од овој Парламент слушне изјава од негов колега со која што не се согласува, јавно не смее да ја коментира и не смее да даде изјава во која што ќе ја порекне изјавата, која што ја дал првиот министер. Понатаму да ги уважуваат ставовите предлозите и препораките и да не се мешаат во работата на другите министерства. Овде има бројни обврски спрема министрите. Што значи министрите мораат да мислат онака како што мисли премиерот ако сакаат да бидат министри, или пак ако поинаку мислат не смеат тоа јавно да го кажат. Тоа е една од содржините на договорот.

Во експозето кое што денеска премиерот го поднесе до Парламентот, на една страница не потсетува да се потсетиме на експозето кое што го поднесе на 30 ноември 1998 година. И добра препорака од премиерот да се потсетиме. Во експозето ланско премиерот кажува дека темелни вредности на Владата на РМ за внатрешно-политичкиот и демократскиот живот, ќе бидат независност на судство, слобода на здружување, негување и развој на меѓуетничките односи, слобода на говор и печат, неприкосновеност на сопственост, слобода на вероисповедување и рамноправност на половите. И притоа кажа дека ако не се постигнат овие темелни принципи, тоа ќе значи дека во Македонија ќе се продуцираат внатрешни

противречности, кои што ќе бидат кочница на економскиот и социјалниот развој. Се согласувам. Ако не се унапредат овие темелни вредности се согласувам дека тие ќе бидат кочница на економскиот и социјалниот развој. На секој граѓанин во Република Македонија јасно му е што се направило во изминатава година во поглед на овие вредности, дали тие се унапредиле, дали тие се уназадиле. Тоа ќе го оставиме да го кажат граѓаните, бидејќи на некој начин тоа тие го кажаа, но сигурен сум дека во следна прилика, или во дадена можност убедливо ќе го кажат. Но, факт е дека со пет од овие седум поставени темелни вредности се отишло многу поназад, во однос на она што се затекнало на 30 ноември, кога премиерот го поднесуваше експозето.

Во денешното експозе премиерот кажа во делот на економијата една мислам, оптимистичка најава дека, според макроекономската политика која што се планира, а која што ние до денеска ја немаме добиено, бруто домашниот производ во 2000 година ќе расте за фамозни 6%. Јас незнам дали тоа е предвиден реален пораст, или номинален пораст. Ако е номинален пораст, тоа значи со инфлација од 4% се предвидува раст реален од 2%. Ако е обратно, тоа значи дека се предвидува пораст од 10%, за да остане реално пораст од 6%. Но, кажа дека за прв пат ги убедиле стручњаците или техничката мисија од ММФ и Светска банка, за прв пат во однос на досегашното договарање и преговарање со нив дека, Македонија ќе постигне таков и таков пораст. Не е за прв пат. Погледајте ги показателите и ќе видите дека, Македонија во годината во која што се извршија изборите има остварено реален пораст, кој што е за одбележување и кој што многу пати имаме кажано ќе биде репер за споредување на остварените резултати во оваа деценија.

И на крај не во договорите, не во експозето, но при изјавата беше кажано дека при крај на 2000 година не очекува идна реконструкција на оваа Влада, што ќе се избере денеска. Според стилот на досегашните избори на составите на Влада, значи дека ќе има нов договор. Но, во оваа ситуација можеме да кажеме дека само господ знае што ќе содржи тој нов договор. А според она модерно што се кажува: "Господ нека ни помогне до тој договор".

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор Илинка Митрева.

**ИЛИНКА МИТРЕВА:**

Дами и господа. Пред извесно време од истата оваа говорница, а по повод извесни процедурални ујдурми, во режија на парламентарниот спикер го кажав следново, дека тоа е тажен ден за демократијата во Македонија.

Денес од оваа говорница по повод, ќе ми дозволите сепак да го употребам тој збор, гротеската под наслов: Нова Влада, во колективна режија на Георгиевски, Тупурковски и Џафери, не можам да повторам дека пред нас е уште еден тажен ден за демократијата во Македонија, затоа што од оваа перспектива употребен за денешнава ситуација зборот, тажен, звучи како еуфемизам. Зошто го велам ова.

Предлогот за состав на Влада на РМ што мандаторот Георгиевски денес го става на разгледување на ова Собрание е резултат, или ако повеќе сакате консеквенца на цела серија случувања што и од самите главни актери во нив, коалиционите партнери беа нарекувани драматични, па дури и фатални. Да потсетам, лидерот на ДА искажа оценка дека, во земјата се суспендирани реформските и демократските процеси, дека принципи на добрососедски односи се злоупотребува во внатрешни конфронтации. Дека се влошени меѓуетничките односи и е неизвесна иднината на човековите и сопственичките права, Тупурковски отиде дотаму што изјави: Земјата се наоѓа во политичка криза, која лесно може да доведе до нејзина дестабилизација. Оттаму за да ја спаси Македонија и се разбира Владата, Тупурковски ја понуди својата фамозна платформа. Платформата од главниот коалиционен партнер беше дочекана на нож. Подпаролот на ВМРО-ДПМНЕ реагираше на следниов јасен начин. Таканаречената платформа на ДА за уредување на односите во коалицијата е крајно неодговорна и крајно уценувачка. Тоа е текст во кој нема ниту два збора кои наликуваат на концепт и е чист политички памфлет, кој ВМРО-ДПМНЕ нема намера да го прифати. Во таа атмосфера на разгорени политички страсти, кога почнаа да паѓаат маските и да се абат политурите, кога коалиционите партнери буквално се соголија пред очите на македонската јавност, тие си разменија купишта навредливи контрадикторни и какви веќе се не судови и пресуди, дискредитации и омаловажувања. Премиерот Георгиевски на пример ги обвини алтернативците за нелојалност и не соработка и за седење во власта само заради привилегиите што таа ги носи без да се има трунка одговорност за состојбите во кои и тие учествуваат. Ова беше оценка на премиерот Георгиевски за едниот коалиционен партнер. Се разбира кога двајца се караат, третиот ликува. Умниот Џафери кој и онака веќе цела Македонија ја прогласи за свој должник, со ноншаланција ќе се осврне на платформата и ќе го разгледува само аспектот на мотивацијата на пишувачите, нагласувајќи дека не треба да се заборави дека ВМРП-ДПМНЕ го има мнозинството во Парламентот.

Со други зборови ВМРО-ДПМНЕ и ДПА можат одлично да соработуваат и без учеството на ДА. На Џафери не му е туѓа

идејата за дво - партитна Влада. Напротив таквата Влада би ги сублимирала на јасен начин сите побарувања на Џафери. Но, Џафери во ниедна варијанта не е губитник. Во било која разврска следува пазарење. Тука тој повторно ќе биде повешт играч и Георгиевски ќе мора со благослов на Доста Димовска, која не ја интересира ништо подалеку од Групчин, да излезе во пресрет на сите негови барања.

Како што г-динот премиер најави, ќе стави точка на прашањето за високото образование на Албанците. Ова се сумерно контурите на политичкиот дијалог, ако тој така воопшто може да се нарече, кога се водеше меѓу коалиционите партнери. Меѓутоа, додека целата работа, останувааше на рамништето на политичкото препукување, последиците беа подносливи. И онака знаевме, кого имавме во Владата. Но, кога картата ќе се пренесе од политиката од вистинитост, кога таа почнува да има сериозни реперкусии, врз правните, економските, па дури врз безбедносните аспекти на државата, тогаш е верувајте ми, последен момент, за општа мобилизација.

Што да се издели од огромниот број застрашувачки примери на разградување и суспендирање на основните вредности и белези на институции и институти на една демократска држава. Дали бројните апсења и упади во фирми, дури и приватизирани, од кои во последниот случај со Велешката топилница, беа приведувани и новинари, или пак излетот на Станинов, во Народна банка на Македонија, дали дискредитацијата на Врховниот суд, дали информативните разговори со судиите во Гевгелија или скандалозното мешање на министерот Треневски, во работата на МПЦ, за кого дури и неговиот сопартиец ќе рече дека се е раздор меѓу Македонците во Австралија. Дали ќе ги заборавиме 12-те и кусур илјади избирачки легитимации или теророт во Западна Македонија, за време на претседателските избори, а тука е и партизацијата на државата, за кој речиси никој не пропушти шанса да ја спомене.

Што да се каже за состојбите во Македонската дипломатија и непополнетите амбасадорски места, што се чуваат за награда за ислужени владини функционери. Што стана со преговорите со ММФ и Светската банка. Се зборуваше за тоа, а јас само накратко ќе ги спомнам. Паднаа ли на најниските гранки откако соработуваме со овие институции. Каде е Македонија? Отиде ли во Европската унија, или пак по казна е разврстана во т.н. Западен Балкан.

**ИЛИНКА МИТРЕВА:** (Продолжение)

На фактот дека РМ се наоѓа на прагот на едно тоталитарно владеење, дијаметрално спротивно од зацртаниот пат кон демократија, што консензуално го прифатија сите политички партии и граѓаните на РМ, укажуваат на оценките што за нас ги искажаа некои претставници на Меѓународната заедница. Зад сето ова стоеше старата Влада. Сега ќе имаме нова Влада. Мандаторот Георгиевски ни соопшти дека таа нова Влада ќе биде спремна, за разлика од старата, да ја воведе Македонија во XXI век. Јас тука сакам да поставам едно прашање. За каква нова Влада станува збор? За каква нова Влада зборува мандаторот? Зарем навистина верува дека сме толку слепи и дека нема да видиме дека ни се нуди една тенка шминка, каде истите луѓе, со истите способности, малку ќе се ротираат, малку ќе си ги заменат местата, малку ќе си ги задоволат суетите, малку ќе се само амнестираат. Се разбира, јас ќе ја наречам оваа Влада, оваа што ми се нуди, нова стара Влада. Навистина неколку министри и си одат. Има неколку нови. Да погледнеме, кои се луѓето на Георгиевски на кои им ја ускрати својата љубов и уште позначајно зошто?

Немам никаква намера да застанам во одбрана на тие, сега веќе бивши министри. Ниту пак, да ја оценувам нивната работа во Владата. Но, ќе потсетам сосема накратко. Тоа се овие што смогнаа сили па барем, повремено искажуваат ставови, што за секој нормален граѓанин беа знак за аларм, знак или доказ, дека има нешто гнило во РМ. Камбовски ги нарече настаните во Велес нивен скандал и забележа дека пука последниот обрач на правната држава. Камбовски, министерот за правда, одговорниот за правната држава. Ако заштитните механизми, продолжува тој, на државата како што се полицијата, обвинителството, а потоа и судовите, се откажат или се одметнат од системот, или директно влезат во зоната, не во заштита, туку во повреда на законитоста, тогаш настанува една ситуација на анемија. Во тој случај, личната сигурност, на основните права и слободи, другите вредности се спуштени на најниски скалила, завршува Камбовски.

Дуелите, Трајанов - Бошковски и Стојменов - Станинов, беа директен доказ дека во РМ се случува процес на спроведување на одлуки од витален карактер за функционирањето на една правна и демократска држава, надвор од хиерархиската поставеност, законската регулатива, одлуките и наредбите на министрите, стојат надвор од одлуките и намерите на Владата на РМ:

За полицискиот пуч во Велес, Трајанов ја даде следнава оценка: Станува збор, за невидено однесување на Ивановски, дрско непочитување на наредбите на неговите претпоставени, иако од него се бараше да ги ослободи притворените, тој тоа не сакаше да го стори. Причините, само тој ги знаеше.

Сега ќе ми дозволите повторно да поставам прашање: Дали само тој ги знаеше причините? Од каде му е силата на тој велешки началник? Какво покритие има за своите постапки? Најпосле, кој всушност ги влече конците зад завесата. Ни најмалку не ме зачудува, што наместо одговор на сите овие прашања, ми се појавува една орвелијанска асоцијација, со истурениот лик на големата сестра. Големата сестра, главниот кадровик на ВМРО - ДПМНЕ, славниот ментор на Бошковски, Велев, Станинов и др. слични индивидуи, личност и политичар, со недвосмислен авторитарен манир на владеење и во партијата и во Владата, станува наш прв полицаец. А уште до вчера, наивно верувавме дека полицијата и тоталитаризмот, во услови на плуралистичка демократија, веќе не одат заедно. Но, ете се излажавме. Уште го слушам ехото на изјавата на Доста Димовска, дадена во приликата на приемот, во чест на новиот претседател. На новинарското прашање, како го коментира ставот на опозициониот СДСМ, за нелегитимноста на претседателот на државата, таа во двете или трите искажани реченици, му ги залепи на СДСМ сите варијанти на зборот екстремизам. Екстремизам, екстремистички, екстремистичко и т.н., заборавајќи дека е демократско и легално право на секоја политичка партија и се разбира и на опозиционите, да градат и кажуваат свој политички став, особено ако за тоа имаат дебели аргументи.

Дали уште тогаш Димовска знаеше дека ќе стане министер за внатрешни работи. Дали уште тогаш си создаваше алиби, за тоа што би можела да прави со опозицијата. Затоа што, екстремистите ги екстерминираат, зарем не. Дали за почеток на ова владеење, освен што знаеме сите, веќе ни се озвучени телефоните, ќе ни бидат озвучени и домовите. Дали отсега натаму ќе очекуваме, во некоја глуво доба, да ни тропнат на врата и да не одведат. Ќе треба ли, повеќе од порано, да внимаваме како ги поминуваме улиците, бидејќи несреќи се случуваат. Да немаме илузии, на нишам нема да биде само опозицијата. Ќе страдаат и граѓаните, обичните граѓани, но ќе страдаат и членови на ВМРО-ДПМНЕ, кои не се вклопуваа, заради својата чесна визија, во тоталитарниот концепт на Димовска.

Затоа мислам, дека е крајно време, да се постави клучното прашање. Кој тоа всушност, владее во Македонија и како? Од комплексниот одговор, на ова комплексно прашање, што треба да опфати повеќе аспекти, политички, филозовски, антрополошки, психоаналитички и т.н. ќе зависат многу други одговори за иднината на РМ. А демократската и правна иднина на Македонија, ќе зависи и од Министерството за правда. За нов ресорен министер, тука се прошалтува човек на Џафери, кој откако ни ја скрои територијалната карта на Македонија, сега ќе ни ја крои и правдата.

И најпосле, но не на последно место, еден од гладните ликови, што ме интересираат во оваа трагична сапунска опера, Васил Тупурковски. Колку вчера, додека се уште траеше пазарењето за ресорите, Тупурковски вака ги ценеше случувањата во Велес: Нападнат е Уставот, бидејќи се работи за приватна сопственост, нападнат е Законот, бидејќи станува збор за злоупотреба на полицијата, нападнат е принципот на хиерархиско командување во полицијата, која може да ја загрози сигурноста на земјата, бидејќи началникот на УВР – Велес, континуирано не ги почитува наредбите на повисоките надредени службеници од хиерархијата на МВР. Нападната е целокупната идеја, за тоа како Македонија може да се отвори за странски инвестиции и сигурно присуство на странците во економијата во РМ, нападната е нашата релација со Европската унија. Кој ќе не толерира, со нашите амбиции да бидеме европска земја, кога може да влегува полиција во приватни компании и да го нарушува регуларното работење на Собранието, каде што акционерите поседуваат дел од фабриката, краен цитат. Така говореше Тупурковски. Говореше и замолча. Што се случи во меѓувреме? Што стана со грижата за реформите демократијата, цивилното општество, нашиот влез во големата меѓународна заедница. Што се смени по оваа предложена Влада, која всушност, во сите битни аспекти, е истата онаа, што тој ја критикуваше, само малку полоша или како што би рекол Стојменов, малку по комунистичка. Се истопи ли сето тоа, во врелиот интерес, за личен и партиски профит, зашто Тупурковски станува еден од потпретседателите на Владата, а имаше историска шанса. Не да ја спасува Македонија, бидејќи никогаш и не можел да ја спаси, ниту пак ќе може тоа да го направи. Но, можеше барем да го спаси сопственото достоинство на човек и политичар, можеше да го спаси дигнитетот на својата партија.

Сега, сосема на крај, иако господата ги нема во салата, сепак сакам да им упатам една порака. Со овој подгреан состав на Влада, господа Георгиевски, Тупурковски и Џафери, уште еднаш сакате да ги понижите вашите пратеници во Парламентот, затоа што ќе мораат уште еднаш да дигнат рака за. Но, тоа во крајна линија се ваши партиски работи. Страшно е што со овој состав на Влада ги понижувате и сите граѓани на РМ. Тие не креваат рака, но се надевам, верувам, очекувам, дека заедно, со демократските сили на РМ, високо ќе го кренат својот револт, во спротивно Господ да е напомош на Македонија.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Г-дине потпретседателе, дами и господа пратеници, колеги, би сакал да се осврнам на некои тези што се овде, од поедини дискутанти што меѓу редови, се искажаа, не со цел да полемизирам, туку мислев дека тие тези се застарени, некои се стари колку што јас имам години, па така не би било добро во Македонија да се протежираат уште и во таа смисла би сакал да кажам нешто на почетокот.

Прво, овде на некои ценети политичари, устата им е полна со демократија, како потреба на едно цивилизирано општество, како база и основа за развивање на економските односи, на меѓучовечките односи, на човековите права и др. А сепак, како да несака да се признава и сепак се вели, само високото школување на Албанците е против оваа демократија, како таа да е опасна, како да е спротивна на овие закони, кои се во функција на демократијата, така што, ако некој не смогне сили за школувањето на Албанците во високото школство, го аргументира со фактот дека е тоа колективно и индивидуално право на еден националитет, кој што е во Македонија и како таков мора да се прифати и ако не може така да го прифати, ќе го прифати, како еден придонес, кон демократизацијата на Македонија и кон општите демократски правци на крајот од овој век и во почетокот на следниот век.

Исто така, ќе искажам едно мислење дека некој го плаќа некого, не е важно од кои причини, но се насочува кон Албанците со парите на тие што се чувствуваат Македонци. Јас немам ништо против, што некој го кажува, но како теза, мислам дека е стара долго време, колку што јас имам години и сметам дека ново настанатите процеси, особено во последните години, таквите тези, мислам дека не држат и асоцираат на некои поранешни пароли, кои немам намера да ги спомнам, но не и служат на чест на никој, ако се знае дека секој во оваа држава си го јаде, на крајот на краиштата, својот леб.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:** (Продолжение)

... и министрите и пратениците и сите други, да речеме Албанци и други кои учествуваат во јавните па и во другите функции, се дел од оваа држава и нормално не се тие на кои некој треба да им дава пари поради ова или она, туку тие секојдневно од оваа држава си го земаат својот дел.

Така да јас знам дека некои работи, со отворањето на овие процеси на демократизацијата на Македонија, се болни, но мислам дека губењето на привилигитимитет, привилигираните не треба да го доживуваат како неправда, уште помалку како анти македонизам.

Во врска со тоа што седницата денес е закажана, избор на Новата Влада, сакам да кажам нешто од еден друг агол, за кој мислам дека има потреба и која ќе придонесе, сепак да се соочиме со самите себеси и прво, да видиме што можеме ние да правиме за доброто на сите овие граѓани на Македонија.

Изборот на Новата Влада е секогаш многу важен настан во политичкиот живот на државата, можност да се сведуваат биланси, успеси и неуспеси, ден на големи ветувања, желби, можност за докажување на политичката сила и нормално можност и за опонирање. Се е тоа во име на демократијата, значи ништо необично. Но, тоа е што сепак треба да се забележа е временскиот контекст на изборот на оваа Влада, Влада која ќе ја внесе Македонија во Новиот век, во новиот Милениум, момент кој ја прави изборот на оваа Влада по содржаен и се надевам по одговорен, а чинителите на истата, посебно на оваа не само симболично менување на единицата со двојка со три нули.

Јас како пратеник од опозициона партија не сум повикан да ја поддржувам оваа Влада, но тоа не значи дека јас не сакам новиот век да не почне со некоја друга визија, со успеси и со просперитет на рамноправните граѓани и колективитети во оваа држава. Во градењето на една таква содржина, не се чувствувам помалку одговорен, без разлика на која страна од Парламентот седам.

Затоа новиот Милениум да почнува со поинаква содржина, соодветна на потребите и расположението на сите граѓана на ова држава, јас критиките на оваа власт, во неможност да ги контролирам, ќе ги преобликувам во желби, со надеж дека тие ќе се остварат во текот на првата година од еден век, како добар знак за поинаков век што следува.

Затоа би посакувал и очекувам, да речам од Министерството за образование, да го отпочне својот мандат со долго очекуваната нострификација на дипломите, на дипломираните Албанци во Албанија и во Косово и со тоа да се реши еден голем проблем и нормално како друг проблем и со донесувањето на новиот Закон за високото образование, каде што веќе афирмираниот Тетовски Универзитет, ќе заземе место покрај другите два Универзитети во Македонија.

На министерот за култура му посакувам да му бидат доделени повеќе средства, за да ги афирмира и да ја промовира мултикултурната содржина на ова поднебје, за заштита на спомениците на културата, кои го заштитуваат подеднакво културното наследство на Македонците, Албанците и на Турците. Во секој случај не онаков како што тоа го прави соодветниот завод во Охрид. Му посакувам да обезбеди подобар и подостоинствен третман на книгата и да не биде таа третирана како опасен

материјал, како што сега тоа се случува на нашите западни гранични премини, што очигледно не е во согласност нашата заедничка визија за новиот Милениум.

На министерот за здравство, тоа што мене ме тангира повеќе како професионалец, реформите во неговиот ресор да бидат со концепти соодветни за нашите стремежи и потреби, да бидат предизвик со кои треба под итно и со храброст да се соочува, нормално со една соработка од страна на сите фактори и субјекти, кои можат да влијаат таа реформа да биде поквалитетна и да функционира.

Министерот за внатрешни работи, очекувам да биде во функција на мирот и спокојството на секој наш граѓанин, на секое наше семејство, притоа почитувајќи ги до максимум универзалните права и правата на човекот. Мирот и спокојството во семејството е многу важна работа, но за жал, повеќе се цени кога се губи. Се ова да биде во функција на добробитието и по срекќниот живот на секој граѓанин, како главна точка за вреднување на власта, како единствен и универзален параметар. Не би требало да има власт, која не е совесна што при оценувањето на успешноста на своето владеење, не си го мерат со овој параметар. Сите чесни во политиката ваквиот правец во дејствување, го имаат како главен ориентир и перспектив. Тие што ќе го губат оној оринетер и добробитието на граѓаните и земјата не им е референтна точка. Нивна цел ќе биде, откако ја освојат власта, да раководат со неа така што целата снага и енергија ќе ја концентрираат за што подолго држење на истата без пардон, а за подобрување на животот на граѓаните се помалку ќе им останува време. Оваа другата практика, за жал, се спроведува и во Македонија од страна на власта веќе 10 години, т.е од почетокот на плурализмот, а новите политичари неретко наследуваат лоши маани од овој период. Принцип на таа школа беше тоа да се отфрла противникот со сите средства, фалејќи се себеси често без покритие. Во оваа борба меѓу истите, обично победува патриот. Така ќе биде се до потполното политичко осветување на електоратот, со мали исклучоци. Во овој дух ја испраќаме и оваа деценија, во која благосостојбата, рамноправноста и радоста тапкаа во место.

Устоличувајќи ја оваа Влада денес, што се совпаѓа со еден век или милениум, ми се чини повеќе од симболично е полна со одговорности да не воведе во новиот милениум, што не треба да остане само симбол на бројки. Чувство кое ни мене не ме остава рамнодушен и од внатре ме импонира прашањето, дали можеме да собереме сили во XXI век, да влеземе почисти и дали можеме да се растоваруваме од нашиот вечен балкански инат и пренагласени амбиции. Дали можеме да не и правиме на денешната позиција, тоа што таа и правеше на вчерашната позиција. Дали може да не се однесува позицијата, однесува денеска како што спрема неа се однесува позицијата вчера и се тоа за добро на сите на овие простори и во земјата која ни е дадена, да владееме и живееме заедно. Дали ќе смогнеме сили и храброст, дали ќе имаме интелектуална мудрост и политичка волја да поддржуваме кај себе и кај другите тоа што е морално, спрема тоа што е практично, а за кратко време во практицирањето на власта во земјата. Треба да се признае дека, принципот на практичност надвледеа над моралниот принцип во сегашните состојби, што впрочем и кај мене создава чувство на грижа и неспокојство, затоа што ако не се најде некој соодветен ливар, вредностите веројатно ќе ги викаме со друго име, и принципите веќе одамна заборавени, а за нови вредности и принципи како предуслов за во Европа, тешко да стане збор. Дилемите, да ја искажам вака гласно мојата вознемиреност беа силни.

Како прво, се плашев дали не сме отишле толку далеку, овој мој повик и барање за етички принципи во политичката сфера, ќе звучи анахроно. Да не сме се оддалечиле толку многу од принципијалната борба, овие мој апели да звучат и патетички. Дилемите да така гласно да размислувам се од друга природа, а за нивно расчленување можеби треба и друг пристап, за што јас ако е потребно пристанувам да се ослободам од секаква припадност, било тоа партиска, социјална и друга, но под услов тоа да го направат и некои мои колеги овде, на кои пред се јас им се обраќам. За себе јас ќе измислам една внатрешна душевна свеченост за да влезам во новиот век, растоварен и ослободен од анимозитетите, од потребата за априорно оптужување на другиот, исклучувајќи се себеси. Се надевам дека ова чувство за внатрешна свеченост ќе го осеќаат сите или во најмала рака поголемиот дел, на прагот на зачекорувањето во новото време. Исклучок можно е да прават одредени слоеви на милитанти, кој за жал не им достигаат ни на позицијата, ни на опозицијата коли секаде и во секое време се спремни да започнат меѓусебна војна до истребување, со не истомисрениците. Сигурен сум дека таквите му се непотребни на овој амбиент. Би посакувал од двете страни, ако сакате од сите страни, улогата на таквите во определувањето на политичките дискусии, да биде што помал, а целосно осамен во перспектива.

За доброто на сите, Ве повикувам да се подготвуваме и себеси за една катарза на прагот на Новиот Милениум. Сметам дека едно такво етичко почитување не било својствено на политички структури, сметам дека ние пред се сме членови на ова општество, како секој граѓанин, а

одговорностите за новиот век да не бидат исти како овој што го оставаме, е многу кратна. Освен објективна, таа е и субјективна. Тоа почнува со нашиот однос кон нас самите себеси. Се знае дека соочувањето со себеси не е лесна работа, но е племенита, а за времето потребна, за промената на годините, на векот па и на Милениумот не се сведува сако превртување на еден лист.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Почитувани пратеници, почитувани дисциплинирани министри, малку ве има тука.

Мислам дека денес на дневен ред ни е многу важна точка, избор на Нова Влада, со реконструкција, со оглед со оваа коалиција функционира една година и на крајот од таа година еве и таа Влада мораше да ги обновува своите редови, со кадри кои по оценка на мандаторот и на коалиционите партнери, очекуваат позитивни резултати во тие области, за кои се и предложени.

Мислам дека, тука нема ништо лошо. Секоја Влада треба да оцени, доколку и одат добро работите, веројатно може да продолжи, доколку оцени дека подобро би оделе се некоја реконструкција или со друга композиција, би требало да пристапи кон една ваква општопозната реконструкција на Кабинетот на премиерот.

Мислам дека, премиерот денес во уводното излагање, иако беше кратко, морам да кажам да ги нафрла како тези како прашања проблемите, со кои очекува ова Влада да се судри во текот на ова година и во текот на уште три години до крајот на неговиот мандат.

Јас тие би ги поделил во два дела на стопански и на политички план. На стопански план мислам дека се многу важи работи кои беа изнесени тука, можеме да ги повториме, но бидејќи се води расправа веќе 4-5 часа, јас не би сакал да навлезам во детали, со оглед дека општа оценка по мене е дека во областа на стопанските движења, ние во текот на оваа година забележуваме негативни резултати.

Тие податоци никој не може да ги побие, освен ако сакаме да ги ублажиме со тешките објективни услови, за кои за волја на вистината мораме да признаеме дека беа присутни. Ние се судривме со војна на нашата граница, бевме судрени со голем број на присилно истерани граѓани од Косово, кои беа со стотина илјади во РМ, кои беа во товар на населението на РМ, но да бидеме објективни и на товар на Владата и на другите државни органи, кои со успех би кажал ја изведоа до крај таа операција, за после воените активности во тој регион сите граѓани од нашата територија се враќаа во нивните домови.

Мислам дека, за тоа треба една јавна благодарност и на Владата и на луѓето кои беа ангажирани во таа област, без оглед на сите наши можности за критики. Ако сакаме ние со микроскоп да ги гледаме работите, можеме да најдеме 500 мани и критики, но да бидеме објективни и реални дека сите ние се тресевме што ќе се случи, бидејќи тоа беше тука, на наша граница, паѓаа гранати во наша територија и т.н. Мислам дека таа објективна околност вреди да се прифати ако сакаме да ги оправдаме лошите стопански движења во РМ, во текот на оваа година која завршува. И не би сакал тука да ги набројувам, бидејќи многу од нив беа изнесени од страна на нашите колеги опозиционери. Расте невработеноста, паѓа извозот, паѓа продуктивноста на трудот, паѓа физичкиот обем на производство, се зголемува сиромаштијата кај населението, расте бројот на граѓани, наши фамилии кои живеат од социјална помош, расте натаму долгот надворешен. За 9 месеци, податоците покажуваат дека тој долг изнесува една милијарда и 400 милиони долари, што не е за потценување за една вака мала држава со 2 милиона население и редица други економски параметри, за кои ние можеме да отвориме дебата и да кажеме дека навистина во тие области не се остварува она што беше планирано и она што беше укажано и ветено од страна на премиерот, при изборот на новата Влада пред една година.

Доколку, овие прашања кои беа нафрлени денес во уводното излагање на премиерот, очекувам јас лично сакам да се надевам и би сакал да се остварат, да имаме контролирана инфлација, да имаме раст на производството, да имаме намалување на надворешниот долг, да имаме зголемени инвестиции, бидејќи имаме тежок проблем со невработеноста, што и покрај тоа што пред неколку дена кажав дека за бројки ние можеме да спориме, дали се од оваа институција, од онаа институција. Сепак проблемот за невработеност е присутен во Македонија и нема маж во оваа држава кој може да нуди сега решение за надминување на таа проблематика. Можеме ние да нудиме решенија за ублажување, да не дозволиме понатамошно заострување на овој проблем, истиот да добие експлозивни димензии и да ја држиме под контрола. Но, дека има таков маѓепсан стап кој може да го реши проблемот на невработеноста, мислам дека сите ние тука можеме да се лажеме или сакаме да добиваме поени, бидејќи тоа е тежок проблем. Со тој проблем се судираат нај развиените стопанства во светот, а исто така и на Македонија. Да кажам и тоа дека и тој број што е евидентиран е ништо во споредба со бројот на реално не вработените во Република Македонија. Ние имаме една цела популација, тоа е албанската популација која не се пријавува во Заводот за вработување, односно ретко се пријавува и бара работа. Доколку и тие се пријавиле тој број би бил

доста поголем.

Во таа насока јас би посакал, еве од тие луѓе што се нафаќаат да ги ублажат и да ги решат овие проблеми, јас би им честитал и би ги поддржал сите мерки кои треба да бидат предложени и покрај тоа што во текот на оваа година многу малку се направи за тоа, мораме да признаеме. Беше ветено 10.000, 100.000, толку милиони, вакви милиони, меѓутоа еве сега состојбите ни се такви и со тоа не можеме во никој случај да бидеме задоволни, претпоставувам дека и самите луѓе кои се најодговорни за тоа и Владата и министрите кои работат по оваа можност не се задоволни, сигурно и они би сакале да имаат излезни решенија од таа област.

Ние во текот на оваа година не успеавме, иако ветивме дека ќе ги вратиме или ќе го намалиме долгот спрема граѓаните, штедните влогови на граѓаните и по она старото штедење и по однос на пропаднатите штедилници кои беа во Македонија. Тоа се тешки милијарди марки за оваа држава. Мислам дека и тука многу малку или воопшто ништо не се направи, во ефектуирање на тие мерки што беа предложени во почетокот на оваа година.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:** (Продолжение)

Но, еве да не должам, бидејќи кажав дека нема да се задржувам и да елаборирам, бидејќи сите елементи беа елаборирани, јас мислам дека доколку можеме да заклучиме дека состојбите се тие, за оваа година можеме да имаме оправдување за тоа што ни се случи, но треба да запнеме во оваа година во која влегуваме дека недај боже да имаме, а јас очекувам дека нема да имаме веќе такви објективни тешкотии, тогаш на крајот на годината ќе мораме да се судриме со овие проблеми и тогаш ќе мораме да бараме не објективни, туку субјективни слабости ако ни се повторат ваквите состојби кои ги имаме присутни во Република Македонија.

Тоа беше долот што го нареков во областа на стопанството односно стопанската проблематика, а вториот дел е политичкиот. Премиерот кажа, а сите сме свесни очекуваме оваа Влада да не внесе во Европа, да не внесе во НАТО, да го реализираме што поуспешно, Пактот на стабилност, бидејќи таа Влада е во овој период која чини напори и за која е создадена клима и меѓународна и јавна, да се реализираат овие објекти и покрај тоа што држат нашите укажувања, како добронамерни, така ги разбирам од наша страна како опозиционери дека, тој пат е многу тежок, па дајте да запнеме сите, бидејќи не можеме да очекуваме за година, две, три, да влеземе во овие институции европски или светски без ангажман на комплетниот кабинет како извршен орган, кој е најодговорен за остварување односно решавање на овие проблеми, кои се многу тешки. Во оваа насока јас лично, не е тука премиерот, веројатно не следи преку малите екрани, лично очекував, немам ништо против персоналниот состав на Владата, напротив, гледам луѓе кои се компетентни, кои доаѓаат од науката, од факултетите за решавање на некои области за кои се назначени.

Јас лично очекував дека ќе имаме вклучување на луѓе стопанственици од директното производство. Имаме и во приватниот сектор и во акционерските друштва, луѓе кои се докажани во водење на нивни фирми, на нивни бизниси и би било корисно лично очекував дека ќе имаме и таква компонента на луѓе од стопанството, кои ќе дојдат директно од таму, отколку само луѓе кои доаѓаат од науката, од институциите, бидејќи лебот во стопанството е многу потежок од лебот што ние го јадеме во овие наши сали, во овие наши институции, органи и т.н. Но, тоа е оценка на премиерот и би бил среќен доколку има такви, но нема, тоа е нивна одлука и нека е така.

Во областа на политичките прашања премиерот кажа, а морам да кажам дека од опозицијата беше ставена стрелка кон прашањето на остварување на рамноправноста на Албанците, односно за високото образование, кое за прв пат доаѓа како документ потпишан од коалиционите партнери и очекувам дека тоа ќе се реализира со оглед на тоа што влегува како програма на Владата на Република Македонија за 2000 година. Меѓутоа, мислам дека тоа прашање заслужува внимание од сите пратеници да дадат поддршка, без оглед дали се од позиција или од опозиција, со оглед на тоа што тој столб на меѓунационални односи е многу опасен и не треба да се злоупотребува, дека со тоа ќе се руши државата Македонија доколку се обезбеди на Албанците или на другите националности да учат во високото образование на свој мајчин јазик.

Јас тврдам и Ве убедувам, можеме да отвориме расправа дека е тоа во интерес на државата, за нејзината стабилност, легализација и институционализација на Тетовскиот Универзитет, бидејќи тој не е веќе така наречен универзитет, што некој сака пежуративна форма да го прикаже во сегашните средства за јавно информирање или во различните телевизиски дуели и т.н. Тој се роди, порасна, живее, функционира и таму имаме маса студенти. Тоа се граѓани на оваа држава Република Македонија. Зошто гледаме опасност во тоа дека тоа ќе придонесе на рушење на државата, до поделба на Македонија, дека е тоа договорено. Мислам дека, тие тези ако се пласираат пред јавноста по мене се опасни тези и навистина можат да придонесат

за заострување на меѓунационалните односи. Долго време бев во претходните Влади, но не успеавме, не смогнавме сили тоа да го решиме. Добро е што оваа Влада денеска конкретно предлага и нуди решенија дека има политичка клима, политичка волја тоа да го реши. Веројатно кога ќе дојде законот како тоа да се реши, ќе имаме укажување, дискусии, како најдобро да се регулира. Како политичка волја, како определба на оваа Влада, на коалиционите партнери тоа е за поздравување. Мислам дека, таа работа не треба да се гледа како нешто лошо, туку напротив треба да се гледа како нешто добро кое ќе придонесе за стабилизирање и унапредување на меѓунационалните односи во Република Македонија.

Инаку, тезите од поединечните пратеници, јас не би сакал да ги именувам, дека се финансираат од Македонскиот народ и другите, ако правиме математика тие математики ќе излезат поинаку. Ние учествуваме, ние работиме, ние произведуваме, ние стопанисуваме во оваа држава, друга држава немаме, затоа се определивме, а меѓу многумина бев и јас кој стави потпис за основање на тој Универзитет во својство на министер на Владата на Република Македонија, бев свесен дека потпишувам еден демократски акт, еден цивилизациски чин, дека тоа ќе придонесе за школување на Албанците во Република Македонија на свој мајчин јазик и со тоа ништо Македонците нема да изгубат, туку напротив ќе придонесе за унапредување, релаксирање на меѓунационалните односи во Република Македонија.

Од тие причини мислам дека во оваа насока, во овој политички дел Владата заслужува една благодарност, една поддршка, бидејќи смогна сили прв пат да го стави на хартија како програмска задача, дека во текот на оваа година и во наредните години ќе пристапи кон решавање на овој проблем, кој 5-6 години тлее во Македонија и создава страв дека кој знае што ќе биде, дека доколку децата учат таму дека ќе пропадне Македонија, напротив тој Универзитет, тие луѓе не убедуваат дека тоа не е така, туку е во интерес на Република Македонија.

Да не должам, сакав да ги кажам овие работи околу составот на Владата, која денеска ни е пред ратификација како нова Влада. Веројатно премиерот обезбедил мнозинство, затоа оди на ваква Влада и покрај тоа што не ги гледам пратениците тука, веројатно ќе дојдат на чинот на гласањето и ќе гласаат без оглед дали нашиот глас ќе им треба или не, тие имаат мнозинство и веројатно ќе гласаат така што да очекуваме дека во овој дел во областа на политичката димензија и во областа на образованието, мислам дека треба да дадеме едно признание на оваа Влада да смогне сили, бидејќи е во интерес на сите граѓани како што е најдобро така да го реши.

Да не прејудицирам вака или така, но како ќе биде најдобро решение за сите нас такво решение да понуди во Законот за високото образование, за кој мислам новиот министер покрај другото ќе смогне сили да се надмине оваа проблематика и овој проблем кој е толку години присутен во Македонија, а никако да го решиме. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор пратеникот Оломан Сулејмани.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван потпретседателе, господа пратеници, почитувани кандидати за министри.

По дискусијата на мојот колега Илјаз Сабриу, се гледа дека би требало да се повторам со него, меѓутоа ќе се трудам да дадам свое мислење во врска со новата Влада, а и да не се повторам со поранешните дискутанти.

Веројатно премиерот г. Љубчо Георгиевски на Собранието му нуди нов состав на министри, за да пред граѓаните на Република Македонија биде поуспешен, јас им посакувам среќа и успех во нивната работа, се надевам дека тие прифатиле таква должност пред се да помогнат на државата, а ако има од нив или меѓу нив такви министри кои прифатиле министерско место само за да бидат министри, мислам дека многу бргу ќе ги снема од тие ресорни места каде ги предвидел мандатарот.

Досегашните министри ја обавија работата онака колку можеа и успеаја, меѓутоа некои забелешки имам, реков да не се повторам со претходните дискутанти, имам точни сознанија дека во Министерството за образование стои документ за нострификација на дипломите од Република Албанија, а бројот на дипломираните студенти е над 800, фактички до сега оваа Влада не најде засходно да потпише еден заеднички документ меѓу државите, бидејќи таквите кадри и требаат односно се шетаат по улиците, а не се во можност заради нострификацијата на дипломите да помогнат на друштвото на кое му припаѓаат, а тоа е Република Македонија.

Би се потрудил на поинаков начин да зборувам од досегашните дискутанти и тоа со голема одговорност, го велам не што сум пратеник од опозицијата, туку пратеник од Партијата за демократски просперитет, која во поранешните Влади на г. Црвенковски партиципираше во тие Влади.

Сега имаме нова ситуација каде исто една политичка партија, Партијата на Албанците која партиципира во оваа Влада и за жал разликата меѓу албанските политички партии и политичките партии од блокот на Македонците е многу едноставна. Блокот на

политичките партии од македонскиот блок се труди односно се критикуваат меѓу себе за да се здобијат со власт. Меѓутоа, нашите министри од поранешните Влади и од сегашната Влада, се борат за унапредување на статусот на Албанците, односно за да ги реализираат правата на својот народ, чии претставници се во овој Парламент. Што значи тоа?

Јас не би се согласил со тие колеги кои мислат дека меѓунационалните односи се релаксирани во Република Македонија, бидејќи и од поранешните Влади се наметна тезата на сожителство, но за жал многу работи останаа нереализирани и ден денеска ние претставниците на Албанците на многу демократски начин инсистираме за да ја убедиме македонската јавност дека, Албанците се дел од ова друштво наречено Република Македонија. Тоа сме го докажале. Меѓутоа, да Ве повратам малку назад на некои изјави.

Од оваа говорните г. Љубчо Георгиевски пред целата македонска јавност, односно во неговото експозе рече откако Коалицијата за промени го направи мнозинството од 62 пратеници, тогаш им понудил на Партијата на Албанците, која е партиципиент, да партиципира во таа коалиција. Ова не држи, бидејќи Албанците се дел од ова друштво, имаат свој историски континуитет, кои биле докажани и ден денеска преку нивните претставници се докажуваат дека друга држава немаат освен оваа Република Македонија, во која живееме и во која тежнееме да живееме, меѓутоа во стилот што се вели рамноправен меѓу рамноправните. Тоа значи не смее ни една Влада, ни сегашната, ни довчерашната, ни онаа што ќе биде во иднина да го потценува албанскиот фактор во Република Македонија. Мислам дека, Албанците се свесни и знаат што бараат.

За жал, до вчера ни се случуваше за Тетовскиот Универзитет така наречен, нелегален токму од наши видни луѓе во Република Македонија. Во ова време тој Универзитет е една реална можност, разликата е во тоа што довчерашните Влади за тој Универзитет, мислам дека појдоа организирано да го нарушат така речено со пушка.

Меѓутоа, сега имаме унапредување и токму овде го поддржувам мојот колега Илјаз Сабриу, кога вели дека веќе има позитивно мислење или позитивна енергија кон прифаќање на една реалност. Зошто ова го велам? Не смеете на младите генерации Македонци да им наметнувате омраза дека, на Албанците не им треба школување. Јас мислам дека школуваниот Албанец во Република Македонија, пред се е предност за државата и веројатно сте убедени дека и до сега нашата политичка партија ПДП, нудеше добри министри, добри пратеници, што мислам дека знаеја на многу убедлив начин да се носат со функциите кои ги имаа до сега.

За жал, пред некое време имавме претседателски избори, јас тоа морам да го истакнам овде, оти моите избирачи и поголемиот број на Албанците го критикуваа ТВ дуелот помеѓу господинот Љубчо Георгиевски и господинот Бранко Црвенковски. Само би Ве потсетил тоа беше голем срам не само за ТВ дуелници - да се рече, меѓутоа и за сите оние кои го слушаа тој ТВ дуел за да ги придобијат гласовите на Албанците, тие просто се караа меѓу себе кој колку им дал права на Албанците.

Еве, јас тоа го велам вака: Тетовскиот Универзитет точно се формираше преку Партијата за демократски просперитет и нејзин министер пред малку тоа го рече, беше потписник на тоа. И, за време на господинот Црвенковски. Меѓутоа, значи ли ова дека треба да биде среќна оваа Влада, што треба да удри печат за разрешување на овој проблем. Бидејќи Македонија и на внатрешен план и на надворешен план само ќе добие, а нема да изгуби ништо.

Ако ги храниме тезите, неодамнешни од над 10 години, вие знаете дека за Приштинскиот Универзитет некои битни луѓе во времето велеа дека е националистичко гнездо каде се школуваа националисти. Токму тие студенти на никој начин не можеа да дојдат до работни места. Меѓутоа, сега, таа теза ни се превртува на друг начин. Во Тетовскиот Универзитет се размисли атак да се прави, се најде група студенти, кои некој од нив се казнија од Кичевскиот суд во Кичевскиот затвор и за жал, ги третиравме како терористи.

Јас мислам, со вакви потези, со вакво водење на меѓуетничка политика или како сакате, на Македонија не и мислиме добро.

Да не одолговлечувам, оваа Влада, всушност досегашните министри од досегашниот мандатор дадоа за косовската криза, точно е тоа дека ги прифатија бегалците и тие беа товар и на оваа Влада, а јас тогаш реков дека најголемиот товар беше кај граѓаните Албанци. Меѓутоа, мора да признае оваа Влада дека со Кризниот штаб, на времето се измисли тој воздушен мост. Воздушниот мост беше против збиднувањата или она што велеше ПДП, а да не зборувам НАТО и меѓународниот фактор. Тие стално велеа дека бегалците треба да ги држиме поблиску до "Република Косово", бидејќи многу брзо ќе дојде време кога тие ќе се вратат на своите огништа СИ-ЕН-ЕН тоа го потврди, Вие знаете и баш имаше наши министри што одеа таму да помогнат, а од полицијата беа пречекани на многу лош начин. Тоа се слабости.

Се надевам дека го положивме испитот, на некој начин и како Република Македонија и како нејзини граѓани, оти и

дадовме се од себе. Меѓутоа, сепак оваа Влада треба да води сметка токму за меѓуетничките односи. А, тие односи ви велам дека ќе бидат добри, откако Албанците ќе почнат да ги реализираат нивните права, а Вие знаете, почнувајќи од оваа говорница да зборуваме на својот мајчин јазик, а знаете дека деловникот не е донесен еве веќе девета година. Да не зборувам сега за други проблеми што нашите колеги пратеници ги истакнале преку оваа говорница на неколку пати и пред се и нормално ќе се бориме докрај, со сите наши демократски средства тие права да ги реализираме, бидејќи тоа се наши природни права.

Ова ќе го кажам јавно дека дел од историјата на Македонскиот народ е горда на Крушевската Република, јас тврдам јавно и пред македонската јавност дека, дел од таа историја припаѓа и на Албанскиот народ. Имаме големи жртви таму и дури сме задоцниле како Албанци што не сме тргнале да ги посетиме тие гробови и да бараме извинување за она што досега не сме го сториле. Ви благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Збор има Селмани Аслан.

**СЕЛМАНИ АСЛАН:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, навистина, денеска човекот може да разговара и зборува за многу нешта што го тиштат нашиот граѓанин од причина што се наоѓаме во еден кризен период, затоа што и во нашата средина, во непосредна околина имаме кризни луѓе.

Затоа сметам дека, човекот денешниот човек кој е на прагот на третиот милениум треба да се ослободи од таквите кризни луѓе и да чекориме во третиот милениум со нов светоглед.

Меѓутоа, имам и една мака, денеска ми се случи, го изгубив клучот на колата и тешко ќе можам да одам со мојата кола дома, па од позицијата го барам клучот да одам во третиот милениум, заедно со мојата кола.

Што се однесува до експозето на премиерот, можам да го инкорпорирам во четири точки што е сторено до сега. Така беше конципирана содржината на тоа што е сторено, што утре треба да направиме, значи перспективите и кои проекти ќе бидат на видик.

Од сите овие работи, сметам дека, навистина, експозето беше мошне концизно, но не беше дефинирано со одредени дефиниции по критериуми според тоа што треба да значи едно експозе. Во рамките на тоа сметам дека ние заеднички ќе треба и ќе мораме да влијаеме врз конципирање на иднината, на нашата иднина.

Човекот во секоја средина, би рекол во секоја животна и географска средина, може и треба да се однесува онака како што треба да се однесува кон вистинските работи и вистинските процеси. Не може да има развиток доколку не сме способни да ги идентификуваме појавите во просторот, во просторно време. Откако ќе ги идентификуваме појавите или феномените, дури тогаш ќе можеме да зборуваме за проблемот. Откако веќе го знаеме и го дефинираме проблемот како таков, тогаш можеме да дадеме насоки како тој проблем преку процесуални процеси треба да се развива и да го откачиме од нашиот секојдневен живот. И, се разбира, после тие процеси настануваат последиците и ќе мораме последиците да ги решиме по пат на прогноза.

Теорема на демократијата, до каде сме со демократијата?

Се извинувам, ќе го цитирам, затоа што сум ја користел доста пати тезата на Анаксагора, кој во свое време, во една прилика рекол дека: "Светот во почетокот беше во хаотична и замаглена состојба, но потоа дојде умот и донесе ред". По се изгледа ние сеуште се мачиме со одредени оптоварувања што ги имавме и ги имаме сеуште, затоа што целиот втор милениум беше трагичен. Јас и во една прилика тука во Парламентот реков дека најцрниот период почнува со Еразмо Ротердамски и Козма Индикоплоу и 15 века човештвото беше под таа темнина. Дури со Колумбо се отвори новиот хоризонт, но се создадоа нови проблеми. Создаде неправди и тие неправди дури и ден денеска се присутни во светот.

Кога зборуваме за одредени процеси каде се наоѓа Македонија, јас како географ би рекол дека Македонија се наоѓа во Македонија. Во однос на тоа, Владата поранешна, односно поранешна велам за оваа Влада, затоа што сум многу среќен што нема да бидам поранешна Влада, претставник од поранешната Влада, туку самите наши колеги ќе бидат поранешна Влада, затоа што денеска имаме среќа да избираме нова Влада и ќе се спаси од таа метафора.

Неправдите почнуваат од пронајдокот на првата ограда, од кога првиот човек рекол "ова е мое". Оттука, сметам дека Парламентот и сите наши случувања и збиднувања во процесот на нашиот историски развој па и сега, кон крајот на овој беден милениум и покрај тоа што сметам дека сеуште не сака да замине, но ние ќе мораме да собереме сили да го избркаме од нашите глави и од нашите простори за да добиеме, навистина еден нов светоглед кон среќна иднина.

Македонија од пред вратите на Европа. Феникјаните го нарекле Еребу, Европа е несреќна географска целина, затоа што таму заминува сонцето, додека сонцето се раѓа на исток. И ова е како метафора.

Некои проблеми што се присутни денес и што ќе мораме ние и како Парламент

и како нова Влада, затоа што поранешната Влада, зборувам за оваа Влада не беше во состојба да ги реши и сметам дека еден од првите проблеми е, се топонимите во учебниците во основните и средните училишта, што навистина претставува еден јазичен проблем, проблем што апсолутно никој јазичар не може да го прифати, ниту може фонетски да се прифати од научна гледна точка.

Ова, од прилика би било вака, јас се родив во Шкуп. (Дел од последнава реченица ја кажува на албански, а градот го именува како Скопје). Ова не се прифаќа од законитоста на јазикот. Од тие причини и како пратеници поранешни уште од првите избори од 1990 година, со ова прашање се мавтаме и уште не е решено, сметам дека навистина овој проблем треба да се реши, а се употребува како таков само во монополот што се вика "Просветно дело".

Многу мои претходници зборуваа за така нареченото, ме цитираа, тоа беше еден мој не изум, но сметам дека "така наречено" не постои. Јас не сум така наречен Селмани, туку сум само Селмани. И, поради тоа што постои во време, простор има бројки, има објект, има движење, не може да биде "така наречен".

Во таа насока многу ме радува изјавата на премиерот доколку е искрена, дека тој проблем ќе го решиме позитивно. Но, тогаш ќе разговараме како ќе биде решен тоа позитивно. Во какви форми, во какви услови и со какви стандарди.

Стопанството, вработувањето, нека кажат компетентните, но навистина, не сум среќен, затоа што околу 300 илјади луѓе чекаат за работа, високо образовани луѓе. Нашиот ум. Оваа држава што ги финансира за школување се наоѓаат надвор, во разни соодветни високо - научни институти, а ние не сме во состојба да ги прифатиме во нашите образовни и научни институти. Таквите луѓе, додека јас бев министер, беа околу 350.

Што утре? Кои се наредните чекори? Сметам дека за наредните чекори Владата ќе мора уште еднаш пред Парламентот да излезе со јасна концепција, како Македонија треба да излезе од општествената, би рекол, економска, социјална, образовна и друга криза. Верувајте дека апсолутно до сега не сме успеале да направиме ниту една реформа. Велиме реформа во образованието? Кои се тие реформи? Сум имал можност да контактирам со луѓе од Европа. Тие реформи се направени пред стотина години. Се уште ние основците ги товариме со 10 килограми книги и учат безначајни работи што немаат во себе законитости, туку бројки. Би карикирал на моја сметка, дека толку има овци во Австралија, толку има крави во Индија. Сметам дека навистина, таквите процеси и таквите реформи мораме под итно да ги решиме, затоа што нашите деца ги носиме во еден свет, неповратен што навистина претставува и злоба.

Новиот милениум, рече еден колега почитуван професор не значи ништо друго, освен превртување на листот. И, во една можност, исто така еден колега ми рече дека новиот милениум почнува во 2001 година. Не е точно.

Новиот милениум започнува со првата секунда после 24,00 часот, после Новата Година. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Збор има Филиповски Илија.

**ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани колеги пратеници, јас ќе се осврнам на дел од економските движења во Републикава, од кои би сакал да бидам и критичен према досегашната Влада и да видиме дали новата Влада е во состојба да ги решава тие проблеми со предложениот состав.

Наиме, во Македонија постојат два многу сериозни и долгорочни проблеми. Проблемот на вработувањето и вториот проблем е на трговскиот дефицит.

Во текот на 1999 година, за жал, резултатите на Владата на премиерот Георгиевски во овие две области покажува негативни резултати. Мислам дека, овие два проблеми сигурно нема да се решат за една година. Меѓутоа, многу е битно да се отпочнат реформите, за да можат овие два проблеми на долгорочен план да се решаваат.

Минатиот Парламент, минатиот состав на Парламентот го донесе ВАТ системот и не функционира цела година. Се одлага за идната година. Предлогот е од 1 април. Да не биде априлилили. Истото е со Царинскиот закон. Натаму, мислам дека во делот на финансиските закони, законите во областа ан финансиите е потребно побрзо да се менуваат. Многу брзо да се менуваат. Тие се се уште во некој зачеток во министерствата и веројатно ќе бидат предложени во текот на следната година, а треба да правиме структурни реформи во државата, треба да правиме поголеми инвестиции, треба да правиме поголемо вработување и да го намалиме трговскиот дефицит.

Значи, во овој дел премиерот Георгиевски изјави дека ние сме лидери на реформите во земјите во транзиција. Јас мислам дека реформите во нашава држава застанаа и реформите можат да се одразат само ако се донесат позитивни законски решенија, за решавање на структурните реформи во државава, за решавање на ВАТ системот, за решавање на тие проблеми.

По обичај се служам со податоци, се надевам дека ќе ме ислушате.

На пример, во текот на оваа година директните инвестиции изнесуваат, врз основа на податоците од Министерството за финансии, што се составен дел на Одлуката на платниот биланс за 2000 година, директните инвестиции изнесуваат 31,4 милиони долари, а во текот на минатата година, 1998 година тие директни инвестиции изнесувале 125,4 милиони долари. Тоа значи дека 4 пати помали се остварувањата во 1999 година, а полни се устите и на сите министри и на нас овде парламентарците дека, правите се за зголемување на директните инвестиции во државата. Значи, не е така како што велат.

Второто прашање е инвестициите во јавниот и во приватниот сектор. Во 1998 година изнесувале 105 милиони долари, оваа година изнесуваат околу 8 милиони долари. Познато ни е дека опремата во нашите производствени капацитети е прилично застарена и дека е потребно нејзино обновување. Во 1998 година во однос на 1997 година за оваа намена зголемени се инвестициите за 31,2%, а 1999 година во однос на 1998 година намалени се за 3,2%. Ако ги имаме овие податоци тие самите по себе зборуваат дека реформите кај нас не одат.

Во однос на извозот, извозот во текот на оваа година е помал и се очекува да биде помал во однос на 1998 година за 9, нешто проценти. Меѓутоа, трговскиот дефицит се очекува оваа година според методологијата на Заводот за статистика, да изнесува некаде 667 милиони долари. Платниот биланс е некаде околу 104 милиони долари и тој проблем се решава со задолжување во странство.

Буџетот околу 8%, околу 8,5% ми се чини од Буџетот за оваа година се задолжуваме во странство. Нашите долгови во странство ако го земеме реперот од излагањето на премиерот од минатата година во ноември дека нашето задолжување спрема странство тогаш изнесувало 1 милијарда и 150 милиони долари, денес тој изнесува 1 милијарда и 400 милиони долари. Ние скоро за 300 милиони долари во една година го зголемивме долгот спрема странство. Дали генерациите кои доаѓаат после нас, ќе мислат дека е тоа добро.

Второ, дали ние можеме во бесконечност да одиме во задолжување во странство. Некако многу лесно си ја прифаќаме таа задача и овде во Парламентот и затоа после кога ќе не удрат овие бројки нас, ќе ни биде навистина многу тешко.

Од тие причини мислам дека Владата на премиерот Георгиевски во изминатата година на основните прашања од економијата, не покажа резултати. Особено да речеме, во таа Влада постоело луѓе, на пример јас многу често во моите излагања, во моите настапи овде го критикував министерот за финансии Стојменов, меѓутоа мислам дека Стојменов сепак беше еден од министрите кои оваа проблематика, проблематиката во делот на економијата ја разбираше. Човекот има позитивно искуство, како приватна фирма, има пишувано, Буџетот го направи, го затвори Буџетот така да јас како пратеник искрено речено не ми е јасно како може еден министер кој покажува добри резултати да биде променет.

Гледајќи ги сите овие резултати, гледајќи го предложениот состав, јас немам доверба дека оваа Влада ќе може да ги решава круцијалните проблеми во економијата на РМ.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Збор има Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, почитувани министри, денес цел ден расправаме за новата Влада. Мислам дека, имаме предлог од премиерот и мислам дека имаме 21 предлог за министри на Владата и 3 членови на Владата за министри без ресори.

Јас мислам дека Владата и Парламентот за цела година си работеа најконкретно и најтешки проблеми, имаше оваа година отколку другите години кога работевме во Парламентот. Ќе кажете зошто? Затоа што имавме тешка криза, знаете дека од Косово над 300 илјади бегалци дојдоа во РМ. Тоа беше голем товар за РМ и јас во тоа време, има доста стенограми овде, јас предлагам на нашиот Парламент да помогнеме на Владата на РМ, сите пратеници да се здружиме во интерес на РМ.

Еве, дојде време, имаше претседателски избори, нормално гужва пред гол, се знае кој да даде гол, нормално голот го даде ВМРО-ДПМНЕ, претседателот на Република Македонија е избрана од РМ. Јас му честитам и му пожелувам се најубаво во работата за своето време, тој треба да биде 5 години претседател на РМ, без разлика кој како што. Нормално еден треба да биде, 33 не можат да бидат претседатели на држава. Еден ќе биде. Како беше што беше, таа работа заврши.

Но, пред тоа сите добро знаете дека премиерот најави реконструкција на Влада. Со таа најава за реконструкција на Влада, еве дојде денес на дневен ред, премиерот самиот си побара доверба, доби и еве сега имаме листа од доста министри. Има од старите министри, има нови министри и меѓу нив се наоѓа потпретседател на Влада, кој беше кандидат за претседател

на државата РМ. Значи, со тоа јас мислам дека треба сите кои се и надвор од оваа сала, не ги гледам присутни, нека ги видат граѓаните на РМ кои се присутни, колку се заинтересирани, само излегуваат надвор, нека влезат овде и камерите нека покажат кои се присутни во Парламентот внатре.

Предлагам гласањето да биде јавно, не на копче, секој поединечно нека гласа, да се знае за оваа Влада. Зошто? Опозиција и позиција. Јас припаѓам од страната на власта, бидејќи сум партнер на ДА и кога е ДА со власта која сега ја составува Владата, нормално и јас сум дел од власта. Затоа пресреќен сум што без разлика ако не добил за претседател на држава г-динот Васил Тупурковски, мојот партнер од ДА, значи сепак е предложен и му се отстапува место во државата за потпретседател во државата.

Значи, некои работи од економската сфера, за кои разговаравме цело време и за кои ги мешате математиките тука, треба да бидете јасни и гласни, значи доаѓа оној кој едно време за Бунарџик разговараше. Тука е склопен договорот меѓу Бунарџик, меѓу други работи и секој доаѓа во новиот милениум она што фали на РМ. Да се посветиме сите заеднички, без разлика, опозиција нека си остане опозиција, но нормално ние треба да работиме, тука сме повеќе, преку 70 нешто сме од оваа страна на власта и можеме сите закони да ги донесеме.

Мислам дека со тоа во 2000 година, во новиот милениум, граѓаните кои не се вработени, многу фабрики затворени, многу работни места и пожелувам на оваа Влада, на овие министри да работат, да ги отворат работните места, да се отворат фабриките што може повеќе за народот да биде подобро. Да не го занемаруваме народот во РМ, граѓаните да не ги ставаме во некоја заблуда. Доста се тие партиски пребивања, дајте сите да решаваме за добробит на РМ.

Јас лично, ако има да зборуваме и ако секој се жали тука, јас имам најмногу да се жалам, затоа што сум од ромската припадност. Најоштетени сме ние Ромите во РМ, затоа што ако почнеме од образование, па на други работи, на трети, четврти, петти, па до сите ресурси па тоа го оставам назад, да си остане таму, а во оваа Влада, во овој милениум верувам дека оваа Влада со овој премиер, кој мандатот повово му е доверен и сите министри мислам дека, овде во Парламентот може сешто да се дискутира, секој да си прави маркетинг, но јас му заблагодарувам на г-динот Саво Климовски, што апсолутно Парламентот не заседаваше во времето кога беа претседателските избори. Зошто? Затоа што исто вака ќе се случуваше како сега. Еден по друг само ќе се применуваме и вечер ќе останеме до еден, еден и пол часот, пак ќе ја изгласаме Владата и што е тоа е.

Значи, ве повикувам сите во салата, дајте да се откажеме секој што сме пријавени за дискусија, кој за што ќе гласа, тоа е демократско право. Кој како сака ќе гласа и предлагам јавно гласање да се знае, кој е за, а кој е против. Да не биде ни тајно ни никако, директно, јавно гласање да биде.

И честитам на Владата, им честитам на министрите, убеден сум дека ќе се изберат, бидејќи ќе си добијат доволен број. Им пожелувам успешна работа и се најубаво.

Мислам дека, за нас Ромите во 2000 години ќе ни биде подобро со новата Влада и новите министри.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За збор се јави Ризван Сулејмани.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани кандидати за министри, почитувани пратеници. Дозволете и јас да кажам неколку збора во врска со излагањето на премиерот и изборот на новата Влада.

Искрено да ви кажам јас денеска го очекував ветувањето и колнењето дека, после една година ако не се завршат реформите, овде се пакетирани веќе оставките на министрите, ќе го имаме компјутерот, ќе се види точно колку фарми се изградија, колку фабрики се направија. За жал тоа го немаме, но имаме излагање на премиерот, кој на некој начин само си го продолжува она што беше кажано до сега, а најболната точка, таму каде што се издигаат и паѓаат политичките партии и Владите, тоа е меѓунационалните односи, многу малку беа дотакнати. А што покажа практиката?

На жалост, практиката покажа и понатаму во РМ најатрактивна точка за која може да се добијат политички поени, е токму меѓунационалните односи. И не случајно лидерот на опозиционата политичка партија во битката за добивање на место на претседател на државата, си отвори токму таму фронт и нормално сета таа битка, борба да биде поубедлива тој точно си определи и фронтови (Групчин и Подмоље). Во една таква битка по идеја на некој стар човек од Тетово, кој му рекол дека веќе во Македонија се појавиле Бугарите и Балистите и логично било да се појавуваат партизаните како ослободители, една имагинарна борба, која што максимално ја хомогенизира македонската јавност, но од другата страна на жалост оној кој требаше да го брани фронтот, немаше што да брани, зошто не постоеше фронт во Групчин и се префрли во Косово, каде што е најбезбедно, затоа што таму има 50 илјади НАТО војници.

Но, за да ја продолжам мојата верзија на видувања и идеи за решавање на проблемите во РМ историски, да ви кажам дека токму од прилика во тоа време слушав друга верзија како 1945 година се водела оваа борба. Тој сигурно не беше во истата траншa каде бил, од каде ја добил идејата г-динот Црвенковски, но бил од другата страна. Тој ни викаше дека навистина некаде таму од каде сум јас, во Дервен се водела таква борба и никогаш партизаните не успеале да одат во Тетово, освен после еден фамозен договор, кој им го наметнал на Албанците некој си Ќазим Љуша командант, со ветување дека Албанците и Македонците во новата Југославија ќе живеат во братство и единство. И што се случило.

Откако Албанците, односно Балистите тогаш го предале оружјето, се запалил логорски огин и почнало да се пее песна "шири кола, шири кола, сутра идемо у Тетова". "Иде зима доаѓа лето, нема више тунга тиета", што беше јасно како мислеа и како тие ги решија меѓунационалните проблеми во РМ следните 45 години.

На жалост, слушајќи го експозето на претседателот на државата како да ја слушнав истата песна "љубов, демократија, но нема федерација, нема независно Косово и нема проекти и кој што беа барање на Албанците". Е па господа пратеници било да се од позиција или од опозиција дефинитивно се покажа дека во РМ прв орев сепак се меѓунационалните односи. На овој начин и овој пристап на решавање на меѓунационалните односи ни со јуришниците кои ги замислуваше господинот Црвенковски 2000 нема да се решаваат, туку дефинитивно еднаш треба да се стават на дневен ред сите тие прашања за кои Албанците гласаа на последните избори. И зошто токму денеска, а не порано кога бевме ние на власт. Јас ќе морам да ви кажам дека токму денес е моментот кога треба да се стават овие работи на дневен ред, затоа што денес се исполнети првите неопходни услови за решавање на тие проблеми. А кои се тие?

Во РМ дефинитивно созреа убедувањето дека Албанците во Република Македонија својата перспектива и просперитет, ќе ја бараат и ја бараат во Република Македонија. Дури и таа политичка партија Албанска, која се нарекуваше екстремна, прифати тие решенија и перспективата да ја гради во РМ, а и другата така наречена екстремна политичка партија Македонска и таа прифати да Албанците ги прифати како реалност во Република Македонија. Ако овие два услови внатре се исполнети, јас мислам дека се исполнети основните предуслови за да пријдеме кон решавање на овие проблеми. Зошто ние кога бевме во власт, овие прашања не ги решававме?

Ние како политичка партија, ќе мора да признаете и Вие дека имавме многу јасна визија. Знаевме дека проблемот на Албанците воопшто на Балканот е многу деликатно прашање и тој сигурно не ќе може да се реши со еден потег и сигурно решението не ќе почне од Македонија. Решението на албанското прашање, како многу комплексно прашање, кое се докажа последниве години на Балканот, ќе почне со демократизација на Република Албанија, со институционализација на Албанија во сите меѓународни институции, било тоа да се политички, воени и финансиски, со решавање на Косовското прашање како најгорлив проблем на Балканот, со што ќе се создаваат предуслови дефинитивно еднаш и во РМ овие работи да се поставаат. Што имаме денес?

Денес имаме ситуација дека Албанија веќе е членка на сите меѓународни институции, што е доволна гаранција дека таа не ќе може да предизвикува било каков конфликт во Република Македонија. Во Република Косово имаме 50 илјади НАТО војници, кои што ја гарантираат безбедноста од таа страна. На Косово дефинитивно таа е под чадорот на Меѓународната заедница и РМ веќе не се граничи со 50 илјади војници на Милошевиќ, кој целиот свет го осуди како што го осуди и секому е јасно дека тој секогаш можеше да предизвика конфликти во РМ.

Свесни за тоа, Партијата за демократски просперитет упорно градеше и правеше клима за доаѓање на ред на решавање на албанското прашање во РМ. Упорно градеше клима, затоа што знаеше дека денот кога овие работи ќе дојдат на дневен ред е блиску. Упорно знаеше дека Меѓународната заедница ќе створи и створи и други предуслови за да дојде оваа точка на дневен ред. Тие што ја следат меѓународната политика денес, знаат дека 21-от век за цивилизираниот свет, е свет за граѓанските и индивидуалните права, затоа што порано неприкосновен беше територијалниот интегритет на секоја држава, а денес се бара решение, начин како да се инсталира правен меѓународен механизам за заштита на тие права. Тој тест прво се покажа во Косово, кога за прв пат во Меѓународната заедница имаше интервенција, каде што суверенитетот на државата беше под нивото на чување на индивидуалните права на Албанците.

Ако овие реалности ги имаме денес во светот, мислам дека се исполнети сите предуслови ние да се зафатиме со решавањето на овие меѓународни проблеми, со тоа што ќе создаваме предуслови дефинитивно во 21-от век да се зафатиме со реалните економски проблеми.

(Во меѓувреме на претседавачкото место повторно се врати претседателот на Собранието д-р Саво Климовски).

А тие реални економски проблеми постојат и во цивилизираниот свет, постојат и начини и методи како се решаваат. Ако во една Ирска може да се постигне општ консензус токму за овие политички проблеми, каде од сите политички партии ќе се земаат делови од програмата и ќе се дојде до ситуација бројот на невработените да биде под 7%, каде порастот на производството е двоцифрен, сигурно дека и во РМ може да се постигне еден таков договор. Но реков претходно мора сериозно да го сфатиме проблемот на меѓунационалните односи. А проблемот на меѓунационалните односи никој не смее да стави точка, ако само рекол дека ќе го решиме високото образование. Проблемите кои реално постојат ќе ги ставиме и мораме да ги ставиме на дневен ред. Ако може и мора многу по силни и по цивилизирани држави со помал број на проблеми ако можеше и мораше една Германија и една Данска како најразвиени земји да зборуваат и да ги решаваат меѓунационалните проблеми, кога тие се дури 0,8% и да најдат решение, мора ние да го решиме тоа. Ако мораше да сфати и Израел дека за стабилност, за безбедност ќе треба да даде и територија, мора ние да го сфатиме и тоа. Ако мораше дефинитивно и за нај горкото прашање за Ирска да се најде решение, решението со еден општ консензус на политичките партии, меѓу албанскиот блок и македонскиот блок мора да се решаваат. Секое одлагање ќе биде само камен на сопнување на секоја Влада, паѓаат и се издигаат владите во меѓунационалните односи и нема простор за зафаќање со економските проблеми.

Затоа, би ја замолил оваа Влада храбро да влезе во овие проблеми, дури со цена како што направија големите политичари во светот и да ја изгуби власта, но да ја зачува Република Македонија и да ја засили демократијата во РМ, затоа што само тука е излезот и секој друг начин на решавање, нас ќе не враќа секогаш назад.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Ризван Сулејмани.

Има збор г-динот пратеник Благој Стојковски.

**БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ:**

Почитуван претседател, почитувани пратеници, почитувани кандидати за министри на новата Влада, денес на дневен ред според дневниот ред е изборот на нова Влада, за која треба на оваа седница да расправаме за кандидатите, меѓутоа да расправаме и за програма на нова Влада.

Програма немаме, имаме експозе на премиерот и според мене, не станува збор за нова Влада, од проста причина што оваа нова Влада, па и експозето на премиерот, треба да ги искажат основните поставки на развојот на нашето општество, на развојот на РМ. Точно дека не станува збор за нова Влада е и од бројот на новите министри. Бројот на новите министри од вкупно 24 министри е само 7. Како може да стане збор дека денес избираме нова Влада, ако имаме промена само на 7 луѓе во таа Влада, а имаме некои поместувања, да кажам во еден ист тим од едно место на друго, без овде да имаме некои показатели дали навистина овие поместувања на овие министри во ресорите кои ги воделе досега имаат позитивни резултати, или пак се во прашање интереси и тоа морам да кажам политички интереси во самата партија која прави вакви поместувања или интереси на посебни групи. Морам да кажам дека, овој тим што денес треба да го изгласаме не доби позитивна оценка не од нас овде пратениците, не од политичките партии. Не доби позитивна оценка од граѓаните. Мора да знаеме дека во сите демократски општества, граѓанинот е столб на тоа демократско општество во кои се одвиваат сите демократски процеси.

Знаејќи го ова и Коалицијата за промени дека најбитен чинител и фактор е граѓанинот, не случајно излезе со договор пред граѓаните за да го добие нивниот мандат, договор кој беше поставен на неколку поставки и да не ги набројувам сите, ќе ги кажам само овие за кои многу се залагавте, а тоа беше дека: ќе има рестартирање на производните капацитети, вработување на 10 илјади социјални или не социјални случаи, враќање на стари девизни заштеди и на пирамидалните штедилници, намалување на цена на вода, струја, радио - дифузна такса, изградба на 85 спортски сали, воведување компјутери во сите основни и средни училишта, спроведување на денационализација, транспарентност и целосно информирање на сите граѓани.

Анализирајќи ги овие поставки, кои беа изнесени пред граѓаните, секој од нас овде едноставно доаѓа до заклучок дека навистина од она што е направено по овие поставки, треба да има нова Влада, бидејќи јасно во ниедна во овие поставки нема резултати на работењето. Меѓутоа ако го погледнеме сега составот на Владата и ако кажеме дека имаме само 7 нови министри, а другите сите остануваат, а некои само се поместуваат натаму - наваму, дали навистина граѓанинот може да очекува подобри денови во развојот на демократијата, во подемот на економијата и во другите сфери на живеење во Републикава. Досегашниве резултати се многу јасни, нема вработување, има зголемување на бројот на невработени нема рестартирани производни капацитети, туку имаме заканување за затворање, а има и затворање на производни капацитети. За

намалување на цена на струја да не зборуваме заради дифузната такса, а спортските сали се никнати никаде.

Но нешто имаме за кое со факти, мораме да го кажеме. Ние за десет месеци во 1999 година, имаме намалување на индустриското производство некаде за 2%. Тоа се бројки изнесени од официјални владини институции и имаме зголемување на бројот на невработени, дали по Заводот за вработување, дали по Републичката статистика или пак по новиот денес слушнат начин на излагање и изнесување податоци за вработување од премиерот, од Заводот за платен промет. Тоа е една новина која прв пат ја слушам и морам да кажам дека изнесување на една ваква работа, без разлика дали ќе се добие или треба да се добие некој политички поен, мора да биде добро изанализирана, пред да биде јавно кажана од оваа говорница, затоа што сите знаеме на кој начин се пресметуваат платите на вработените во Заводот за платен промет.

Овде морам да кажам една вистина дека, како пратеник побарав од оваа Влада од министерот за труд и социјална политика, да ми одговори на пратеничко прашање, кое се уште не е одговорено, за да немаме заблуди овде колку имало невработени на 31.12.1998 година, колку има сега вработени и тоа посебно во администрацијата, посебно во јавните претпријатија и посебно во акционерските друштва. Ако ја добиев таа информација, точно ќе знаевме, бидејќи не верувам дека министерот на пратеник ќе му дава неточни податоци, иако има еден министер кој на мене ми даде едни податоци, ќе ги изнесам овде јавно дека, ќе имаме некои расправии колкав е тој број. Меѓутоа, една вистина е ваква: Ако немаме пораст на индустриското производство, ако немаме пораст на земјоделското, на сточарското производство, не може да стане збор за ефективно вработување. Не може да стане, бидејќи нема ли пораст на индустријата, таа е темел на куќата, ние можеме да градиме спратови во секундарната и терцијалната дејност, меѓутоа, мораме да знаеме дека тие темели на таа куќа не можат тоа да го издржат. Сакале тоа да го признаеме или не, тоа се економски законитости од кои не можеме да избегаме, а ние јасно имаме искажување дека навистина тука немаме пораст, имаме намалување, а ако има некој зголемувања на вработеност во администрацијата, во јавните претпријатија, морам да кажам дека тоа е потрошувачка на оваа држава. Тие се финансираат од џебот на граѓанинот и ако сакаме да опстанат, мораме да ги зголемиме надоместоците кои секој граѓанин ги дава било за струја, било за вода, било за друго.

Ова зборува дека нема да можам јас лично да имам некој оптимизам дека во наредниот период одиме во еден многу подобар живот на РМ, од проста причина што за да има просперитет и напредок, мора да има силни министри. Имаме во Владата министри, меѓутоа посебно мора да имаме силни министри во Министерството за развој, Министерството за стопанство, Министерството за финансии. Тоа се темелите на кои мора да се темели сето наше натамошно размислување. Што имаме ние сега?

Министерот за развој, кој не знам какви резултати има - нема, тоа не е мое да коментирам, сега од Министерството за развој оди во Министерството за трговија. Дали развојните програми, кои мора да се прават за подолг период, а не за 6 и 7 месеци, кои ги направил овој министер, новиот министер ќе ги прифати или што е човечки, ќе има нови идеи и ќе дојдеме во една состојба сега новиот министер да прави нови програми. Во Министерството за стопанство за неполна година двајца министри. Па какво стопанство сакаме? Па кој е тој човек кој има волшебно стапче за 6 месеци да може нешто да направи. Ние сега таму имаме нов министер, сигурно ќе има можности да покаже и се она друго што треба да се покаже, меѓутоа овде се плашам сега како граѓанин, не како опозиција дека уште една година од развојот на стопанството ќе имаме изгубено. Се плашам од причини што овде ги наведов, а за кои верувам дека и многу од Вас мора да се прашаат, па и едно прашање кое следува: Зошто да се промени министер ако е добар, зошто не продолжи по тој терк што работел, туку сега оди во друго министерство. Обично народот вака прашува. Ако не бил добар во едно министерство, сега во другото ли ќе биде добар.

Се чудам на една ваква работа, меѓутоа имам свој одговор кој не мора да биде точен. Одговорот е дека сепак е во интерес на внатре партиски интереси, а не друго и сигурно дека нашиот граѓанин си ги поставува овие прашања. Меѓутоа, морам да Ви кажам дека еден од граѓаните денес ми рече: добро е што има и ротирање на министри. Го запрашав зошто е добро. Па добро е вели, еден министер од образование подобро е да отиде во наука. Како? Па вели, од лошо има и полошо.

**БЛАГОЈА СТОЈКОВСКИ:** (Продолжение)

Во науката имаме оформени луѓе на кои не може да им води попови, не може да им води очи и не можи да им вади чипчиња, затоа што таму има луѓе кои многу разбираат што се чипчиња и чипови. И, вика, полошо е да останеше во образованието, затоа што во образованието децата се посебно, во осмолетка и во средна школа, како една мала фиданка, која расне право, ако ја воспитуваш право. Ако малку ја накривиш, ќе остане крива за цел живот. А, ваму во науката, таква работа не може да се случи.

Имавме многу искажувања дека ние пратеници од оваа Влада, ќе бидеме удостоени со пратенички прашања, со одговори, но да Ви кажам. Една седница за пратенички прашања на пратеници, на многу седници на Влада ги нема министрите. Една седница поставени прашања пред осум месеци, се уште немаме одговор. Да не зборувам за информацијата што ја побаравме за Липковско езеро, требаше јасно да биде дадена. Бидејќи, јас ја поставив и јас го поставив прашањето и не добив одговор и да не набројувам натаму дека добив одговор, училиште ќе почне во тоа село, а абер нема од тоа. Дека тоа ќе биде завршено исто така, абер нема од тоа. Тоа не се битни прашања, бидејќи сега министерот оди во друго Министерство, меѓутоа морам да кажам дека граѓанинот за кој Вие најмногу се залагавте прашува и бара одговор, зошто по укинување на Законот за вработување, по дадени ветувања од министерот дека, ќе се донесе нов Закон за вработување за социјални случаи, не дојде тој Закон. Со право прашуваат зошто толку најавуваните евтини станови ги нема? Зошто не се спроведува денационализацијата?

А, верувам дека и сега се прашуваат оние кои го слушнале излагањето на премиерот дали, навистина, ќе има исплата на старите затечени девизни средства. Ако утре расправаме по Буџет, во кој потполно се исти средства за стари девизни штедачи од 1998 и 1999 година и 2000 година. Како ќе има зголемување? Не ми е јасно, барем на мене не ми е јасно, а верувам на овие граѓани уште повеќе не им е јасно. Премиерот рече дека за прв пат ќе имаме намалување на каматните стапки по 10%.

Верувам, јас како пратеник дека тоа ќе се оствари и дека ќе имаме намалување на даноците некаде испод 70% и тоа пак за прв пат. Крилатица, која оваа Влада многу ја употребува за прв пат и мора да се потсетам на минатата година во истото ова време, за прв пат имавме намалување на цената на бензин и на нафта и тоа ни беше честитка, а потоа уследија уште две зголемувања на цената на бензинот и на нафтата. Немој и ова сега што го слушнавме за прв пат намалување на каматите од 18% на испод 10% да биде, сигурно да дојде подолу, а потоа да отиде пак негде над 20%. Некако лично и слушајќи ги овие вистини изнесени од Владата, се плашам дека оваа честитка што беше минатата година за бензин и за нафта, сега во оваа 1999 година добивме два пати зголемување. Се плашам дека вака компонираната Влада, со исти луѓе,не може да направи голем исчекор во сите сфери, во кои очекува Македонија во 2000 година.

Лично очекувам, дека многу брзо пред намалување на министерствата, повторно ќе имаме реконструкција на Влада, ќе се сфати дека, сепак државата треба да биде колку што може ослободена од некои стеги. Се плашам дека таквите реконструкции не можат да водат на добро во политиката на развој во стопанството. Во други сфери може полесно тоа да се премине и надмине. Тука ќе биде многу тешко, но морам да кажам дека добивам впечаток дека еден министер, кој минатата година во декември изјави, ќе се борам за правна држава, да функционира правна држава, да нема партизација на државата, а сега гледам истиот тој министер го нема во списокот на Владата. Не сакам да го бранам, јас сум од опозиција, меѓутоа како што гледам го нема тој министер, кој изгледа ја осети на себе онаа изречена изрека од францускиот крал, а тој ни ја прочита на нас "ако немаш аргументи, викај", изгледа тоа му се случи на министерот. Но, тој ја рече, тој се залагаше и точно е дека не може да има таков министер кој сака да постои правна држава, затоа што за некој ќе биде полесно да се оствари партизација на државата, без да се води сметка на стручноста, на квалитет, не зборувам за министрите, зборувам за подолу, кој сигурно ќе имаат потешки последици по сите нас граѓани на Македонија, без разлика дали сме од позиција или сме од опозиција. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Благоја Стојковски.

Збор има господинот пратеник Илија Илоски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, дозволете ми јас да кажам неколку збора после оваа исцрпна расправа, доколку навистина, остана нешто некажано, меѓутоа, бидејќи сите сме со своја глава и со свој ум, овде, мислам дека имаме право на свое размислување и дозволете ми да дадам неколку коментари околу ова актуелно прашање што денес го расправаме, а тоа е избор на нов владин кабинет во Република Македонија.

Од многубројните дискутанти до сега ни еден не забележав да констатира и да го запраша премиерот што го натерало да понуди колективна оставка, само за една година од добивање на мандатот на последните парламентарни избори. Ако премиерот имаше политичка доблест да понуди колективна оставка, тогаш требаше денес да има исто политичка доблест, јавно пред Парламентот, овде и пред целокупната македонска јавност, по мене лично, да каже кои беа причините за нудење на една колективна оставка и зошто не се отиде на некое козметичко пеглање на состојбите во неговиот Кабинет.

Евидентно е тоа дека работите до тој степен не чинеле и не се одвивале добро, визави зацртаните изборни платформи и добиениот мандат од народот и на крајот на

краиштата тие внатрешно партиски судири во Коалицијата за промени или во парламентарните групи или во самите министерски кабинети помеѓу министрите од поодделни партии, ескалирале до тој степен што премиерот за спас на својот кабинет понудува колективна оставка. Бидејќи беше понудена колективна оставка, јас лично мислам, а и повеќето пратеници се надевавме дека денес ќе имаме можност да добиеме една исцрпна програма, во која ќе беа елаборирани недостатоците и недоследностите на спроведување на политиката во овој едногодишен мандат и нормално во истата таа програма ќе беа понудени перспективите за развој на македонското општество во наредниот три годишен период, колку што остана мандат за владеење на оваа власт. Меѓутоа, за жал, тоа не се случи.

Имавме чест да го ислушаме премиерот во едно кратко експозе од 15-тина до 20-тина минути и како затечени во таква ситуација, немајќи ја Програмата на Владата, денеска сме навистина приморани при едни оскудни дадени набрзина податоци, да расправаме по истите и да донесеме одредени свои видувања. Доколку е спремна актуелната власт да прифати нешто од овие сугестии, да ги инкорпорира во натамошното свое делување.

Во тоа кратко експозе на премиерот денес, на кое сакам да се осврнам, на еден концизен начин, по мене, беше во три глобални сегменти елабориран целокупниот општествено - политички живот во Република Македонија, без она што пред малку кажав, да се осврне на слабостите од претходниот период во тој систем што работеше Владата и во тие три сегменти, давајќи перспектива како натаму ќе оди македонската држава. Тие три глобални сегменти во излагањето на премиерот беа: Прво, надворешната политика, Второ, внатрешната политика, Трето, економскиот сектор беше опфатен со некои подетални податоци. Бидејќи, јас лично не сум политичар по вокација на првите два дела, би се задржал сосема кратко, а би бил нешто по исцрпен во третиот економски дел.

Во сегментот на надворешната политика, премиерот констатира дека и натаму оваа Влада ќе се стреми за асоцијативно членство во Евроатлантските структури, т.е. приближувањето на Република Македонија до Европската Унија и влегување во безбедносниот систем на НАТО Алијансата. Ова не мораше ниту да ни го соопштува, ниту на Вас како позиција, ниту на нас како опозиција, бидејќи знаете, за овие две прашања има општ консензус во Република Македонија од сите политички субјекти што делуваат во државата.

Меѓутоа, овде имам една огромна забелешка, бидејќи веќе се претвора во една општа реторика ова настапување пред јавноста, од една проста причина што Европската Унија, ниту НАТО Алијансата нема да не прими ако од оваа говорница и позицијата и опозицијата на сите гласови цело време викаме дека сакаме да бидеме нивни членови. Напротив, треба да се запрегнат ракавите, се она што беше пропуштено во претходниот период и што ништо не се направи за една година владеење на оваа власт, треба да се запрегнат ракавите, прво, состојбите во државата да се средат на едно повисоко ниво, во сите сегменти на општественото живеење и само на тој начин Европската Унија или во другиот сегмент НАТО Алијансата да не сфати како сериозни партнери и да ги почне дефинитивно тие преговори за асоцијативно членство.

Во делот на внатрешната политика, редејќи ги приоритетите, премиерот се осврна на неколку демократски придобивки во секое демократско општество, како што се граѓанските вредности, посебно потенцирајќи ги меѓунационалните и меѓуетничките односи, правната држава, човековите права и слободи, безбедноста на граѓаните и борбата против организираниот криминал и корупцијата.

Да не се сфатиме погрешно дека сме членови на опозицијата и дека излегуваме овде се само со една цел, било што да се каже и да се критикува, јас ќе се потрудам дека овие демократски вредности и придобивки во рамките на внатрешната политика, на кои се осврна премиерот во експозето, да ги негирам дека воопшто постоеле во изминатиот период од една година во Република Македонија. И, тоа нема да Ви го кажувам ниту од некои учебници, ниту од некои кажувања, ниту од некои новинарски написи, ниту од некои телевизиски емисии, ќе Ви кажам дека од овие 4 или 5 демократски придобивки, како што беа граѓанските вредности, правната држава, човековите права, безбедноста на граѓаните, борбата против криминалот и корупцијата, ама баш ни една не функционираше. Ќе се потрудам тоа да Ви го објаснам на личен пример. Знаете, на последните претседателски избори во прегласувањето, јас бев одреден за набљудувач во Велешта. Се прашувам сега каде се човековите права и слободи, ако јас како пратеник, не дај боже обичен граѓанин да појде таму и да му се каже, овде е друга држава, нема што да барате, да Ве нема за две минути, затоа што Вашите глави ќе висат на некои бајраци, што Ве поставиле во домот таму за гласање.

А, човековите права и слободи, господа пратеници, не се само на хартија напишано слово, кои треба некој да ни ги соопштува и да ни ги полни ушите дека имало човекови права и слободи. Јас лично

во тој даден ден сум немал ниту човеково право, ниту слобода да појдам на одредена територија што припаѓа на Република Македонија.

Околу безбедноста на граѓаните, сите овде знаете и целокупната македонска јавност добро знае дека, сите што отидовме таму не бевме безбедни граѓани.

Околу правната држава и ден денеска не се знае, ни кој не претепа таму, ни зошто не претепа. Се прашувам, каде е таа правна држава и сега го прашувам министерот за правда во оставка, а ќе го прашам сега кандидатот за министер за правда и министерот за полиција во оставка и сега наименуваниот министер за полиција, испадна дека некои марсовци таму слегоа и не тепаа нас и никој жив во оваа држава не ги знае кои се тие. Напротив, декларирајќи се за правна држава од сите усти на актуелната власт, јас лично како пратеник, господо, бев повикуван во полицијата во Охрид да ме испитуваат зошто сум бил таму. Замислете. Е, така функционираше правната држава, такви беа човековите права и слободи и таква беше безбедноста на граѓаните.

Кога зборувам од аспект на пратеник со имунитет, ако јас така сум се чувствувал, замислете како се чувствувале обичните граѓани во рамките на функционирањето на правната држава во Република Македонија, во изминатиот период.

Дали нешто ќе се подобри во иднина, слушајќи го денеска премиерот како ги наведува сите овие демократски придобивки, јас се плашам и тоа само од една причина. Ако довчерашниот министер за полиција во саботното интервју дадено за про владиниот лист Вечер, изјавува дека оваа власт се стреми кон втерување на страв во коски на граѓаните и така сака да владее, Ви се молам, јас не гледам иднина каде што мирно и на некој начин смирено еден со друг ќе живееме во иднина. Никој тоа не го кажал од народот, никој тоа не го кажал од опозицијата, го кажа и овие зборови се излезени од устата на актуелен министер за полиција, кај кого се слеваат сите релевантни информации да даде една ваква оценка дека актуелната власт во која и самиот тој учествува и партиципира, се стреми да втера страв во коските на граѓаните.

Или на пример, изјавата од вчера на веќе сега сменетиот министер за финансии, кој вели дека, ова личи на комунистичките режими и ова е начин на тоталитарно владеење. Сами донесете си оценка, дали имаме перспектива и натаму да не живееме под страв и да не живееме во еден тоталитарен режим кој ни се наметнува.

Во третиот економскиот дел, редејќи ги девет или десет приоритети, конкретизација на приоритетите правејќи, јас ќе се задржам на еден од последните, мислам дека тоа е алфа и омега како подлога, како основа, каде што зависат дали и другите, оние претпоставки што ги спомна премиерот во економскиот дел во своето експозе, би се оствариле. Имено, за што се работи?

И овој пат се оди со преголем оптимизам дека растот на бруто националниот производ во 2000 година се очекува дека ќе биде и тоа во Одлуката за кредитно - монетарната политика за оваа година, децидно е набележано дека ќе биде реален раст од 6%. Ако се земе предвид инфлацијата предвидена од 4%, тоа значи дека навистина номинално треба бруто националниот производ да порасне за цели 10%, за да може отпосле врз таа економска матрица да се реализираат останатите забележани реформи во економскиот дел на живеењето на Република Македонија.

Јас лично сум скептик во остварување на овој раст на бруто националниот производ од 6%, од проста причина што тука најголем дел го партиципира растот на индустриското производство, кое за жал оваа година до 11 месец има реален пад од 2%, а оној пораст од 2% што се очекува на бруто националниот производ е резултат на порастот во терцијалните дејности, пред се во трговијата, во телекомуникациите и во другите терцијални сектори, кои немаат многу битно влијание за драстично покачување на економскиот раст на државата.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:** (Продолжение)

Затоа земајќи го овој податок со оваа резерва, мислам дека другите наброени економски моменти од страна на премиерот, немаат баш никаква шанса да се реализираат во 2000 година.

Да одиме сега со ред како што премиерот го излагаше економскиот дел во експозето.

Прво, сакам да проговорам за она што навистина денес бев изненаден, од устата на официјалниот премиер до вчера, сега мандатор, утре најверојатно повторно премиер на Република Македонија, слушнавме дека една државна институција, која по закон ниту има право, ниту има ингеренции да се меша во статистичките истражувања и да дава статистички податоци дека, сега одеднаш станува извор на релевантни статистички податоци, т.е. Заводот за платен промет преку ноќ ни стана еден извор на релевантни статистички податоци, каде што е забележан пораст на вработувањето и дека по нивни податоци сме имале во Република Македонија 410 илјади вработени. Се работи или за комплетно непознавање на материјата, или за намерно сеење на лага пред народот, затоа што официјалните цифри говорат сосема нешто

друго.

И мислам, ако се направи една добра споредба со периодот од минатата година, многу лесно се доаѓа до цифра од преку 50 илјади нови невработени што останаа на улиците. Ако и тоа не се почитува Заводот за статистика во конкретниот случај за овој конкретен податок дури и Заводот за вработување, тогаш лесно може било кој од нас овде, или било кој граѓанин да оди пред вратите на заводите за вработување и да види дека ланските колони кои беа по ходниците, сега се веќе префрлени и по улиците. Така што воопшто не коинцидира со реалноста овој податок дека, бројот на вработените во Република Македонија се зголемил и сега изнесува 410 илјади.

Второ, неколку дискутанти пред мене укажаа, меѓутоа мислам дека нешто пропуштија. Тука сакам тоа да го прокоментирам, околу коментарот на премиерот за надворешниот долг на Република Македонија, наводно дека бил за цели 50 милиони долари намален во тековната или во фискалната да речеме 1999 година. И ова е флагрантна невистина, бидејќи господинот Филиповски спомна реалната цифра на надворешниот долг на Република Македонија, е таа што долгот кон надвор е зголемен за цели 200 милиони долари, а не е намален за 50 милиони долари. Мислам дека, тука премиерот не прави разлика, а тука навистина има намалување на јазот во надворешно - трговскиот и платниот биланс, што е добар економски показател и дека не прави разлика дека една со друга економска категорија не е исто, иако коинцидираат и се зависни една од друга, меѓутоа секогаш не се поклопуваат.

Околу старото девизно штедење беше наведено дека во 2000 година ќе се преземат мерки за исплата на старите девизни штедни влогови, а после тој приоритет се оди на парцијално решавање на пирамидалното штедење. Мислам дека и ова е обична лага, од проста причина што овие денови имавме прилика да го гледаме Буџетот на Република Македонија за 2000 година, утре тоа е и на комисиите и на овој Парламент ќе го расправаме, навистина се утепавме од барање, меѓутоа не најдовме ставка во Буџетот за исплата на старото девизно штедење, освен онаа иста ставка во ист процент колку што беше и изминатите две години, значи 1999 и 1998.

Значи по оние веќе усвоени критериуми на бившата Влада, за исплата на старите девизни штедачи по истите критериуми, ќе се врши и фактички нема зголемување ниту на еден промил во тој износ. Ако ваква ставка нема во Буџетот на Република Македонија, се поставува круцијалното прашање од каде ќе се исплаќаат и ќе се сервисираат старите девизни штедачи. Исто така знаеме дека, нема ниту закон, ниту пак повторно е определена ставка во Буџетот за пирамидалните штедилници, така што и ова кажување во економскиот дел на образложението на Програмата за 2000 година на новата Влада, нема никакви реални основи.

Приватизацијата беше спомната, иако морам да се навратам на неколку моменти што овде се расправавме долго време, поготово на рафинеријата и по тој пример и на многу други стопански субјекти кои влегоа во процес на приватизација или влегување на стратешки инвеститори, меѓутоа истиот тој процес се одвива сега многу по не транспарентно, за разлика од она како тој процес течеше во претходната Влада.

Петта точка беше дека, следната година ќе се оди во реформи на банкарскиот систем, каде што беше кажана исто така една таква невистина дека, за прв пат оваа Влада успеала да ги симне каматите на 16% оваа година, со интенција дека истите тие камати до крајот на 2000 година ќе се спуштат на 10% и нормално тоа ќе продуцира еден инвестиционен циклус на повисоко ниво. Тоа не е точно, од проста причина што ги имам точно податоците добивајќи ги материјалите за утрешната седница од Народна банка, околу проекцијата за кредитно монетарната и девизната политика за 2000 година, каде што децидно стручните служби на Народна банка на Македонија е наведено дека, пондерираната камата на акумулациите на депозити била целиот овој период некаде околу 25% и пондерираната камата на пазарот на пари околу 21%, или просечно пондерирана каматна стапка на активните и пасивните банкарски камати за целата фискална 1999 година била 21% кај активните, односно 11,5 кај пасивните каматни стапки. Значи не е тоа 16, а процентот од 4 до 5%, навистина е голем за да се каже пред оваа говорница.

Потоа беше проговорено за реформите во даночниот систем, што се предвидуваат во 2000 година и тука беше кажано една точка дека реформа во даночниот систем се подразбира и дека оваа нова Влада ќе го направи само во сегментот на воведување на ВАТ системот, т.е. на данокот на додадена вредност и тоа од 1 април 2000 година. Тука требаше да се спомне дека и Царинскиот закон, како дел од даночниот систем да го речам, кој е донесен уште минатата година е одложен за една година, па сега повторно се одлага за четири месеци. Овие два законски проекти беа оние битни во реформата на даночниот систем, кои беа конципирани и не доближуваа до процесите на асоцирање, на преговори за асоцирање во Европската Унија, за жал се одлагаат и не гледам никаква реформа во тој систем.

Лично мислам дека повторно на 1 април, или некаде уште во март ќе бидеме сведоци на ситуација, каде што ќе се собереме во Парламентот повторно да ги одложиме донесувањето на овие закони во примена, од проста причина што сите релевантни податоци што ги имаме досега говорат дека, ниту даночната, ниту царинската администрација во моментов, се спремни технички и едукативна настава немаат извршено кај своите стручни служби, да ги практицираат овие закони. Така што ако премиерот мислеше дека овој закон за ВАТ е реформа во даночниот систем, навистина немаме никаква реформа во тој сегмент во 2000 година. Напротив требаше да се зафатат да си ги исполнат своите предизборни ветувања од последните парламентарни избори, каде што рекоа дека ќе ги спуштат даноците и царините на многу пониско ниво од постоечкото.

Во пензискиот систем, исто така не се очекуваат некои поголеми реформи, иако се заговара нешто, слушаме преку јавните медиуми дека таму се прави нешто, а најинтересно беше излагањето во оној сегмент, каде што премиерот нагласи дека ќе продолжи реформата во здравствената политика. За да нешто продолжи треба претходно да постоело, бидејќи во целата 1999 година и ние овде што сме, а и народот знае дека ама баш никаква реформа во здравствениот систем не постоеше, така што нема што да продолжи. Инаку ако веќе се зборува за реформа во здравствената политика, да ги потсетам повторно на едно предизборно ветување од договорот за Македонија, каде што рекоа доколку го добиеме мандатот од народот, ние ќе воведеме бесплатно здравствено лекување за онаа популација помлада од 18 и постара од 65 години. Наместо тоа што добивме? Сакајќи да го санираат Фондот за здравство во периодот од март до мај, ако се направи исцрпна статистичка анализа забележана е смртност на пациентите на хируршките клиники во Скопје на едно највисоко, да не речам европско, можеби и светско ниво. Ние бевме тогаш во тие периоди сведоци, каде што итни случаи не можеа да се оперираат за банални медицински потреби. И навистина не гледам за какви реформи станува збор во здравствената политика, ако обичен пациент умира од слепо црево, заради немање конци на хируршките клиники, или чекање да се позајмат конци од гинеколошките, или не знам од кои клиники од друго место.

На крај беше спомнато дека, после сите оние добри работи што се направиле во 1999 година и после се ова што заговараме ние да направиме за 2000 година како нова Влада, сме биле оценети како лидери на реформите во овој дел на Европа. Навистина се добива впечаток дека, се сее некоја магла пред очите на народот ако и тоа навистина така се сфаќа и навистина е многу лошо ако народот се потхранува и се подгрева со еден лажен оптимизам. Ако и натаму признавајќи си ги грешките кои ги направија во текот на своето владеење од само една година, кажае дека ние не чиниме затоа си поднесуваме колективна оставка, не смееше премиерот да си ги дозволи овие оптимизми повторно да му ги понуди на народот, затоа што преголемиот оптимизам познато е дека е опиум за народот, а после отрезнување народот ги казнува сите оние што го опивале на овој начин.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа, пред нас е една точка на дневниот ред, иако сме касно навечер, сепак мислам дека работата ќе ја завршиме многу ефикасно и дел од оние памфлети што се фрлаат особено од страна на опозицијата, ќе паднат во вода вечерва, бидејќи ние како политичка партија и како коалициони партнери знаеме што сакаме во државата, имаме добра и чесна намера за да ги изведеме работите така како што треба и навистина јас сум многу оптимист во тој поглед, затоа што со сите оние потези што ги влече оваа Влада и оваа новата што треба да ја избереме одат на добар пат да се вклопиме во сите тие европски интеграции.

Но, за мене сепак е најбитно како ќе си ги решиме внатре домашните проблеми, кои се уште ни постојат во државата. Јас сум сосема свесен дека одреден дел од пратениците од опозицијата имаат одредено право, меѓутоа имаат одредено право, но имаат и одредено право да си кажат како онаа народната: "Држ ми го копилето, да и се смејам на копиљашката". Тие заборавија за кратко време што направија во оваа држава, какви тегоби и донесоа на оваа држава, каков јаз направија во сите сегменти од животот на оваа држава и денес сега за големо чудо ни држат предавања овде како големи економисти, како големи демократи и да не кажам како премиери и т.н.

Јас сум зачуден не само од тие луѓе, зачуден сум и од луѓе кои порано играа на страната на позицијата, а денес веќе не можам да ги препознаам на која политичка партија и припаѓаат, час беа во СДСМ, ПДП, па беа во либералите, па во Либерално - демократска и т.н., за денес да одржат едно големо предавање овде како премиерот Љубчо Георгиевски треба да ги реши проблемите со загубарите и т.н. И навистина морам да се прашам дали господинот Петар Гошев знае дека, кога ФЕНИ беше граден во Република Македонија, врз кои принципи и начела беше граден тој гигант во нашата држава и колку години е постојан загубар во оваа држава и дали знае на колку години возраст беше премиерот Љубчо Георгиевски кога се градеше ФЕНИ. И токму заради тоа, ова го поставувам како прашање, само

заради тоа за сите да се потсетиме кои чекори ги преземаме во оваа држава за нашите деца, кои сега се мали или не се родени, ќе станат идни премиери да ги решаваат нашите грешки, што ние ги правиме во оваа држава. Тоа е многу дискутабилно прашање. И не треба да замижуваме, затоа што секој наш чекор овде без разлика дали сме позиција, опозиција, секој наш чекор треба да се мери и треба да биде визија за иднината, затоа што без таа иднина, ние не можеме да обезбедиме никаков просперитет за нашите деца и внуци и т.н. и за нашата нација. И така големите нации ги мереле тие чекори и затоа до ден денес се големи моќни нации, една германска нација да ќе кажам, која во две војни беше поделувана и т.н., но и денес претставува една од големите водечки економски потенцијални сили во светот, да не речам и во Европа, иако беа на некој начин многу оспорувани во тој економски и технолошки развој.

Затоа мислам дека, со она што опозицијата денес го прави навистина на народот му сее магла. Мислам дека, тие треба да бидат малку самокритични и да си кажат и за сопствените грешки за да можеме ние на нивните грешки да се поучиме како позиција денес и да кажеме дека навистина Ви благодариме, навистина сте вистинска опозиција која ни укажувате како и на кој начин треба да ги решиме прашањата во Македонија. Вие се кажувате, но не кажувате рецепт како да се излезе од оваа криза. Вие заборавате дека три пати правевте реконструкции на владите, менувавте министри, па да ви кажам колку афери направивте со министрите, со Шундовски, со нункото на Бранко Црвенковски, да не спомнувам тоа е една голема лепеза, која ако почнувам да ја редам, да ви кажам почнува да ми се слошува.

Затоа ние во оваа држава треба да направиме, мислам дека во тој прилог зборуваше Љубисав Иванов. Тој кажа добри мисли. Ние за одредени прашања во оваа држава треба да имаме јасен став како да излеземе од таа состојба. Претпоставката дека меѓуетничките односи ни се многу лоши, или средени во Република Македонија, мислам дека тоа прашање многу држи. Но, ние за да можеме да направиме добри меѓуетнички односи, да направиме граѓанско општество, да направиме задоволни луѓе, ние пред се треба да ги нахраниме, нашиот човек се уште не е нахранет. Како ние ќе му зборуваме за меѓуетничка толеранција и за други демократски односи во општеството, кога ние ги немаме основните работи да му ги понудиме на нашиот човек. И тие се најтешките, најсуштествените работи кои денес чека нашиот народ да му ги соопштиме. Како ќе го решиме прашањето на невработеноста, како ќе ја започнеме работата на одредени објекти во државата, еве конкретно за Битола, како треба да отпочне со работа Фринко, како треба да отпочне со работа Пиварата, Иднина, Свиларата, тоа е животното прашање и тогаш луѓето, кога тој економски стандард да речам ќе порасне на едно повисоко ниво, многу е полесно да ги релаксираме или да ги решаваме меѓуетничките односи во државата. Луѓето ќе бидат свртени кон економскиот дел, кон интересите што му се на преден план. А ние сега заради економските прашања и проблеми кои се наталожени девет години, а да не речам и како експеримент уште од бивша Југославија, оваа наша мачна Македонија, сите експерименти што поминаа во Југославија поминаа прво во Македонија. Земете ја колективизацијата, задругарството; тероризирањето, затворањето, сето помина како експеримент во Македонија и тоа и ден денес има последици во оваа држава, таа психологија се уште владее, дури да не речам кај одреден број на луѓе без разлика дали се политичари, земјоделци, професори и т.н., се уште таа психологија владее кај нив и постои во свеста, или во потсвеста. Ние мораме да ги бришеме тие работи од државата. Но како? Прво со економско заздравување и главна основа на нас ќе ни биде да мора со било каква програма и еве и со странските инвестициони вложувања, па со покренување на еден инвестиционен циклус било каков во Буџетот на Република Македонија и со други механизми што стручњаците добро ги познаваат. Мислам дека, ако почнеме дел по дел да вработуваме од населението, ние само на таков начин ќе можеме да ги решиме работите во оваа држава. Инаку ќе се вртиме во круг сите и сите ќе го лажеме народот дека, еве нешто се залагаме, нешто правиме, а всушност ништо не правиме.

Јас сум свесен дека одредени прашања држат од опозицијата што ги кажуваа, свесен сум за тоа дека некои податоци се грешни и не мора да се точни, но не е битно во податокот колку е точен или колку е грешен, битно е ние дека имаме една реална состојба во државата, која мора да се надмине со заеднички сили и сите потенцијали мора да се сведат на тоа тежиште, на таа точка за да можеме тој процес да го отпочнеме во државата.

А вие вака како што работите само ни укажувате дека, грешите, или нешто сте заборавиле, нешто сте пропуштиле, а не кажувате рецепт како тоа да го изведеме, а имавте девет години на располагање да го направите тоа, две добри петтолетки, јас не знам да ви кажам, не сум ни доволно паметен, или не сум доволно интелектуално оспособен да ве разберам, што всушност сакате со сето тоа да ни кажете.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:** (Продолжение)

Или да ни кажете дека министерот за образование, ќе бил добар гинеколог, ако не политиколог во Софија, во дипломатијата.

Мислам дека таквите работи апсолутно не држат. Народот апсолутно, не очекува таква конструкција на реченици. Народот чека нешто друго од нас. Ние мораме да отвориме процес на решавање, процес на надеж. Јас тој надеж, навистина го гледам во оваа реконструирана нова Влада и мислам дека одреден број, а не само на министри и пратеници и сите политички што се ангажирани луѓе, кои се ангажирани во стопанството. Еднаш треба да сфатиме, во оваа држава Македонија дека, мораме да го менуваме кодексот на однесување. Не можеме постојано да зборуваме, борба против корупцијата, а самите правиме корупција и самите го поттикнуваме митото во државата. Ако сум јас на одредена позиција, да мора некој да ме подмити, за да му завршам одредена работа во одредено министерство. Тоа е лош преседан, кој не не води на прав пат.

Ако на таков начин погледнеме, како што зборуваше Љубисав Иванов, да можеме со заеднички консензус, околу тие прашања, што ми се многу важни, многу битни, мислам дека ќе направиме нешто за оваа држава. Инаку, со вакви дијаметрално спротивни гледања и црно бело редење на настаните, кој е по демократ или по недемократ, мислам дека тоа не не води кон крајот. Ако сакаме да правиме такви паралелни споредби, ние можеме слободно да ги правиме. Во поранешната Влада, можам да набројам 10 случаи, каде што права беа флагрантно кршени. Земете го Бит Пазар, земете го Ѓорче Петров, земете ја аферата "Хар Дрог". За време на оваа Влада вакви случувања нема. Има поединечни случаеви, но затоа, ние ќе почнеме и од нашите редови нешто да прочистуваме, за да сфатат луѓето, дека мора да се однесуваат, според кодексот на она што треба оваа нова Влада и во духот на промените, што треба да се направат. Сите мораме така да се однесуваме. Јас само така гледам излез. Ако некој мисли, дека на друг начин можат да се решаваат прашањата, повелете. Јас толку знам и би бил благодарен, ако вие секогаш изигрувате вистинска опозиција. Меѓутоа, до ден денес покажавте дека не сте вистинска опозиција. Вие сте опозиција, која сака врз грбот на народот да направи голема штета. Земете ги претседателските избори. Направивте голема штета на меѓуетничките односи. Направивте голема штета на односите меѓу соседите. На една соседна Бугарија, на една соседна Грција, на една соседна Албанија. Ги терате на конфронтација луѓето од државите или етничките групи во Македонија да прават раздор. Тоа не води кон добро. Мора свеста да порасне на толкаво ниво, за да сфатиме дека ние сме премали и овој свет не почна со нас, туку секој во мозаикот да стави по едно каменче и да биде благодарен, кога јас бев во Собранието на Република Македонија, дадов добар прилог, за доброто на Македонија.

Само така можеме да израснеме во подобра нација и просперитетна држава.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. пратеник Ѓорѓи Котевски.

Реплика има г. пратеник Петар Гошев.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Јас обично не реплицирам, но бидејќи Котевски се интересира за мојата биографија, јас да му кажам дека кога "Фени" се градеше, јас бев студент на Економски факултет и потоа приправник во фабриката "11 Октомври".

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа и вие г. кандидати за членови на Влада.

Има една поговорка, која од прилика вели: "Ве тресеше гора, се роди глушец". За жал целата оваа работа околу коалиционите затегнувања, всушност, заврши со една ваква парафразирана реченица и со една ваква реконструкција, која според мене не значи ништо, туку фрлање на прашина во очите на јавноста. Се сака да се стави точка на сето тоа што се случува се случуваше во досегашниот период и дури да ни се најави еден среќен почеток во новиот Милениум. Камо среќа да беше така. Но фактите зборуваат за нешто друго.

Прво, треба да се констатира една работа, дека коалицијата падна во една длабока криза, која всушност, е кочница за натамошниот севкупен развој на односите во Република Македонија и таканаречениот договор или платформа, кој според мене претставува еден партиски манифест, што треба да не се направи, а не што треба да се прави, уште повеќе ќе ги заострува односите во самата коалиција и бидете уверени дека набрзо, во ова Собрание, повторно да расправаме за вакви работи, односно, за нова реконструкција.

Кога сме кај реконструкцијата, познато е во светот, претседател на Влада, или мандатор, кој поднесува оставка, во прв ред ги изнесува причините поради кои доаѓа до таква ситуација. Не брзо преку ноќ, како тоа што го направи г. Георгиевски, дури прекршувајќи ги процедуралните аспекти, за изгласување на доверба на Влада, за избор на нова Влада, ден пред донесување на нов Буџет и со многу други забелешки, без причина, без повод, за да тоа така се направи, се осмелува, дури да излезе пред пратениците, без експозе, ниту за причините

кои ја доведоа ситуацијата до овде, за да се одлучи на ваков чекор, ниту со давање виза, како понатаму. Сметам дека крајно неодговорно е експозето, под наводници, на премиерот, односно мандаторот, да почнува со констатацијата, изразување на пофални зборови, за членови на досегашната Влада, кои ќе заминат и кои ќе ја немаат таа можност, понатаму да продолжат да бидат министри.

Ако било така, тогаш се поставува прашањето, зошто тогаш ги реконструира. Или, сметам дека е под било кое ниво, дури на едно излагање на еден просечен пратеник, да се излегува со вакво експозе, каде што ќе се дава визија за влегување во новиот Милениум и кабинет, кој ќе биде гаранција за остварување на цели, кои всушност не постојат, туку постојат само едни констатации и парафразирање на општи тези, кој секој ги знае не само во ова Собрание туку и надвор од Собранието.

Се тврди дека по надворешната политика, ќе продолжи овој курс што го имаме, за интеграција во Евроатланските структури, нашите интенции за влегување во НАТО, добрососедски односи и таа песна што се слуша секој ден од секој просечен граѓанин. Нешто, како тоа ќе се направи, кој се чекорите, која е стратегијата, кога првиот чекор ќе се направи, кога ќе стигнеме до тие статуси на приближување, кој треба да бидат реформите внатре, кој ќе не приближуваат, или констатацијата дека на внатрешен план, работата ни била многу добра. И се повикува дури, на пофалбите што ги добил премиерот, на состанокот со Европската тројка во Хелсинки, каде што немала ниедна забелешка. Како ќе има забелешка, кога коалициониот партнер од Албанците во Република Македонија, ги потврдува тезите на г. Георгиевски, дека меѓунационалните односи во Република Македонија се релаксирани. Зошто тогаш да има забелешка од надвор, кога самите Албанци, партиципиенти во Владата го тврдат истото. Да не очекуваме ние господата од надвор, да дојдат да ни кажат, вие Албанците имате проблеми, ова прашање не е решено.

Или уште пожалосно е осврнувањето на премиерот, во делот на проблемите во стопанството и неговата визија понатаму Тој најпрво не ги констатира слабостите кои оваа година ги имаше при спроведувањето на својата програма. Не спомнува ништо, туку главен аргумент му е тоа, дека со ММФ и Светка Банка, сме се договориле, дека порастот на производството ќе биде толку и со инфлацијата ќе биде толку, вработувањето така, со тоа да завршува, како да тоа сето Светска Банка и ММФ ќе дојде да ни го спроведе и тие цели ние ќе ги реализираме.

На крајот на краиштата, каде остана дека оваа Влада ќе внесе нов дух и дека нема повеќе да бидеме послушници на директивите од Светска банка и ММФ, туку ќе имаме нов став, критичен став, со наши аргументи ќе ги демантираме ставовите на Светската банка, ММФ и т.н.

На крајот, кон надворешната задолженост на Република Македонија, една констатација која многу брзо беше овдека демантирана од страна на многу пратеници. Но тоа е тоа. Со ваков документ, бидете убедени дека не се оди напред. Уште помалку, во нов Милениум.

Во што е прашањето и суштината на оваа цела ситуација, што доаѓа до реконструкција и до потпишување на тој фамозен партиски памфлет. Господинот Тупурковски, со големи амбиции, по поразот на ВМРО-ДПМНЕ на претседателските избори, сметаше дека сега е време, да се преуредуваат внатре партиските односи. И дека сега е шанса да се стави поинаква контрола во системот и функционирањето на државата. Излезе со една платформа, која ја објави во средствата за јавно информирање, каде што пре амбициозно ги стави неколку констатации, со кој апсолутно ние се согласуваме: дека состојбата е катастрофална, дека споредбено со 1998, 1999 година, беше многу полоша во сите димензии, дека Владата падна на испит и не беше успешна, дека има раст на корупцијата и воопшто криминалитетот во земјата, дека не функционира системот и затоа треба да се најде решение. И се заложи за три крупни прашања: Владата во иднина и коалиционите партнери, да се ангажираат, да се стави под контрола, во најмала рака и да се откорне криминалитетот и корупцијата.

Втора задача, да отпочне процесот на реформите во земјата и трето, да се продолжи со демократизација во општеството. За чудо сите овие три објективи, кои и ние би ги прифатиле и би ја поддржале Владата, доколку има такви чесни намери, сега одеднаш стануваат меуров сапун и ништо од тоа. Од проста причина го поставувам прашањето. Како ќе го спроведе тоа ДА, кога во исто време го губи ресорот за внатрешни работи, ресорот за правда, двете основни полуѓи, за контролирање на растот на криминалитетот и корупцијата во државата. Или, како што еден весник пишуваше деновиве, тоа ќе го прави преку Министерството за образование, едуцирајќи ги децата уште од седум годишна возраст. Или заборави на тоа што вети.

Второ, прашањето на реформите. Денеска не знам по кој пат, слушам од премиерот една фраза, која да не е трагична, би била комична, дека наводно Македонија била лидер на реформите во Југоисточна Европа, или Западен Балкан. Каков лидер на реформи господа, кога во исто време, во текот на 1999 година, ние не донесовме ниту еден закон, со мали исклучоци по прашањето на нелојалната конкуренција и некои шминки

и дотерувања во одделни закони.

Само ќе ве потсетам, во текот на 1999 година, Собранието на РМ, се на се донесе 78 закони, од кои 78 закони, дури 50 беа измена и дополнување на постоечката регулатива, со изменување или дополнување на еден или два члена. Или донесе 28 закони нови, од кои дури 10, се закони со кој се задолжува Република Македонија во разните меѓународни финансиски институции, како што е ММФ, Светската банка, Европска банка за обнова и развој и т.н. Од вкупно тие 28 минус, овие 10 со кои понатаму се задолжуваме десетина се пратечки закони, кои се донесуваат при завршната сметка и Буџетот. Или да ги апстрахираме, Законот за амнестија и некои други прашања, како што беа двата Закони за овластување на организации за изготвување на пригодни ковани пари. Кој ние реформи господа ги направивме во 1999 година.

Во планот на демократизацијата на општеството, не треба многу да се биде паметен, да се констатира, каде водат општествените токови во Македонија. Имаме тотално информативна блокада, од страна на медиумите, кои сите подеднакво ги финансираме.

Господине Стојановски, вие сте потпретседател на Владата и сметам дека должите внимание да не ислушате. Ако сакате. Ако не сакате можете да излезете. А доколку сакате да седите во сала, треба да ме ислушате. Среќа е што не сте потпретседател на Влада.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ве молам, немојте со уфрлувања.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Се надевам дека нема да ми упаѓате во збор.

Тој информативен мрак, многу поизразен е, во делот на информирањето на албански јазик. Тотално се ставени под блокада средствата за јавно информирање и печатените и електронските. Само ќе ви наведам еден пример. Партискиот весник "Флака", кој се субвенционира од средства на Владата, но со Буџетот на Република Македонија во кој ние придонесуваме сите, феноменално ја одигрува улогата на еден партиски орган. Само за пример еклатантен, кој што ги има повеќе, ќе го прикажам последниот број, од крајот на кампањата на претседателските избори. Муарем Неџипи на лицето, Муарем Неџипи на опачината. И многу други такви случаи.

Да не продолжувам, со приведување на новинари, приведување на судии, со приведување и упади во разни приватни фирми, со загрозување на приватната сопственост и личната сигурност на граѓаните. Тоа ли се трендовите кон кои треба да одиме понатаму.

Ќе ги упатам граѓаните и јавноста да го читаат последното интервју на сега веќе екс министерот за внатрешни работи. Интервју во кое секој човек ќе најде утеха дека во Владата имало луѓе кои поинаку размислувале, но за жал денеска ги нема. Самиот досегашен член на Владата, клучен министер кој водел клучен ресор во Владата на РМ, доаѓа до загрижувачки констатации по однос на безбедноста и демократските процеси во РМ и тврди дека МВР до крај е партизирана и политизирана институција, во која не се почитува хиерархијата и наредбите на министерот. Но, тој за жал, констатира дека таква ситуација имаме во целата Влада, секаде каде министер и заменик се од различни партии и секој си ги спроведува директивите од својата партиска централа. Затоа денес, не случајно имаме вакви состојби.

Погледнете ги последните броеви на неделниците Денес, Фокус, Старт. Ударни теми на тие неделници се криминалитетот, корупцијата, митото и т.н. Во Македонија денес имате досие, корупција во која точно се набројуваат жариштата на овие криминални дејанија, со цигари, со дрога, со алкохол и др. Во Фокус исти вакви прашања и уште по загрижувачки. Вели скандалозно и американската помош останува во фамилијата Георгиевски. За Старт да не ви зборувам, затоа што тоа веројатно не ви прави многу впечаток. Но тоа е вистината, тоа е реалноста.

Се прашувам што е целта на оваа реконструкција. Целта е да се тргне тој дел на членови на Владата, кои имаат доблест и во таква Влада и во такви коалициони односи да кажуваат работи кои навистина се надвор од било која логика. Спомнаа тука многу пратеници, зошто не е денес на списокот на Владата министерот Камбовски. Зошто? Затоа што се осмели да каже дека начинот на кој се разрешува ДИК е против законски. Се осмели да ја каже вистината со избирачките легитимации и целиот фалсификат за претседателските избори. Се осмели министерот Борис Стојменов да каже дека директорот на Управата за царина, работи надвор од прописите на Министерството за финансии и упатствата на министерот. Дека директорот на Управата за јавни приходи на против законски начин упаѓа во приватните фирми и им нанесува штета во прв план на Владата, но и на стопанството на РМ. И тие работи се познати. И денес што г-динот Стојановски се осмелува да ми уфрла од место, јас ќе му кажам дека еден од учесниците во таа работа е и тој.

Јас имав прилика мој пријател да не може да увезе стока во Македонија, зошто му се бараше рекетарство, односно плаќање против законски, данок на границата и покрај тоа што ги имаше платено сите давачки кон државата. И кога јас му се

обратив на г-динот Стојановски да ме информира зошто таа работа е стопирана кога се легално е платено, г-динот Стојановски, потпретседател на Собранието на РМ ми вели обрати се кај Мендух Тачи. Јас се прашувам кој е директорот на Управата за царини на РМ. Вакви работи господа не можат да се прекутат. Или бидете по парламентарни па не дофрлувајте, или ќе ги отвориме картите и понатаму. Но, ваквите тенденции несомнено ќе доведат до тотална партизација на нај осетливиот сегмент во државата, тоа е МВР, кое ќе има последици, што не ќе може, не четири години следна Влада, туку подолго да ги санира. Тоа е едно.

Второ, откако веќе заврши партизацијата во Управата, во јавните претпријатија, во здравството, во образованието, во културата, во спортот, во верските заедници и што не, сега остана она што е нај чувствителното и во судството и во МВР. Тогаш дури ќе биде забавно но трагично за граѓаните.

И на крај мислам дека целава работа има и една светла точка, што беше спомната и од некои други дискутанти, што сепак во експозето, односно обраќањето на премиерот, најде место и едно многу горчливо прашање за Албанците, а тоа е прашањето на високото образование.

Ние искрено се надеваме дека ова нема да остане само една пишана реченица во ова уводно излагање на премиерот, туку набрзо ќе биде и материјализирано и покрај што се знае дека во Буџетот на 2000 година, не се предвидуваат никакви средства по однос на тоа прашање. Тоа е едно.

Второ, направен е чекор напред што коалициониот партнер од албанска националност сега наместо водење на ресори кои се без влијание, од типот на ресори без инфраструктура, како што беше информации, наука и т.н., сега добива Министерство за правда и тоа е за поздравување.

Но, круна на сето ова, можеби е нај позитивно тоа што конечно од Министерството за образование заминува човек, кој му нанесе толку штета на образованието, што не ќе може со години и децении да се санира. Навистина треба да бидат среќни сите луѓе во областа на образованието, што дотичниот господин заминува од тоа министерство, но нека му ја мислат тие во ресорот каде што оди.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Насер Зибери.

Има реплика потпретседателот на Собранието г-дин Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Не мислам да расправам за култура и образование на колегата Зибери.

Јас до овој момент бев убеден дека навистина има правна наобразба и култура. Меѓутоа мислењето мое било многу штетно и тоа на моја штета, не на негова. Во што се состои тоа?

Ме повика овде да кажам дали г-динот Зибери шверцувал или не. Дали г-динот Зибери се занимава со дозволена и недозволена работа. Дали г-динот Зибери имаше потреба во еден момент да му бидам адвокат или не. Дали г-динот Зибери имаше потреба од сознание што чини и што плаќа и што не плаќа. Дали Зибери имал познаник Мендух Тачи. Јас тврдам дека Мендух Тачи го познавам само по име и презиме од весници, а тој го познава многу поблиску. Тие многу подобро се знаат. Што јас него ќе го праќам кај Мендух Тачи. Тоа е првиот момент.

Вториот момент што е најбитен, г-динот Зибери зошто ме разочара поради непознавање на правото. Тврди за финансиски упад во приватни претпријатија. Да ми донесе урнек некаде од свет каде финансиска полиција има овластување за влегување во државни, а нема во приватни претпријатија или обратно. Ако постои некое такво општество, навистина јас му должам извинување на г-динот Зибери. А ако се понел од својата, да не кажам глупа теорија за упаѓање и весниците каде се говори за некакви упаѓања.

Господа пратеници вие имате правна наука, како основ. Да ви кажам една работа. По нашиот кривичен законик заштитен е домот и само таму може да се говори за упад. И таму треба дозвола. А претпријатијата во кои се ваши директори, во кои цвета криминалот, дојде финансиска или полициска инспекција, тоа не е упад, тоа е прогон на криминалецот.

Нема место каде нема да се гони криминалот. Вие еднаш мора да сфатите и да направите терминолошка разлика, етнологијата да ја најдете каде е зборот упад и влегување. Забранет е упад во стан, а влегување на финансиска полиција е законско право. Таа влегува и ги прегледува финансиските документи, не по избор на г-динот Зибери, кој се занимава со недозволена трговија да се штити за приватна негова куќа.

Ако му беше тоа цел, навистина г-дине Зибери жалам што седиш овде.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Побара реплика г-динот Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Јас навистина нема да се занимавам со културните особини на г-динот Стојановски. Тоа е прво.

Второ, апсолутно не е точно дека јас се занимавам со трговија, уште помалку недозволена. Нека повели г-дин Стојановски, ги има сите полуги на власта, нека провери дали јас се занимавам со тоа.

Но, барам од г-динот Стојановски, нека има доблест, човечка да ми каже, на моето прашање - да се провери возилото тоа и тоа кој ги има подмирено сите давачки спрема државата, зошто 20 дена чека на граничниот премин, не се пушта да помине, не ми одговори дека за тоа прашање треба да се обратам на г-динот Мендух Тачи.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има реплика г-динот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Г-дине Зибери ако стоел некој камион таму 20 дена, знае ли која функција јас ја имам. Јас сум потпретседател на Собрание, имам мировање на адвокатура.

Меѓутоа во царина, ниту сум службеник, ниту имам некакви обврски таму, ниту пак правам. Ако се обратил, значи се обратил на погрешна адреса. Ако нема ништо, зошто вели дека не се занимава со недозволена трговија. Зар за некој пријател ќе ме масира мене 20 дена и ќе биде толку упорен 20 дена да бара заштита.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има реплика Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Дека сум се упатил на погрешна адреса, навистина не сум убедлив оти знам дека Драган Даравелски е син на г-динот Томислав Стојановски.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Г-динот Замир Дика има процедурално прашање.

**ЗАМИР ДИКА:**

Во тие испади, каде што се спомнува личност што не е тука меѓу нас, се договоривме дека треба да се прекине, да им се одземе зборот на тие пратеници или било кои, кои се на овој дом и кои зборуваат за луѓе кои не се тука.

Што се однесува до проблемите со шверцот, сигурно мојот колега многу добро ги знае тие работи, шверцови со нафта и т.н.

Не би сакал повеќе да навлегувам во тоа, се гледа дека ги знае тие работи многу убаво.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има право г-динот Дика, навистина не би требало да се спомнуваат личности кои не се присутни и не можат да одговорат.

Кој знае по кој пат тоа го констатираме, меѓутоа неодминливо е во жарот на расправата да се спомен некое име.

Ве молам понатаму да не се спомнуваат.

Во иднина јас ќе внимавам дали некое име се спомнува, што овде не е присутно.

Г-дине Зибери имате право сега на реплика штом барате.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Нормално, принуден сум штом сум прозван.

Најпрвин спомнувањето на името на неприсутниот овде, беше спомнато во контекст на дискусијата што ја водев со г-динот Стојановски. Тоа е едно.

Што се однесува до овие префрлување за познавање на шверцот, јасно им е на јавноста кој тоа го прави и како го прави.

Навистина не чувствувам потреба со тоа да се занимавам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Да продолжиме со расправата понатаму, затоа што сеуште имаме дискутанти што се пријавиле за дискусија.

Има збор г-динот Настевски.

**КИРИЛ НАСТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе почитувани колеги пратеници, денес имавме прилика да го следевме експозето на премиерот, по повод изборот на Владата и имавме прилика да слушнеме за основните елементи на програмата на Владата.

Но, ако добро го следевме, се добива впечаток дека мандаторот практично објави само неколку значајни црти и карактеристики, по кои ќе работи идната Влада.

За жал и во тоа експозе и во програмата, се зборува за работа на Владата само за една година, односно за 2000-та година, а понатаму што ќе се работи и што ќе биде како да се нема визија. Меѓутоа и во оваа програма на Владата за една година, очигледно има многу битни сегменти, на кои по се изгледа не се предвидува да се работи. Јас ќе спомнам неколку работи во функција на тоа што заправо во програмата не беше предвидено, а за кои сметам дека треба идната Влада во оваа идна година да се позанимава.

Ќе започнам со проблемот на денационализацијата. Познато ни е на сите дека илјадници граѓани на РМ чекаат да биде решено едно огромно прашање, една огромна неправда која му беше нанесена пред повеќе години, со законите за присила, при што им беа одземени и нивните имоти. Меѓутоа, иако се има донесено закон, во кој се потребни определени интервенции, во програмата ние не слушнавме дека Владата во текот на идната година ќе се занимава денационализацијата, а знаеме дека тие граѓани чекаат, на некои тоа дури е им е егзистенционално прашање, меѓутоа како што реков тоа прашање како да станува прашање кое нема да се решава во идната година.

Беше спомнато и прашањето за странските инвестиции, дека тие се зголемени како никогаш досега. Се спомнуваа такви работи и во претходната година, се чека изградба на голем број на капацитети, особено во комплексот Бунарџик, се спомнуваше дека ќе бидат изградени дури и 100 фабрики. Меѓутоа, во програмата за 2000- та година никаде не станува збор за земјишната политика. Како ќе привлекуваме странски инвестиции, како ќе градиме фабрики со странски капитал, а да не се предвидуваат реформи во градежното земјиште. Се уште градежното земјиште се води во сопственост на државата, вистинските сопственици, практично се водат како корисници, односно како поранешни сопственици.

Земјиштето не е во слободен промет, не може да се располага со него, а камо ли да зборуваме за странско лице дека, може да добие земјиште за изградба на објекти. Значи и тоа прашање во идната програма како да е испуштено, а е доста важно прашање таа реформа на градежното земјиште.

Во програмата на Владата за 2000-та година исто така воопшто не е кажан ниту збор за станбената политика. Сведоци бевме на најави на зголемена станбена активност дури се најавуваа станови кои ќе бидат по евтини. Исто така бевме сведоци на препукување кој се е надлежен да ги гради становите, знаеме дека дел од становите требаше да ги гради Агенцијата, а Министерството е надлежно за таа работа, односно преку Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор. И тоа прашање остана не поместено во Програмата, а за така витално прашање мораше барем неколку збора да бидат кажани во оваа Програма за 2000-та година.

Да продолжам со состојбата во животната средина. Исто така во Владината програма не е кажано ниту еден збор како ќе се решаваат прашањата во сферата на животната средина. Знаеме дека тие состојби не се розови, напротив и косовската криза како да ги влоши во одредена средина и како да висат прашањата дека Дојранското Езеро и понатаму ќе умира, дека опасностите од загадувањата на изворот Рашче ќе висат и следните десетина години, дека се уште не се одгонетнати прашањата на сомнителниот отпад, што се истураше по нашите езера. Значи, и за тие прашања остана отворена Програмата и нема ниту еден збор.

Сметам дека на ваков начин покренав еден дел од виталните прашања на граѓаните. Граѓаните овие прашања, со право очекуваат идната Влада да ги земе во предвид и да ги решава, а не да ги одминуваме и инцидентно да ги решаваме.

Затоа предлагам ваков вид на прашања под итно да се земаат во предвид и во најбрз можен рок низ еден вид програми да се излезе пред овој Парламент и да се каже дека за тие прашања Владата ќе се грижи и ќе ги решава во корист на граѓаните. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Кирил Настески.

Има збор г-динот пратеник Биљал Љутфии.

**БИЉАЛ ЉУТФИИ:**

Г-дине претседателе, дами и господа колеги пратеници, апсолутно на почетокот немав намера ниту чувствував потреба да се јавам за дискусија, но повеќе за почит морам да кажам барем неколку реченици, што се однесува до експозето на г. премиер Георгиевски.

Во суштина експозето на г. Георгиевски е добар патоказ, добар концепт како треба да се решаваат постојните проблеми, а посебно во насока на меѓуетничките односи.

Сите сме сведоци за настапот на опозицијата оти слушнавме долги стари дискусии од страна на опозицијата, дискусиите кои на сите ни се познати, познати се и на јавноста во Македонија и надвор од Македонија.

Имам душа да ги разберам колегите од опозицијата оти не е лесно да бидеш на власт 53 години, односно 7 години и така лесно и мирно или најмалку да бидеш конструктивна опозиција. Опозицијата треба на памет да го учи експозето на премиерот, оти го добивме и во писмена форма и ако им се даде прилика после 20 години да владеат, да имаат концепт како треба да владеат.

Концептот на поранешната власт беше скициран концепт по мерка на Шешељ и Милошевиќ.

Лично ќе гласам за новата Влада, убеден дека гласам за нешто ново, за нови луѓе, нови идеи, а историјата на дијалектиката вели дека новото секогаш победува во борба против старото.

На крајот би се задржал малку на дискусијата на дел од опозицијата од колегите од ПДП, а посебно кај шакаџијата Зибери. Да му веруваш на Насер Зибери кога зборува за шверц, исто е колку да му веруваш на ѓаволот кога ја интерпретира Библијата или Куранот.

Тој до крај сака да апсорбира тези на г. Црвенковски, кој во времето на предизборната кампања за претседател на Република Македонија, многу солзи лееше за тоа дека г. Мендух Тачи шверцува, ова е теза на поранешниот премиер Црвенковски и јас го сфаќам г. Зибери, кој сака до крај да биде дисциплиниран ученик на г. Црвенковски, а

за јавноста повеќе, а сите ние го знаеме оти не сме гласале, г-динот потпретседател на ДПА Мендух Тачи, не е ниту директор на царина, ниту заменик на царина, воопшто нема државна функција, тој е потпретседател на ДПА.

Таквите квалификации се злонамерни и воопшто не се чудам што таквите квалификации и клевети излегуваат од устата на Зибери. Таквите зборови кај мене не звучат зачудувачки.

Што се однесува до министрите, би го прашал г-динот Зибери, бевте вие министер за труд и социјална политика, да не бевте некој експерт? Министерот за внатрешни работи г. Чокревски, колку што знам од Универзитетот дојде на Влада на г. Црвенковски. Да не беше некој експерт? Имате право на една замерка на новиот состав на Владата дека, ова не е Влада по фамилијарна мерка, оти г. Зибери беше член на поранешната Влада штитејќи го својот брат и не залагајќи се за правата за проблемите во Република Македонија, особено проблемите во образованието, посебно за образование на албански јазик во РМ, сигурно го наградил г. Црвенковски и тој беше извесно време министер во Владата на РМ.

Ова не беше ништо друго, туку своевиден дилетантизам, догматизам и друго. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на пратеникот Љутфиу.

Реплика побара г. Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Ваква дискусија не заслужува внимание, ниту да ми се реплицира.

Затоа ќе се воздржам, ова е под било какво ниво.

**БИЉАЛ ЉУТФИУ:**

Сигурно дека ваква дискусија не заслужува внимание, оти да се продадеш на јавноста, а особено кај албанската јавност, на начин како сака да се продаде Насер Зибери, не заслужува ниту Биљал Љутфиу, ниту некој што овде ја изнесува вистината. Вистината може би е непријатна, но таа е вистина и таа не се менува по моја желба или по желба на некој друг.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Епа кога веќе го барате г-дине, продадени сте вие што, откако стапнавте во ова Собрание, не смеете ни еден збор да кажете за Албанците. Се продадовте вие што, ниту еден закон не смеевте да му се спротивставите. Се претворивте во една гласачка машинерија. Нека процени јавноста кој се продава.

**БИЉАЛ ЉУТФИУ:**

Што се однесува до тоа што постигнавме ние, јас би рекол не само ние како пратеници Албанци од ДПА, туку вкупно како коалиција нека знае, а за да се види тоа добро на виделина, јас би предложил да бидат овде двајцата премиери, екс премиерот и премиерот Љубчо Георгиевски и Бранко Црвенковски, што му направил на г-динот Зибери Бранко Црвенковски, а што му направил Љубчо Георгиевски на Насер Зибери и на мене. Јас би рекол вториот ништо.

Поранешниот екс премиерот убивал Албанци во РМ, а дека не работи добро оваа Влада односно овој состав на Парламентот коалиционот партнер - Коалицијата за промени, сигурно им оди во прилог на г. Зибери, оти одамна не слушнал пукање на автомати, пиштоли по улиците на Скопје, Бит Пазар, Тетово, Гостивар. Ако ги имаме овие параметри во предвид може да се најде себе Насер Зибери, а воопшто не чувствувам потреба некои закони кои се ставаат овде на дневен ред, апсолутно тоа е точно нема да им се спротивставам на таквите закони, односно Предлог измени на закони, оти процедурата како се ставаат законите на седниците на Парламентот, сите ние ги знаеме. Може да го отруе некој што не ја знае процедурата, се знае во Владата, на собраниските тела, значи на комисиите, па потоа на Собранието. Тој сака да ја наметне на Парламентот таа пракса, но навистина не чувствувам потреба да зборувам многу, некои работи се далеку подобри во Македонија, откако дошла на власт оваа Влада, односно овој нов состав на Собранието.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Затоа што сте работеле вие за оваа година на секој му е јасно, не донесовте ниту еден закон со кој ќе ја подобрите положбата и статусот на Албанците, тоа е веќе јасно.

А, зошто нема тепање сега, нема нормално, нема кој да ги труе учениците, нема кој да бара знаме низ плоштадите во Тетово и Гостивар, нема кој да демонстрира нормално дека нема да има тепање. Обидете се повторно направете ги тие слики, ќе видите какви пендреци ќе јадете повторно од Вашата Влада, како што му се случи на Жанко Чадо во Велес.

**БИЉАЛ ЉУТФИУ:**

Навистина не заслужува внимание, ова се детски зборови, а што се однесува до знамето, треба да се праша себе си, оти донел еден закон кој веќе не постои, а ова Собрание сигурно го има во концепт да ги решава постојните проблеми. Тие сфери кои не се уредувани со закон, да му предложам на Зибери да почека малку ние ќе ги средиме тие работи, а тој да биде мирен и да биде уверен дека ќе ги средиме, оти апсолутно немаме багаж на минатото, ни за корупција, ни за шверц, а ни за идеи од минатиот систем.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Што се однесува до багажот на иднината, точно е дека немате, но го имате багажот на сегашноста и за мито и за корупција и за сите овие работи.

Што се однесува до знамето, ние донесовме закон каков таков и ја легализиравме употребата на тоа знаме. Вашиот коалиционен партнер покрена иницијатива, Уставниот суд ја поништи и тој Закон денеска го немаме. Вие после година и кусур не успеавте ништо да направите и да донесете не подобар, туку таков закон, ние ќе ве поддржиме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас мислам дека со ова веќе расправата заврши.

Збор има г-динот пратеник Хисни Шакири.

**ХИСНИ ШАЌИРИ:**

Дами и господа пратеници, господине претседателе, навистина имаме точка на дневен ред, се знае избор на нова Влада и требаше целата расправа да се одвива по оваа точка. Во конкретниот случај да кажам дека ние како пратеници требаше да се произнесеме по експозето на премиерот г. Љубчо Георгиевски.

Тоа е во интерес на сите граѓани, меѓутоа во конкретниот случај беа отворени многу теми, кои мислам дека е ред да се расчистат некои дилеми, па за некои работи да не се изманипулира јавноста, бидејќи за целата предизборна кампања беше изманипулирана со некои бројки, идеи, изјави дека изборите беа фалсификувани, за претседател на државата на Република Македонија.

Господа, сакам оваа дилема да се расчисти. Меѓутоа, треба да тргнеме од фактите не паушални, не со демагошко однесување, бидејќи јавноста сака да знае точно што се работи и која е вистината.

Имам една информација која ја пишува Министерството за надворешни работи на Република Македонија, факти за националните малцинства во Република Македонија печатено во 1997 година, кога г-динот Насер Зибери беше министер во тоа време. Тука имам некои бројки некои податоци околу националностите.

Меѓутоа, ќе тргнам од еден факт, што е многу битен за јавноста и за многу компетентни луѓе во РМ, кои цврсто кажуваат дека изборите беа изманипулирани во 1999 година за претседател на државата. Тука има една табела во која пишува податоци за учениците во Основното образование по национална припадност, меѓутоа, имам и вкупен број на ученици кој ја посетуваат наставата од I до VIII одделение. Тука пишува 261.000 по години 1992, 1993, скоро се константни се овие бројки, нема промени, па јас ги земам како бројка од 1992 година 261.000. Тука се 8 генерации.

**ХИСНИ ШАКИРИ:** (Продолжение)

Уште десет генерации до наполнување на 18 години, бидејќи знаеме според Уставот на Република Македонија, право на глас имаат само возрасни граѓани на Република Македонија од 18 години нагоре. Значи уште десет генерации. Ако на ова ја додадеме бројката на уште осум генерации, значи уште 261 илјада, тоа значи некаде 522 илјади. Уште две генерации да се додадат, според математичката пресметка се 64 илјади, вкупно се околу 600 илјади деца кои немаат право на глас. А, ние имаме избирачки списоци од 1999 година, според кои гласачкото тело на Република Македонија брои 1.610.000. А колкав е бројот на жителите на Република Македонија?

Тогаш, господине Зибери зошто не сте го расчистиле овој фалсификат? Ова е чист фалсификат. Ако се одбијат 600 илјади од два милиона, колку излегуваат, 1.400.000. Треба да се расчисти овој фалсификат направен за време на владеењето на г. Бранко Црвенковски. Треба да се расчисти овој фалсификат. Ова е чист фалсификат. Еве. Јас не сум го напишал ова. Оваа Информација не е од мој памет, туку од Министерството за надворешни работи. Зошто не се расчистило? Вие како министер во таа Влада, во тој момент, вие сте требале да интервенирате, бидејќи избирачките списоци се направени во времето на владеењето на господинот Бранко Црвенковски. Така е. Само сега зависи каков ќе биде порастот на избирачкото тело по генерации, кои имаат право на глас.

Тука треба до крај да се расчисти оваа дилема и треба да се знае дека од страна на албанското гласачко тело, нема фалсификат. Се знае, тука е математичка бројка. По списоци сите гласале. Кој како гласал, тоа е друго прашање. Не сакам да навлегувам во таа работа.

Меѓутоа, каков беше одзивот на гласачите? Исто така е друго прашање. За кого гласале? И тоа е друго прашање. На тоа прашање не сакам да одговорам.

Меѓутоа, некој сака да го ориентира гласачкото тело да гласа за некој кандидат што тие не сакаат. Сега, штом не гласале за кандидат на СДСМ, ние мора да излегуваме со идејата што беше доста материјализирана дека, целосната изборна постапка е изманипулирана и имало многу нерегуларности.

Каде се тие нерегуларности? Треба со факти да се каже. Зар не е нерегуларност тоа што го направи Врховниот суд, имаме информации дека Врховниот суд не го поништил избирачкото место, каде се најдени повеќе гласачки ливчиња. Не го поништил тоа избирачко место, затоа што имал гласачи

г. Тито Петковски. Тоа се случува во општина Липково.

Колку избирачки места беа поништени? 230. Зар може тоа да се случи во една демократска земја? Значи, луѓето, граѓаните на Република Македонија се делат на категории. Има граѓани кои имаат право на глас, да избираат претседател на држава и има исто така граѓани кои немаат право да избираат претседател на држава.

Оваа работа треба да се расчисти до крај. Не треба да се доведе во една заблуда целата јавност со неточно информирање. Има и доста работи што треба да се дискутираат на оваа седница, меѓутоа знам дека не е на дневен ред.

Повелете, предложете нека биде точка на дневен ред избор на претседател на државата, целата постапка, па ќе констатираме каде што е работата и кој направил фалсификат. Со овие списоци што ги имавме на изборите, не верувам, не може никако да се прифати дека избирачкото тело на Република Македонија е 1.600.000.

Не може тоа да се прифати по овие докази, а Вие тоа треба да го направите, да го демантирате во Владата на Република Македонија, кога бевте член на Владата. Тоа не го направивте, а денеска излегувате со тезата имаше нерегуларности, фалсификување на избори и т.н. Знам дека во општина Липково беа поништени 23 избирачки места. Во третиот круг исто, кога беше повторено гласањето истото избирачко тело е излезено, некаде со минус, некаде со плус.

Тука постојат некои норми, параметри што не може никој да ги надмине. Сега се вели нерегуларности. Од каде? Треба да се констатира точно математички дека тука произлегуваат нерегуларности во ова избирачко место, во оваа изборна единица. И ред други работи што јас не сакам да го користам овој момент и говорницата за многу други работи.

Меѓутоа, отворено барам од вас, да побарате да се стави точка на дневен ред токму ова прашање и да дискутираме сите и на крајот да констатираме каде е вистината. Да не се излегува паушално да се говори на говорницата. Исто и за време на предизборната кампања слушнавме доста изјави дека, е направен овој фалсификат, таму овој, оној и зошто? Било колку пати да се гласаше, ние ги имавме истите резултати. Не можеше да има промени, бидејќи ништо не може со сила, ништо не може некому да наметнеш нешто да прави, надвор од својата волја.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ќе ве молам, малку отидовме подалеку и влеговме во други расправи.

Денеска треба да го разгледаме експозето на претседателот, на мандатарот за состав на новата Влада.

Ќе ве молам да не одиме во вакви расправи.

Господинот Ханџиски бара процедурално, но јас морам да му дадам реплика на г. Зибери.

Господинот Ханџиски сака процедурално, па повелете.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Господине претседателе, јас се имам пријавено за дискусија, меѓутоа се јавив за кратка реплика, затоа што г. Шакири го спомна Министерството за надворешни работи. Не верувам дека, како искусен колега кој беше во парламентарниот состав уште од 1990 година, не знае дека Министерството за надворешни работи нема никаква врска со избирачките списоци и дека тоа е ингеренција на Министерството за правда, на Министерството за внатрешни работи и Заводот за статистика.

Меѓутоа, во врска со исказите што ги даде, посебно на последниот, сакам да укажам на следното, како искусен пратеник многу добро знае кога се правеше пописот во Република Македонија, кога и зошто се повторуваше пописот во Република Македонија, кога се донесе Законот за државјанство, после што се стекнува право на глас и дека не знае дека списоците што се правени, не знам која година, или како што рече во времето на Владата на Бранко Црвенковски, од овие институции што ги спомнав постојано се ажурираа и дека тие работи се целосно расчистени.

Нема никаква потреба и никакви дилеми околу тоа кој ги ажурираше избирачките списоци. Ги ажурираа министерствата на Владата, што пред некој ден даде оставка во која што, колегата Шакири со својата партија е коалиционен партнер.

Според тоа, тие дилеми апсолутно не постојат.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господинот Зибери се јави за реплика, а после г. Шакири ќе има можност да им одговори на двајцата.

Господинот Хисни Шакири има збор, па после г. Зибери.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Се послужив со овој материјал издаден од Министерството за надворешни работи, за цифрите што јас ги наведов таму што се однесуваат на табеларот број 4, колкав е бројот на учениците што ја следат наставата.

Мене ми е сосема јасно дека, избирачките списоци се направени од страна на Министерството за правда. Тука нема дилема. А, околу ова прашање, јас само се

послужив со оваа брошура, материјал издаден од Министерството за надворешни работи на Република Македонија - "Факти за националното мнозинство во Република Македонија" од 1997 година.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ве молам, да не навлегуваме во тие работи.

Господинот Зибери бара реплика, а за повторна реплика се јави г. Ханџиски.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Ве молам, да се почитува редот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Ханџиски повелете.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Само една реченица, знам дека сме сите заморени, но да ја расчистиме дилемата дека, публикацијата на Министерството за надворешни работи, нема ама баш никаква врска со избирачките списоци, легитимации и т.н. Се работи за публикација во која што беа изнесени факти за националностите во Република Македонија.

Затоа, не сакав во таква сврха таа публикација да се злоупотребува.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Шакири само момент, г. Зибери бара реплика.

После ќе добиете и Вие збор.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Мислам дека конечно јас треба да добијам збор.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Шакири ќе имате можност на двајцата да им одговорите.

Веројатно репликата се однесува на Вас.

Г. Зибери најпрво има збор, па потоа вие.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Потписник на овој материјал е г. Љубомир Фрчковски.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ве молам за тишина.

Сите ќе добиете збор.

Има збор господинот Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Ако може конечно да добијам збор, иако одговорот не е актуелен, бидејќи упадна г. Шакири, па г. Ханџиски.

Меѓутоа, и покрај добрата намера да сфатам што сум требал да демантирам, до крај не разбрав, бидејќи не разбрав за што се работи.

Не знам зошто господата од ДПА се толку алергични на нашите констатации дека, на претседателските избори имало нерегуларности. Навистина. Ако се чисти, гајле да немаат што ќе каже Насер Зибери. Тоа е едно.

Второ, ако навистина со нашето признавање ќе престанат овие препукувања меѓу нас на оваа тема, еве со целата желба и расположение мое ќе им го удоволам барањето и ќе кажам пред јавноста - на претседателските избори немало никакви нерегуларности.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Имате право на реплика г. Шакири.

(Реакции во салата).

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Мислам дека, е ред да ме сфати секој па и господинот Насер Зибери.

Многу ми е жал што г. Насер Зибери зборува со устата на СДСМ. Знам дека кандидатот на СДСМ беше и во вториот и во третиот круг. Кандидатот на ПДП не беше ниту во вториот, ниту во третиот круг и кој е интересот на г. Насер Зибери да каже дека, има злоупотреба на гласачкото тело.

Второ, г. Зибери многу е свесен и знае дека во неговото село, колкаво е избирачкото тело и колку гласале. Тој список се знае, ние не го направивме и тука како можат да се направат шпекулации и злоупотреби. Не ми е јасно. Сакам да ја знам таа формула, бидејќи тие можеби ја знаат, а нам не ни е јасно. Доколку и ние можеме тоа да го направиме, би сакал да знам на наредните избори ќе го направиме. Ние го користевме гласачкото тело што има право на глас. Тука нема дилеми. Што треба тука повеќе да се каже.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ве молам да ја прекинеме оваа расправа.

Навистина е бесполезна, не е во согласност со точката од дневниот ред.

Ако сакате господине Зибери да се воздржите од реплика.

Господинот Зибери бара реплика, дајте му, само Ве молам да ја прекинеме оваа расправа, не е во духот на расправата на точката.

Ве молам, вклучете го г. Зибери.

(Реакции во салата).

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Навистина немав намера да реплицирам, меѓутоа навистина ме навредуваат вакви дофрлувања, како јас сум зборувал со јазикот на СДСМ. Ова не е прв пат што го слушам.

Само една работа ќе Ви кажам, со која уста зборува Насер Зибери, јасно е на целата јавност. Насер Зибери и неговата партија им понуди на двата кандидати платформа, врз која требаше да се изјаснат. Откако ниту едниот не ги прифати тие услови

од платформата, Насер Зибери и ПДП кажаа дека нема да го поддржиме ниту едниот кандидат.

Додека Вашата партија, знаејќи дека ниту еден од тие услови не се прифаќа излеговте јавно, трчавте повеќе од самата ВМРО да обезбедите победа на г. Трајковски. Вие зборувате со устата на ВМРО-ДПМНЕ господа, а не Насер Зибери.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас мислам со ова да ја прекинеме расправата.

Одиме понатаму со дискусија.

Реплика побара г. Спасов Ѓорѓи.

(Пратеникот Ѓулистана Марковска бара збор процедурално).

Процедурално, ќе Ве молам, господа пратеници, да се договориме, пред да Ви дадам збор г.

Спасов, да видиме процедурално госпоѓата Ѓулистана Марковска, што има да каже.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Господине претседателе, мене ми е совршено јасно дека и Вие сте заморени и сите ние пратеници.

Меѓутоа, јас Ве молам да се почитува Деловникот, бидејќи со седницата раководите Вие. Право на реплика се има максимум три пати. Максимум. Господинот зборуваше повеќе, четири пати. Сите тие се оддалечуваат од темата за која што говориме денеска. И тоа е деловничка одредба што мора да се почитува. Тема на денешнава седница не се претседателските избори, за жал нивна или за среќа и на претседателот и на сите нас овде, тоа може да го кажат на прес конференција. Како пратеници никој не може да им го оспори тоа право.

Ве молам да продолжиме со работа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Се согласувам со тоа дека малку е оддалечено од темата, последниве дискусии.

Лично да Ви кажам, искрено, не броев дали некој три или четири пати водел реплика.

Но, ако се согласувате, тогаш би можеле.

Дали господине Спасов сакате овде реплика, бидејќи не сте забележани?

Збор има господине Бошков Јордан.

Барате реплика, извинете господине Бошков, господинот Спасов бара реплика.

(Реакции во салата во смисла дека не бил спомнат).

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Во интерес на јавноста, беа спомнати избирачките списоци и улогата на Министерството за правда...

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Не е тоа тема на дневниот ред.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

... во времето кога јас бев министер за правда.

Ве молам, оваа седница се пренесува и јавно ...

(Општо негодување во салата).

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ве молам, избирачките списоци навистина денеска не се на дневен ред.

Оставете ги списоците.

Продолжуваме со дискусија.

Ве молам г. Бошков повелете.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Благодарам г. претседателе.

Најпрво би сакал да го поддржам претседателот на Владата на Република Македонија, затоа што решил да направи нов состав во Владата.

Имено, тоа можеше да биде и порано.

Исто така, воедно сакам да кажам дека за мене ова не е крајот. Потребно ќе биде, не само заради трансформациите во државната управа повторно нова Влада, тоа ќе биде потребно од чисти практични причини и на внатрешно -политички план.

Заслугите на оваа Влада за мене се грандиозни. Има и пропусти, но не сакам да спорам околу тоа. Но, можеби опозицијата во бележењето на пропустите е подобра. Треба да имаме на ум дека бегалската криза е справена, односно средена, тоа е голем поен и,

Второ, имаме сочувана монетарна и економска стабилност, барем онаква каква што беше на почетокот од 1999 година. Тоа се сепак големи поени.

Би посакал да видам кабинет во Република Македонија од 14 члена, што мислам дека е целисходно, но тоа, по кој пат ќе биде изведено, допрва ќе мора да се покаже. Не можам докрај да ги делам решенијата што ги нуди премиерот, иако тука, на гласањето ќе ги поддржам. Имавме кампања, имавме искажувања и против Владата, кампања базирана врз критика на Владата. Тоа беше од претседателскиот кандидат д-р Васил Тупурковски и тој сега сепак станува член на Владата. Мене тоа не ми е сосема јасно.

Исто така, имаме и еден друг член на Владата, г. Боби Спирковски, кој кажа дека градењето пруга кон Република Бугарија ќе било без него. Наша стратешка цел е да се воспостави таква врска. Дали тоа ќе биде трасата преку Крива Паланка или не, тоа е сосема друго прашање. Дали е тоа нецелисходно решение е трето. Ние не можеме да имаме експоненти во нашата извршна власт, кои се залагаат да не се

воспостави железничка врска со Република Бугарија.

Понатаму, сепак сум загрижен од резултатите што ги постигнавме на овие избори во првиот круг и мислам дека за тоа придонесоа посебно некои од министрите и повторно што ги гледам на списокот не ми е мило, ако сакате можете и да чуете за кого станува збор, не кријам, а најмалку ме радува што пред 2000 години со раѓањето Христово, кружат гласини околу гатање и баење. Со тоа мора да расчисти нашиот премиер.

Ви благодарам, јас гласам за Владата.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван претседателе, почитувани господа пратеници, јас мислам дека од изутрина работиме сите заедно овде и мислам дека во една просторија кога си повеќе од 12 саати, психички сме сите заморени и гледате каков револт се ствара во Собранието.

Јас мислам или да ја прекинеме седницата или да продолжиме, или со вакви разговори да прекинеме сите, дајте што треба да се избере...

(Реагирање на пратениците).

Смејте се, смејте се, ова не е за смеење. Мислам дека, ова многу свесно ви го кажувам и многу паметно за сите нас, затоа што целата македонска јавност не гледа. Сите сме заморени, од изутрина работиме, од 12,00 часот сме овде и може некој да погреши, може некој нешто да каже, па затоа ве молам сите во интерес на граѓаните на Република Македонија во интерес на сите пратеници во Парламентот што побрзо да завршиме или да ја прекинеме седницата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас молам, бидејќи на мојот монитор има уште тројца дискутанти, па според тоа да имаме трпение да ги ислушаме и нив и да привршиме со оваа расправа, бидејќи утре треба да расправаме за Буџетот.

Така е наредната седница.

Збор има господинот Мевљан Таири.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, почитувани кандидати за министри, денешната расправа околу новиот состав на Владата е резултат како што и самиот премиер во своето експозе, на резултатите кои што оваа партија ги постигна на последните претседателски избори, што во дел од самото раководство на партијата, во членството се разбира се наиде на двоумење, загриженост околу натамошниот од на партијата.

Да, бидам искрен јас и голем број на истомисленици кои што се надевавме дека оваа Влада сепак ќе има храброст да продолжи со реформите во сферата на меѓунационалните односи, таа наша загриженост со изјавата што ја даде со чинот на постигнување на договор со продолжување на коалицијата, со задоволство констатиравме дека не била основана на вистински претпоставки. По се изгледа дека премиерот и оваа коалициона Влада и понатаму имаат намера храбро да чекорат по патот на реформите во ова сфера и јас се надевам дека тоа ќе биде еден голем придонес за самата држава кон стабилизација, кон подобрување на нејзината положба, бидејќи многу добро е познато, посебно пратениците кои што учествуваат во разни меѓународни институции, дека 80% од извештаите кои што се однесуваат на Република Македонија го третираат прашањето на меѓунационалните односи и македонско - албанските односи. Мислам дека ставањето точка на било кое од овие отворени прашања, ќе биде голем придонес за натамошната демократизација и се разбира кон одот кон европските институции.

Мислам дека, ова е една од причините што сепак кај поголемиот дел од албанскиот електорат, Албанците, сите кои што ги следат движењата во политиката во Република Македонија имаат причини за задоволство. Се разбира има голема доза на скепса како ќе изгледа остварувањето на сите тие најави.

Сепак морам да ви кажам дека, со големо исчекување ги чекаме наредните чекори што ќе ги презема Владата во третманот на овие прашања, посебно на високото образование, кое што станува една од причините по кои што се добиваат или губат изборите. Мислам дека, мојот колега господинот Ризван Сулејмани беше во право, а јас се надевам дека полека и СДСМ ќе се откаже од овие дежурни теми за добивање на изборите и сепак ќе се свртат кон другите прашања, кои што исто така може и тоа многу успешно да се натпреваруваат за освојување на власта. Играњето со прашањето на тоа кој колку дава на Албанците, кој колку зима, кој колку цврсто ги држи и кој колку ништо не дава, мислам дека сепак на крајот на краиштата ќе бидат многу опасни за тие партии, кои што ги избираат на тоа ниво.

Мислам дека, тие игри час поскоро треба да престанат. Да се повикува некој како што имавме прилика овде да слушнеме дека, со оваа политика на Владата, посебно на делот на меѓунационалните односи, се загрозуваат државните и националните интереси на Македонија, мислам дека е една опасна теза, теза која што мислам дека имавме прилика долги години station наназад да ја следиме. Тоа е логиката на контролирана криза во Република Македонија во меѓунационалните односи, за да се одржува одредена тензија и да се биде постојано на власт. За среќа 1998 година значеше, според

мое лично мислење еден одговор кон таа политика, но со стравуваше и со жалост можеби да констатираме дека, сепак ова нео - националистичка политика, која што беше промовирана во текот на 1999 година, посебно на парламентарните избори, сепак вроди со плод и предизвика одредено поместување на македонскиот дел на електоратот. Но, поместувањето во албанскиот дел од електоратот беше уште позначително и одговорот кој што го дадоа Албанците на една таква политика е резултатите кои што се постигнаа на претседателските избори.

Затоа јас повикувам и се надевам, денешните дискусии упатуваат на тоа дека сепак ќе се напушти таа политика на занимавање со таа дежурна тема Албанците и нивните права и дека сепак ќе се поддржи Владата, ако има храброст да се нафати со решавање на овие прашања од доменот на меѓунационалните односи.

Една друга погрешна теза овде се развива цело време - дека оваа Влада нема поддршка од народот. Можеби и нема поддршка во мнозинството од македонскиот дел од електоратот и тоа предизвикани од ставовите кои што предизвикуваат одредени политички структури, дека со овие концесии што и се прават на Албанците се загрозуваат државните и националните интереси на Република Македонија.

Но, притоа апсолутно не се води сметка за националните и државните, нека бидат, интереси на албанскиот дел на тоа граѓанство. Мислам дека апсолутно се погрешни тие тези, затоа што на крајот на краиштата национални и државни интереси на Република Македонија не се само Македонците и на одредени политички структури, туку и на Албанците, кои што имаат право да ги истакнуваат своите барања и тоа мислам дека се во тек со современите движења и со напорите, со политиката која што Македонија консензуално ја промовира за интеграции во Евроатланските интеграции.

Мислам дека, таа политика не соодвествува со ваквата политика, која што се промовира во меѓунационалните односи. Со жалење констатирам дека таквата политика е присутна и во некои други партии, кандидати кои што изгубија на овие парламентарни избори, упорно инсистираа дека ќе продолжат со една таква политика. Јас мислам дека тие пред се треба да се преиспитаат и во однос на нивното членство во одредени меѓународни политички структури, затоа што со една таква логика немаат место во тие политички структури, каде што владее сосема поинаква логика за решавање на овие отворени прашања.

И, по однос на некои проблеми што се јавуваат овие денови, кои што со право предизвикуваат вознемиреност кај јавноста, јас мислам дека во Република Македонија овие денови се случува нешто што можеби требаше да се случи уште далечната 1990 или 1991 година, а тоа е да се демонтира системот кој што беше и причина за сите овие затегнати односи кои што ги имаме во државата и мислам дека сепак треба храброст да се продолжи во таа насока и до крај да се демонтира системот. Но, не на ваков начин. Не само дека со тоа ќе се направи упад или контрола и ќе се излезе од таму без да заврши целата работа, туку навистина треба да се контролира целиот процес на приватизација. Од каде одредени личности на оваа држава располагаат со толку големи средства, големи износи на пари за да може толку лесно да ги откупуваат тие претпријатија. Било нека биде тоа и Топилницата. Зошто не се занимава никој со тоа, од каде Жанко Чадо толку пари за да може да ја откупи таа Топилница. Тоа е едно многу важно прашање на кое што треба да се занимаваме сите ние тука и полицијата и Управата и банкарството и сите други. Тоа е многу важно прашање на кое што треба да се одговори, а не само тоа дали некој упаднал, иако јас мислам дека тоа е апсолутно несреќен упад. Треба на друг начин. Да се повика господинот и да докаже од каде сите тие големи средства со кои што располага тој и како ја купува таа фабрика. И не само тоа. Целиот процес на приватизација треба да се ревидира и да видиме кој како ги приватизирал и од каде тие пари со кое што е приватизирано целото македонско стопанство. Мислам дека само на тој начин ќе добијат соодветен одговор сите тие кои што евентуално имаат што да кријат од оваа држава.

И би сакал за на крај со задоволство да констатирам дека, сепак таа скепса што јас ја изразив тука при конституирање на првата Влада дека, ДПА односно Албанците во оваа Влада се изиграни, засега јас констатирам дека не се изиграни. Посебно ако се остварат овие најави за затворање на прашањето на Високото образование на Албанците, но ви обрнувам внимание, на прифатлив, задоволителен начин за Албанците, а не некое палијантно решение кое што ќе биде ништо и ќе биде причина за уште поостри конфронтирања. Во тој случај да знаете дека тие партии кои што ќе имаат храброст да го направат, тие ќе ја имаат апсолутната поддршка на Албанците во РМ. Мислам дека ќе можат да сметаат во секое време на гласовите на Албанците.

По однос на тоа, јас навистина го поддржувам г-динот Џафери, кој што во тоа време вели "давам едно Министерство за еден добар закон." Мислам дека е добра прилика да се поздрави тој начин на размислување, било кое Министерство навистина може да се даде за добар закон за Високо образование.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Мевљан Таири.

Збор има г-динот пратеник Благо Ханџиски.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Господине претседателе, почитувани господа кандидати на Влада почитувани колеги, На прагот во новиот Милениум, наместо да се здивне, да се земе замав за одговор на предизвиците пред кои се исправени други цивилизирани народи, наместо да се посветиме на бројнитте прашања кои се од животно знаење за секој поединец и за државата во целина, ние изгледа сеуште сме преокупирани со тоа што кај другите е решено со децении или години наназад.

Затоа по се изгледа нема да се здивне ни во десетте дена што по повод изборот на новата Влада ги даде мандаторот, ниту во деновите што следуваат потоа. Наместо да правиме чекори од по 7 миљи, зашто доцниме речиси во се, ние со голема леснотија изгледа се почесто сме спремни да правиме чекори од по 7 милји, ама наназад. Во досегашната дебата за тоа беа посочени повеќе примери.

Наместо да ги решаваме проблемите што натежнале од сите страни во државата, кај нас се отвораат нови проблеми, нови дилеми и тоа токму таму каде што не смее да ги има. Во овие тешки времиња наместо да се мобилизираат сите потенцијали со кои располагаме, се најдобро го имаме во секоја област, кај нас луѓето се почесто се изолираат, се делат, се жигосуваат, се отстрануваат од работните места, од дејностите во кои што даваме добри и можат да дадат уште подобри резултати. Не знам како се мисли да се излезе од оваа тешка криза, во која по мене од ден во ден без резултати, или без создавање на добра од кои каков - таков благодет ќе почувствува секој граѓанин, секое семејство, а не само поединци. Не знам дали некој помислува на тоа какви се пораките штос е испраќаат до младите генерации со некои од потезите што се преземаат речиси во сите области. За еден дел од младите тие потези, односно тие пораки предизвикуваат апатија, кај друг дел предизвикуваат огорченост, а кај трет дел револт и гнев. А, гневот како што знаете кај младите и не само кај нив, никогаш не водел на добро и најверојатно нема да им излезе на добро ни сега, ако се продолжи со потценувањето на нивните знаења, работливост, самопрегор, полет само за сметка на некоја партиска лојалност или припадност. Тоа што нам ни се случува на овој план го немало и го нема никаде, ни во поблиската ни во подалечната околија.

Не знам како се мисли овој веќе јавно манифестиран револт и гнев да се канализира, да се амортизира или да се трансформира во творечка позитивна енергија, ако се тврди дека новата Влада, од новата Влада треба да се очекува да им влее страв во коските на тие што мислат поинаку, дури и на тие што не се власта, но ете не се против власта.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:** (Продолжение)

Ако е тоа точно, а според изјавите на некои високи претставници на коалицијата е, тогаш од оптимизмот со кој се обиде да не разгали мандатарот пред Нова Година нема ништо. Тие што ја добија довербата да ја водат државата или ќе го напуштат досегашниот курс на непочитување на Уставот, законите, процедурите, оспособеноста на луѓето професионално да работат тоа што знаат да го работат добро, да мислат и пишуваат поинаку. Ако не се напушти курсот на непочитување на достоинството, интегритетот на секој поединец, на неговото семејство или се што се прави на тој план во негативна смисла и тие и ние со нив и заради нив сигурно може да очекуваме нови уште потешки денови на искушенија, не оптимизам, не прогрес, не помирен, по спокоен, побогат живот, кој толку ни треба и по кој толку сите копнееме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на господинот пратеник Благој Ханџиски.

Збор има господинот пратеник Александар Флоровски.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Ќе бидам краток во интерес на времето, а најверојатно после мене некој од СДСМ ќе земе збор. Но, нели не е греда и тоа, може и тоа да се случи.

Се обидов да го сублимиран она што провејуваше скоро во сите дискусии на пратениците на СДСМ и забележав како потточки на кои сигурно треба да се одговори, барем онака како јас ги гледам работите. Што е тоа што од страна на повеќе говорници е говорено тука и кое е доста интересно да се проанализира?

Пред се, терминот партиска држава, за која ја обвинувате денешната власт, власта олицотворена во ликот на ВМРО-ДПМНЕ, ДА и ДПА.

Сакам следното да го кажам, дека во времето на владеењето на СДСМ почнувајќи од судската, извршната и законодавната власт и сето она што значеше вработување, почнувајќи од чистачката па до министерот беа партиски активисти на СДСМ. Сметам дека тоа е добро познато на македонската јавност и дека обвинувањата дека ВМРО-ДПМНЕ гради партиска држава апсолутно не држат, во контекст на она што претходно го спомнав.

Втор интересен момент кој исто така треба да се продискутира е партизација на

министерствата. Очигледната алузија на одредени кадровски решенија во одредени министерства, е тоа што ги погоди пратениците на СДСМ, но сакам следното да го кажам. Еве, ќе спомнам едно министерство, Министерството за внатрешни работи во време на вашиот министер Фрчковски или Чокревски, најверојатно тие министри не беа независни, тоа беа припадници на вашите редови и сето она што значи прв, втор и трет ешалон беа припадници на СДСМ, не беа припадници на ВМРО-ДПМНЕ.

Значи, партизација на министерствата правевте и вие господа, а цело време обвинувате како ВМРО-ДПМНЕ дека ние тоа го практикуваме. Да не говорам за спортот и она што значи последна промена во Кошаркарскиот сојуз на Македонија. Зарем Камчев, Бојков и господинот Љубисав Иванов не ви прифаќаа вам? Ако веќе се манипулира, манипулирајте со аргументи, немојте на памет да говорите. Дека оваа Влада е не демократична, дека се служи со насилни средства, еве ќе почнам од 1992 година: Куклиш, Радовиш, Бит Пазар, Радолиште и уште не знам што. Ни за не разјаснети самоубиства, последното полицијката на пругата во Ѓорче Петров. Зар тоа беше вашата демократична власт? Па и убиството на поранешниот министер Јордан Мијалков. Барем за нас обичните смртници остана неразјаснето. Озвучување на телефони некој спомна тука, како прва фаза, а втора влегување во домовите.

Господа, вие бевте тие кои ги следевте партиските телефони на ВМРО-ДПМНЕ. Вие бевте тие кои ги прислушкувавте телефоните на партиските активисти на ВМРО-ДПМНЕ. Тоа е јавна тајна. Вие бевте тие кои до 1998 година правевте досиеја за членците на ВМРО. Сметам дека господинот Поповски беше присутен со мене на последнава седница на ДБК во МВР, господинот Трајанов таа работа ја потврди. На моите прашања околу досиејата "Книга илеиди", ако добро се сеќавате.

Велите, нема ветување за сузбивање на криминалот. Па не треба да се ветува, треба да се делува господо. Вие ветувавте, а ништо не направивте. На сите укажувања и овде во Парламентот од тогашната опозиција и она што значеше укажување од медиумите, електронските и пишаните. Апсолутно уво не ве болеше.

Дека Владата ги фалсификувала изборите, па вие сте експерти за фалсификување, вие ли ќе говорите за фалсификување? На крај никој не ви е крив што не успеавте да ги придобиете Албанците, кои масовно гласаа за кандидатот на ВМРО-ДПМНЕ. На крај имаше и трет круг. Врховниот суд нели се покажа демократичен, се поништи вториот дел на гласањето, гласавте по трет пат. Резултатот е ист. И дека сите овие проблеми ќе ги решат демократските сили во Македонија, олицетворени во СДСМ. Ова го сфаќам едноставно како виц на столетието, ништо поинаку.

Се покажа голема загриженост околу промена на министрите. Не знам од каде загриженоста на опозицијата околу промената на министри во ВМРО-ДПМНЕ и која е вашата врска со нив, не би сакал да навлегувам ниту да се посомневам во таква работа.

Говореше господинот Зибери за криминалите во оваа Влада. Се надевам дека наскоро ќе имам прилика да видам како е работено, како член на Анкетната комисија, во соодветното министерство кое го водеше. Впечатокот кој го остави овде беше впечаток на Светец, на Ангел. Немам баш такво мислење за вас господине. Имате шанса да ми реплицирате. Заборавајќи при тоа за криминалите на претходната Влада. Доколку ги има оваа Влада, треба да се санкционираат и тие што тоа го прават да се извадат на виделина и да се осудат, без разлика дали припаѓаат на политичката партија ВМРО-ДПМНЕ. Криминалецот си е криминалец, дали припаѓа на СДСМ или на ВМРО мене исто ми се фаќа. Значи, заборавајќи при тоа на криминалните дејанија на претходната Влада, аферите ТАТ, октопод, 'Алфа С" и што знам уште што друго, знаени и не знаени, од кои некои типови дебело се офаjдија.

Ветувања кои не се исполнети - јас претходно спомнав, многу ветувавте, фактички ништо не направивте. Вака, во живо сеќавање ние едно ветување од оваа говорница и "свети СДСМ да биде, ќе одговара според законите на РМ" Очигледно ништо од "свети СДСМ" не остана, затоа што господата се атеисти, не веруваат во Бога.

Нема враќање на штедните влогови - зарем очекувате она што е една деценија крадено преку ноќ да се врати. Нема шанси. Она што најмногу ме погоди како Македонец, дека ВМРО-ДПМНЕ гради некоја политика на анти македонизам. Знаете, прифатливо ми е тоа да го говорат луѓе кои сесрдно се залагаат за формирање на Македонска држава. Но луѓе, кои беа папочно поврзани со поранешната СФРЈ, луѓе кои едноставно не учествуваа на 8 септември на Градскиот плоштад на прославата по повод Референдумот, не сакам да ме убедуваат во такви работи, затоа што апсолутно не држат. Некои беа скриени дома, некои ја фатија јужната граница, плашејќи се од нешто сосема друго.

Има доста други работи кои ги забележав, не сакам да ги спомнувам, затоа што беа кажани од некои наши дискутанти, а и што повеќе да говорам, јавноста добро знае за периодот на вашето работење.

Се надевам дека претседателот ќе ми даде можност за реплика, доколку некој ми реплицира.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Претседателот на никого не му ја одзел можноста за реплика.

Сега има збор господинот Љубисав Иванов - Ѕинго. Веројатно реплика.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ:**

Веројатно господинот дискутант ги побрка работите.

Јас не припаѓам на ниту една друга партија, освен на Социјалистичката партија.

Ако сака да направи трансфер, тоа треба да се плати, нели.

(Во салата настана смеа).

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Збор побара уште господинот Насер Зибери.

(Господинот Александар Флоровски излегува на говорница).

Не се јавивте за збор, господине Флоровски.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Ако може да го повтори тоа, не го слушнав, за некаков трансфер.

Повторете уште еднаш, за да имам можност да реплицирам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро, господине Флоровски, пуштете го господинот Зибери да зборува.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ:**

Има стенографски белешки.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Да ме слуша, и тоа добро, бидејќи очигледно господинот ги помешал работите.

Не е Насер Зибери на власт. Насер Зибери веќе година и пол не е на власт. Ние сме биле аматери во споредба со ова што вие сега го правите господине Флоровски. Досиејата ви се дебели.

Еве, ќе ви кажам, ќе го цитирам твојот министер за внатрешни работи, дебело ви е досието. (Господинот Флоровски се уфрлува од место со зборовите "не, не"). Да, твое и се уште е во оставка, уште новите не се избрани. Твојот министер за внатрешни работи, господине, тврди дека МВР собира, има голем број информации за бизнисот со нафта, нафтени деривати, цигари, кафе, алкохол. Твојот министер, господине, зборува дека со отворањето на пазарот во Косово се воспоставија линиите за продажба на акцизните стоки овде. Најспецифичен е бизнисот со цигари, но и бројните злоупотреби со хуманитарната помош или со се што е сврзано со снабдувањето на Косово. Во бизнисот со цигари се вмешани криминални структури од Грција, Бугарија, Албанија, Македонија, Косово и Црна Гора. Транспортот на цигари со неплатени акцизи стигнува со земјите на Европската Унија, се остваруваат големи разлики и заработените пари се користат за вклучување во нарко бизнисот. (Господинот Александар Флоровски вели од место добро е). Воопшто не е добро, ако мислиш дека е добро. Тоа е едно.

Што се однесува до твоите закани, а оваа закана не ми е последна, ќе те чекам да дојдеш овде со извештај, господине, а за тоа дека можеш да направиш конструкција, подготвен сум со морална и кривична одговорност да одговорам, но не пред тебе и пред сличните. Тоа да ти биде јасно, зашто твојот министер ти тврдам, пак вели - нема човек кој ќе докаже дека сум вмешан во било каква афера, освен ако не се направи сценарио, па да се најдат двајца деликвенти, криминалци, па да се повикуваат како крунски сведоци и да сведочат.

Мислам дека и тоа е можно денес кај нас во Македонија. Така ќе успеете, знам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господинот Флоровски, реплика.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Мислам воопшто нема потреба да се нервира господинот. Јас една работа реков дека, без разлика дали припаѓа на ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ, па и ПДП нека биде, нека одговара според законите. Мислам дека тука се јасни работите и оној текст кој два пати го прочитавте, веќе го имам читано. Толку за потсетување. Јас овде барем она што го кажав јас, не го сфатив како заканување, реков доколку има таква работа, доколку постои. Ако не постои, не сум човек кој прави....

(Господинот Насер Зибери од место вели ова е петти пат). Можеби е шести, не е петти пат, и седми пат ќе биде ако треба. Не сум човек кој прави конструкции, не сум човек кој сака друг да земе на душа. Имам чиста совест за разлика од многу овде.

Друг пат ќе говорам за одредени поврзаности на одредени министерства со одредени градежни фирми и т.н. Здравје боже, живи здрави, ќе се видиме и тогаш, не е моментот сега.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Сега се јавија повторно за збор.

Има збор господинот пратеник Љубомир Поповски.

Процедурално пред тоа господинот Замир Дика има збор.

**ЗАМИР ДИКА:**

Уште еднаш ќе обрнам внимание, пак беше цитирано од некој весник, од тој цитат се добива аргумент и се продолжува на таму и натаму, а ние пак се договоривме дека нема да се занимаваме со цитати од весници, туку ќе се занимаваме со аргументи.

Инаку, кога сум тука само ќе кажам уште нешто за поранешниот министер за внатрешни работи. На пример, тој исто така изјави во еден весник дека на 1 септември ОВК ќе почне акции во Македонија и почнаа оружје да собираат, но тоа не се оствари, значи не било точно.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас уште еднаш ве повикувам да не ги земаме весниците, списанијата, како аргументација, која ќе ја користиме преку оваа говорница. Но, кога вие излегувате, јас не знам со што излегувате и токму затоа јас не можам однапред да ви го одземам зборот, вие веќе почнувате да говорите.

Но, апелирам за во иднина да не се употребуваат аргументите изнесени во списанија, весници и т.н. може да одговорите во истите тие весници и списанија.

Сега има збор господинот пратеник Љубомир Поповски.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

На почетокот би ја коментирал оваа последна реплика на господинот Замир Дика, а по се изгледа вака ако продолжите ќе ни забраните да читаме весници и да гледаме телевизија. Имајте го предвид и тоа.

Инаку, на почетокот да не сфати дека сакам да му реплицирам на господинот Флоровски, тоа не ми е намера, бидејќи очигледно тој врти една иста песна. Мислам дека, така ќе биде и после 3-4 години, доколку успее оваа Влада да ја одржи власта, затоа што и тогаш сигурно ќе биде СДСМ виновен за се во оваа држава, а нема да биде постојната владеачка гарнитура.

Почитувани пратеници, неодминлив е впечатокот дека господинот мандатар, кој не не удоволи со присуство веќе повеќе од 6 часа во оваа сала, а се бира нова Влада, дека сака да не убеди во изминатите 13 месеци тој и не бил на челото на оваа Влада, дека некој друг владеел со Македонија и дека таа ланската Влада не е вистинската за 21-от век, туку оваа што денес се предлага.

Тој само за овие 13 месеци успеа да поднесе оставка и до тука е во право што го направи тоа, бидејќи сигурно самиот констатирал дека работите едноставно не одат, не се подобруваат туку се влошуваат, но тоа јавно не го кажува и не го признава, туку сака уште еднаш да си проба среќата со нов мандат, веројатно за наредните 13 месеци, бидејќи како што самиот кажа дека ќе има уште една реконструкција по локалните избори. Еве зошто мислам дека не му одат работите и ќе бидам многу конкретен и директен.

Да се потсетиме што беше кажано, за што мислам дека во доволна мерка веќе и моите претходни колеги зборуваа, во минатогодишното експозе за состав на тогашната Влада на РМ. Ќе тргнам во делот на надворешната политика, за која мислам малку се кажа. При тоа, во неговото експозе беа спомнати следните така да речам генерални насоки, како и низ кои правци ќе се остварува надворешната политика на РМ. Имено, беше спомнато дека, цитирам:

1. Конкретни постапки и активности за зачленување во Европската Унија;

2. Забрзани подготовки за членство во НАТО;

3. Блиски пријателски односи со соседите;

4. Проширување на односите со сите земји во Европа, Руската Федерација и други вон европски земји;

5. Проширување на односите со партнери од Блискиот, Среден, Далечен Исток, Латинска Америка, Африка и Австралија;

6. Интензивирање на дипломатската активност, укинување на визите за македонските граѓани во поголем дел на други држави.

Сега нормално треба да видиме што се случи со сите овие генерални насоки во изминатите 13-тина месеци, што нормално беа дефинирани од негова страна.

Прво, наместо натамошно продлабочување на односите со Европската Унија на повисоко ниво, ние сме вратени назад во една нова регионална рамка наречена Западен Балкан, како пред фаза на остварување на повисоки облици на соработка со Европската Унија. Тоа е факт, не може никој да го побие. Таа нова рамка се вика “Пакт за стабилност и асоцирање". Тоа значи прво дека овие земји треба да се стабилизираат, а потоа евентуално да се оствари процес на асоцирање со Европската Унија. Со други зборови, тоа значи негативна оценка на Европската Унија за вкупните состојби во државата и во Република Македонија.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:** (Продолжение)

Меѓутоа, најлошото е тоа што за една ваква одлука на Европската унија, односно за еден ваков проект, еден ваков документ, каков што е Пактот за стабилност и асоцирање, никој во државата не е информиран, никој не расправал, никој не се договарал.

Жалосно е, највисокиот законодавен дом, како што е ова Собрание, да не расправа за еден ваков документ, па се плашам дека, дури и Владата и надлежните министерства, не посветуваат некакво поголемо внимание на тој план. Бидејќи, имавме можност пред некој ден да слушнеме прв пат јавно декларирана политичка волја за остварување на Пактот за стабилност и асоцирање од страна на Владата, во на таа вонредна седница, каде што се случила и оставката на самата Влада.

Второ, во врска со засиленото интегрирање во НАТО структурите, јас се уште мислам дека сме во фаза на декларации, а помалку на теренот на вистинските структурни реформи, во македонската армија, што се бараат од НАТО структурите. Дури мислам на психолошки план Владата носи голема одговорност, заради својата не подготвеност, не организираност, збунувачко делување во условите на косовската криза, делимично и таа е фактор на појавеното анти натовско расположение во Република Македонија.

Трето, така наречената заложба за битна избалансирана, регионална и меѓу соседска политика, која беше исто така промовирана во тоа излагање, имаме само потпишување на договорите за соработка со Бугарија, меѓутоа за кои што и нашата пратеничка група се надевам и поголемиот дел на македонската јавност, не ги прифаќа, бидејќи се на штета на Република Македонија и дека тоа од друга страна се прави на едни нерамноправни основи и односи.

Четврто, зборувавте за проширување на односите со Европа, посебно Руската Федерација и другите држави. Па, ноторен факт е дека во половина европски држави, ние моментално немаме никаква дипломатска мисија, ниту некаков претставник. А, да не зборувам за Руската Федерација, каде што повеќе од една година нема амбасадор. Па, за каква промотивна политика за развој на односи со тие половина европски држави, кои се и членки на Европската Унија и за Руската Федерација и т.н., а да не зборувам за заложбите за далечниот и средниот исток, па за Австралија и т.н.

Петто, она што мислам дека е најкарактеристично колку ни јакне, како што сакаат некои да кажат, меѓународната положба на нашата држава во светот. Колку е тој процес на јакнење и подобрување на таа положба го имаме на интензитет, толку повеќе ни се уведуваат визи. Така што, сега од први веќе мораме да одиме во визи во Словенија, во Чешка, јас се надевам набргу и во Бугарија. Според тоа, мислам дека тоа е најсилниот индикатор за положбата меѓународна на нашата држава.

Да не зборувам за ветените билатерални, мултилатерални, регионални иницијативи и акции за меѓусебна доверба и сигурност на Балканот, за некаква балканска конференција за безбедност, соработка и слично од што немаме ништо направено.

На крајот да резимирам по овој дел, угледот на државата опаднат, меѓународната положба влошена, а министерот продолжува и во оваа фаза.

Сега, дозволете, во вториот дел од моето излагање ќе се задржам на излагањето на господинот премиер, кој се однесува на темелните вредности на политичкиот и демократскиот живот во Република Македонија, кои што беа, исто така, во ноември 1998 година промовирани. Тогаш, меѓу другото се кажа, или се прокламираше, цитирам дека "Владата на Република Македонија во духот на европската демократија доследно ќе го практикува системот на поделба на власта на законодавна, извршна и судска. Граѓанското општество во Македонија ќе го градиме врз основа на следните определби", и се спомнува: "независност на судството, негување и развој на меѓуетничките односи, слобода на говорот и печатот, неприкосновеност на сопственоста, слобода на вероисповедувањето, рамноправност на половите".

Но, да тргнеме по ред, нема да се задржам на сите делови, но за некои ќе има и коментар. На пример, што се случува со судството? Имено, тогаш беше искажано, за да се обезбеди по независна позиција на самото судство, меѓу другото Владата сериозно ќе пристапи кон изготвување на посебен, самостоен судски Буџет. Тоа значи стабилно финансирање и т.н.

Втората, тогаш заложба на Владата беше елиминирање на партиски влијанија во кадровската политика во судството. И, еден нов проект така наречен независен обвинител во Република Македонија, кој што треба да ги попречува и одбива злоупотребите на власта.

После една година, можеме да констатираме дека и овој Буџет што утре треба да го гледаме, дека не се предвидува посебен судски Буџет, како еден од основните елементи на независноста на судството, туку и понатаму ќе се работи во сосема не соодветни и не примерни услови за работа на судските институции во нашата држава. Можеби би било по паметно тој кредит од Ексим банка, кој што исто така е ставен на дневен ред, од 30-тина милиони марки, да биде искористен за создавање на пристојни услови за работата на судовите и затворите, отколку тој да биде наменет за МВР, небаре ќе правиме евбијај во Македонија.

Понатаму, оваа година бевме сведоци на флагрантни посегања по самостојноста на извршувањето на судската функција во нашата држава. Типични примери кои што безброј пати беа спомнувани во вечерашнава дискусија, тоа беа обвинувањата и притисоците врз судските органи во Битола, во врска со аферата ТАТ, како и приведувањето на гевгелиските судии во полициски простори, простории на распит, околу причините и мотивите за нивни судски одлуки, во случајот Млаз од Богданци и некои други.

Посебен коментар заслужува однесувањето на премиерот, на добар дел на

членови на Владата, на поедини министри околу коментарите за одлуките кои ги донесе Врховниот суд на Република Македонија, во врска со претседателските избори.

Овие појави и состојби не можат поинаку да се оквалификуваат, туку како партиско, полициско, политички обиди за подјармување на судската власт во Република Македонија. Ваквите упади на владеачката партија наидоа на осуда како надвор од земјата, така и внатре. Дури, беа пропратени и со директни спротивставувања на надлежниот министер за правда. Како резултат на сето ова имаме смена на овој министер за правда. Со други зборови треба да се елеминира факторот кој ги попречува методите на новата револуционерна правда, карактеристична за новите војници на партијата на ВМРО-ДПМНЕ.

Второ, се залагате формално за слобода на говорот или печатот, а тоа беше спомнато во истото ова излагање. Меѓутоа, на дело спроведувате примитивна и на очиглед на сите, сатанизирачка политика спрема некои медиуми, само затоа што се осмелиле да кажат и по некој критички збор за Владата.

Водите административно - инспекциска политика или војна против, на пример, Сител Телевизија, а во последно време и А1 Телевизија, а богами нека му е мисли сега и Фокус и Канал 5.

Тоа го правите, меѓу другото, со два на располагање инструменти, кои ги имате во вашите раце. Тоа е пристрасниот Совет за радиодифузија, кој во некои независни медиуми бара влакно во јајцето, а кај Македонската радио - телевизија не ја гледа талпата во зеницата.

Вториот, тоа се владините субвенции во вид на средства, кои селективно се делат на медиумите во зависност од нивното пристојно однесување.

Трето, спомнувате неприкосновеност на сопственоста, а во секојдневниот живот продуцирате во огромни количини посегања, нарушувања, и атаци врз сопственичкиот интегритет, без разлика дали е тој физички или од интелектуален карактер.

Почнавте со упади во фирми акционерски, завршивте во судските аули, преку новинарски претреси и притвори.

Четврто, се крстите во слободата на вероисповедувањето, а со декрет воведовте веронаука или се обидовте да ја воведите во образовниот систем. Или пак, малите македончиња од Центар Жупа ги терате да учат на не мајчин јазик. Тоа се флагрантни напади врз приватноста, човечките права и слободи.

Според тоа, само со површна анализа, сегментарна на она што е декларирано пред една година, само пред 13 месеци и тоа во одделни сегменти на живеењето, може слободно да се констатира дека имаме сосема спротивни правци во непосредната пракса во овие изминати 13 месеци. И тоа, наместо економски реформи, имаме рецесивни, регресивни процеси во економијата.

Меѓу другото, мислам дека ќе се соочиме со една бескрупулозна распродажба на преостанатото национално - економско благо на државата.

Наместо развој на демократијата, имаме напади на имотната, физичката и интелектуалната сопственост. Имаме напади врз независноста, односно на независните медиуми. Имаме маргинализирање, што е исто така една опасна тенденција, на некои битни институции на политичкиот систем, па мислам еве да го спомнам Народниот правобранител, за сметка на јакнење на структурите на извршната власт. Имаме евидентен процес на линчување на опозицијата политичка во Република Македонија. Пораст на криминалот и корупцијата, со благослов на високи државни функционери. Ќе се соочиме со натамошно напуштање на некои битни национални државни интереси на Македонија и на Македонскиот народ, во овој период што не очекува.

Според тоа, можеме со сигурност да тврдиме дека стратешките точки, кои во наредната година ќе бидат нападнати од новата власт со така наречен позитивен енергенс, ќе бидат следните.

Тоа ќе биде сферата на високото образовани, каде што ќе имаме удар врз автономијата на Универзитетот.

Тоа ќе бидат научните национални институции, кои ќе добијат нов процес на редифинирање и нивно читање на новата национална функција и улога.

Тоа ќе биде судството, тоа ќе биде сторено веќе со новиот партиски состав на Републичкиот судски совет, кој веројатно ќе го имаме во февруари.

Тоа ќе бидат медиумите, особено овие приватните и независните.

И, на крајот, тоа ќе биде мислам Министерството за внатрешни работи, кое што можеме слободно да го прекрстиме во Министерство за внатрешна револуција и рација. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Љубомир Поповски.

Молам, дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Ги молам пратениците и министрите кој што се надвор, да влезат во салата, за да

пристапиме кон гласање.

Преминуваме на избор на Владата на Република Македонија.

Собранието ја избира Владата на Република Македонија со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, со јавно гласање.

Гласањето за избор на Владата се врши по предложениот состав на Владата во целина.

Предложениот состав на Владата го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме. Имате 15 секунди.

72 пратеници гласаа "за" Владата. 2 пратеници се воздржани. 17 пратеници гласаа против.

Според тоа, констатирам дека, Собранието избра Влада на Република Македонија. (Аплауз).

Ќе Ве молам, за претседател на Владата на Република Македонија е избран господинот Љубчо Георгиевски.

За министри кои ќе раководат со одделни министерства се избрани:

1. Академик Никола Кљусев, за министер кој ќе раководи со Министерството за одбрана.

2. Доста Димовска, за министер која ќе раководи со Министерството за внатрешни работи.

3. м-р Џевдет Насуфи, за министер кој ќе раководи со Министерството за правда.

4. Александар Димитров, за министер кој ќе раководи со Министерството за надворешни работи.

5. Никола Груевски, за министер кој ќе раководи со Министерството за финансии.

6. м-р Борко Андреев, за министер кој ќе раководи со Министерството за стопанство.

7. д-р Милијана Б. Даневска, за министер кој ќе раководи со Министерството за трговија.

8. д-р Трајко Славевски, за министер кој ќе раководи со Министерството за развој.

9. Душко Кадиевски, за министер кој ќе раководи со Министерството за урбанизам и градежништво.

10. Тони Поповски, за министер кој ќе раководи со Министерството за животна средина.

11. Боби Спирковски, за министер кој ќе раководи со Министерството за сообраќај и врски.

12. Марјан Ѓорчев, за министер кој ќе раководи со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

13. Бедредин Ибраими, за министер кој ќе раководи со Министерството за труд и социјална политика.

14. д-р Гале Галев, за министер кој ќе раководи со Министерството за образование.

15. Ѓорѓи Боев, за министер кој ќе раководи со Министерството за млади и спорт.

16. д-р Ненад Новковски, за министер кој ќе раководи со Министерството за наука.

17. д-р Драган Даниловски, за министер кој ќе раководи со Министерството за здравство.

18. Љубен Пауноски, за министер кој ќе раководи со Министерството за култура.

19. Џемаил Саити, за министер кој ќе раководи со Министерството за локална самоуправа.

20. м-р Мартин Треневски, за министер кој ќе раководи со Министерството за иселеништво.

21. д-р Вехби Беџети, за министер кој ќе раководи со Министерството за информации.

За министри без ресор се избрани:

д-р Васил Тупурковски,

Аднан Ќахил и

Ернард Фејзулаху.

**САВО КЛИМОВСКИ:** (Продолжение)

Ги молам претседателот на Владата и министрите да дадат свечена изјава.

Ве молам сите да станете.

Текстот на свечената изјава гласи, Ве молам да го повторувате текстот на изјавата.

"Изјавувам дека доверената функција ќе ја вршам совесно и одговорно, ќе се придржувам на Уставот и законите и ќе се борам за заштита на суверенитетот и интегритетот на Република Македонија".

Го молам претседателот и членовите на Владата, односно министрите да го потпишат текстот на свечената изјава.

(Претседателот и министрите го потпишуваат текстот на свечената изјава).

Дозволете ми од името на сите пратеници да им го честитам изборот на претседателот на Владата господинот Љубчо Георгиевски и на министрите и да им посакам успешна работа во извршувањето на за~ дачите кои ги очекуваат во наредниот период, како и успешна соработка со Собранието на Република Македонија, која се надевам ќе биде многу по интензивна.

Истовремено дозволете да им се заблагодарам на досегашните министри кои не се избрани за нивните залагања и да им посакам успех во нивната натамошна активност.

Честитките премиерот ќе ги прими, на еден мал коктел во другата сала.

Ја заклучувам седницата.

(Седницата заврши во 23,50 часот).